

# СОБОРНОСТ

## ОКРУЖНО ПОСЛАНИЕ

*на Светиот и Велик Собор*
*на Православната Црква*
*Крит 2016г.*

*Архиепископот охридски и Митрополит скопски Јован*

## СЛОВО ЗА СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ



## П О Р А К А
## ОД СВЕТИОТ И ВЕЛИК СОБОР

*кон Православниот род*
*и кон секој човек со добра волја*

Периодика на Архиепископијата охридска и Митрополија скопска
година XVI • број 46–48, 2016 • Цена: 120 ден.





*Неговото Блаженство Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован ја претставуваше канонската Црква од нашата татковина, Православната Охридска Архиепископија на Светиот и Велик Собор на Православната Црква, што се одржа на Крит од 17 до 26 Јуни 2016 година*

# СОБОРНОСТ

година XV, број 46–48, 2016

цена: 120 ден.

*Соборност*

периодика на Архиепископијата охридска и Митрополија скопска

*излегува со благослов на*
Неговото Блаженство Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован

*главен уредник:*
Епископ стобиски и Местобљуститель струмички г. Давид

*компјутерска обработка:*
Владимир Барлакоски

*лектура:*
Јулијана Талеска

*редакција:*
настојател Мојсеј (Тодоровски)
презвитер Јордан Марков
Јанинка Невчева
Бранко Трајкоски
Оливера Димовска

*официјална интернет презентација:*
www.poa-info.org
*ел. пошта:*
sobornost@poa-info.org


## СОДРЖИНА


*Окружно послание*
на Светиот и Велик Собор на Православната Црква (Крит 2016г.) 2

*Порака*
од Светиот и Велик Собор 13

*Архиепископ охридски и Митрополит скопски Јован*
За вистинската црковна автономија 17

*Епископ браничевски Игнатиј (Мидиќ)*
За Соборноста на Црквата 21

*Архиепископ охридски и Митрополит скопски Јован*
Слово за Свети Климент Охридски 28

*Архимандрит Порфириј*
Свети Климент, Архиепископ Охридски: Иматијски просветител на Балканот 31

*Епископ стобиски и Местобљуститель струмички Давид*
Климент Охридски - Светител на Вселената, на Ромејството! 35

*Богољуб Шијаковиќ*
Христос како Учител, веронауката како право 39

*Хрисостомос Стамулис*
Светителите и поетите, веројатно… 45

*Димитриј Оболенски*
Византиското влијание врз Источна Европа, прв дел: Климент Охридски 50

*Епископ будимски Данило (Крстиќ)*
Без Причеста не можете ништо! 54

Настани 56



# ОКРУЖНО ПОСЛАНИЕ

## НА СВЕТИОТ И ВЕЛИК СОБОР НА ПРАВОСЛАВНАТА ЦРКВА

*(Крит 2016г.)*

Во името на Отецот и Синот и Светиот Дух

Нашите благодарења му ги упатуваме на Бога, во Троица поклонуван, Кој нѐ удостои да се состанеме во денот на Педесетницата, на едно место, на островот Крит, осветен од Апостолот на народите, Павле, и од неговиот ученик Тит, од „вистинското чедо по заедничката вера“ (Тит 1,4), и со потврда од Светиот Дух, да го завршиме заседавањето на Светиот и Велик Собор на нашата Православна Црква, свикан од Неговата Божествена Сесветост, Вселенскиот Патријарх г. Вартоломеј, во едномисленост со Блаженејшите Претстоители на Најсветата Православна Црква, во слава на благословеното име Негово, и за доброто на Народот Божји и на целиот свет, исповедувајќи заедно со божествениот Павле: „И така, секој човек нека нѐ смета нас за служители Христови и управници на тајните Божји“ (1Кор 4,1).

Светиот и Велик Синод на Едната, Света, Соборна и Апостолска Црква претставува автентично сведоштво на верата во Богочовекот Христос, Единородниот Син и Логос Божји, Кој, преку Неговото воплотување, и преку целата работа на земјата, преку Неговата жртва на крстот, и преку Неговото воскресение, го откри Троичниот Бог како бесконечна љубов. Затоа, во една уста и во едно срце го упатуваме словото на „надежта која е во нас“ (1Петр. 4,15), не само на чедата на нашата најсвета Црква, но, исто така, на секој човек, „на далечните и на блиските“ (Ефес.2,17). „Нашата надеж“ (1Тим.1,1), Спасителот на светот, беше откриен Себе си како „Бог со нас“ (Мат. 1,23) и како „Бог за нас“ (Рим. 8,32), „Кој сака сите луѓе да се спасат и да дојдат во познавање на вистината“ (1Тим. 2,4). Проповедајќи според милоста Божја и не криејќи ја Својата благодетел, според зборовите на Господа „небото и земјата ќе преминат, но Моите зборови нема да преминат“ (Мат. 24,35), „исполнети со радост” (1Јов. 1,4) го благовестиме словото на верата, надежта и љубовта, гледајќи во „денот безвечерен, безвременски наследник и без крај“ (Василиј Велики, Коментар на Шестоднев 2, PG 29,52). Фактот дека „нашето живеалиште е на небесата“ (Филип. 3,20) не го одрекува, туку го зајакнува нашето сведочење во светот.

Во ова го следиме преданието на Апостолите и нашите отци кои го благовестеа Христос, а преку Него и спасоносното искуство на верата на Црквата, богословејќи „рибарски“, односно апостолски кон луѓето од секоја епоха, за да им го пренесат Евангелието на слободата „со која Христос нѐ ос-

лободи“ (Гал. 5,1). Црквата не живее за себе. Таа се принесува за целото човештво, за да се издигне и да го обнови светот во ново небо и нова земја (Откр. 21,21). Според тоа го подава евангелското сведоштво и ги раздава даровите Божји во вселената: Неговата љубов, мир, правда, помирување, силата на воскресението и очекувањето на вечноста.

* * *

## *I.Црквата: Телото Христово, икона на Света Троица*

1. Едната, Света, Соборна и Апостолска Црква е богочовечка заедница според икона на Света Троица, претвкус и живеење на Есхатонот во божествената Евхаристија и откривање на славата на иднината и како постојана Педесетница таа е незамолчлив пророчки глас во светот, присуство и сведоштво на „Царството Божјо кое дошло во сила“ (Марко 9,1). Црквата, како тело на Христос го „собира“ (Мат. 23,37) светот во Него, го преобразува и го напојува со „вода која тече во живот вечен“ (Јован 4,14).

2. Апостолското и отечко предание, следејќи ги востановувачките зборови на Господа и основачот на Црквата на Тајната Вечера со Своите ученици преку тајната на Евхаристијата ја истакна карактеристиката на Црквата како „Тело Христово“ (Мат. 26,26; Марко 14,22; Лука 22,19; 1Кор. 10,16-17 и 11,23-29) и секогаш ја поврзува со тајната на воплотувањето на Синот и Логосот Божји од Светиот Дух и Дева Марија. Во тој дух, секогаш го нагласува неизречивиот однос како на целокупна тајна на божествениот домострој во Христа, со тајната на Црквата, како и тајната на Црквата со тајната на божествената Евхаристија, која континуирано се потврдува во светотаинскиот живот на Црквата преку делувањето на Светиот Дух.

Православната Црква, верна на ова едногласно апостолско Предание и светотаинско искуство, претставува автентично продолжување на Едната, Света, Соборна и Апостолска Црква, како што ја исповедаме во Символот на верата и како што се потврдува преку учењето на отците на Црквата. Така ја чувствува повеќе својата одговорност, не само за автентично доживување на ова искуство од страна на црковното тело, туку и за веродостојното сведоштво на вистината пред целото човештво.

3. Православната Црква во своето единство и католичност е Црква на Соборите, од Апостолскиот Собор во Ерусалим (Дела 15,5-29) до денес. Црквата сама по себе е Собор, востановен во Христа, а Светиот Дух раководен, според апостолското: „зашто на Светиот Дух и нам ни беше угодно“ (Дела 15,28). Преку Вселенските и Помесните собори, Црквата ги благовестела и продолжува да ја благовести тајната на Света Троица, којашто се објави преку воплотувањето на Синот и Логосот Божји. Соборското дело непрекинато продолжува во историјата преку следните Синоди со католичка потврденост, како што е на пример Великиот Собор(879-880) во времето на свети Фотиј Велики, Патријархот константинополски и Великите Собори свикани во времето на свети Григориј Палама (1341, 1351 и 1368), на кои беше потврдена истата вистинска вера, особено вистината за исходењето на Светиот Дух и за човековото учество во Бога преку нестворените божествени енергии. Потоа Светите и Велики Собори одржани во Константинопол: Соборот од 1484 година за поништување на унионистичкиот Флорентски собор (1438–1439), потоа Соборите од 1638г., 1642г., 1672г. и 1691г., за поништување на протестантските мислења, како и Соборот одржан 1872г. поради етнофилетизмот како еклисиолошка ерес.

4. Светоста на човекот е незамислива надвор од телото Христово „кое е Црква” ( Ефес. 1,23). Светоста извира од единствениот Свет. Таа е учество на човекот во Божјата светост во „заедницата на светителите“ како што се објавува во возгласот на свештеникот на божествената Литургија : „Светињата на светите“ и во одговорот на верните: „Еден е Свет, еден Господ, Исус Христос, во слава на Бога Отца. Амин.“ Во тој дух, свети Кирил Александриски нагласува дека Христос „е свет поради природата која ја има, како Бог ...се осветува заради нас во Светиот Дух... Христос тоа го направи заради нас, а не заради Себе си, за од Него и во Негода премине благодатта на осветување на сиот наш род. Тој е Првиот кој ги прими првите осветувања (Коментар на Евангелието според Јован, 11,PG 74,548).

Затоа, според свети Кирил, Христос е нашата „заедничка личност“, за во Неговата сопствена чо-

вечка природа да се рекапитулира целиот човечки род „бидејќи сите бевме во Христа, а заедничката личност на човештвото повторно оживува во него“ (Коментар на Евангелието според Јован, 11, PG 73,157-161). Тој е единствениот извор на човечкото осветување во Светиот Дух. Во тој дух светоста е учествување на човекот како во тајната на Црквата, така и во нејзините свети тајни, со центар во божествената Евхаристија, која претставува „жртва жива, света и благоугодна на Бога“ (Рим. 12,1). „Кој ќе нè одвои од љубовта Христова: жалост, или неволја, или гонење, глад ли, или голотија, опасност ли или меч?” Како што е напишано: „Заради Тебе секогаш нè убиваат; нè сметаат како овци за клање.” Но, во сето ова победуваме преку Оној, Кој нè возљуби. (Рим. 8,35-37). Светителите го овоплотуваат есхатолошкиот идентитет на Црквата како вечно славословие пред земниот и небесниот престол „на Царот на славата“ (Псалм 23,7), изобразувајќи го Царството Божјо.

5. Православната Соборна Црква се состои од четиринаесет помесни, сеправославно признати, автокефални Цркви. Начелото на автокефалијата не може да функционира на штета на начелата на соборноста и единството на Црквата. Имено сметаме дека создавањето на Епископски совети во православната дијаспора составени од сите епископи признати како канонски кои во својата област бидуваат поставени во соодветен совет, кои притоа продолжуваат да припаѓаат на оние канонски јурисдикции на кои до денес припаѓаат, претставува позитивен чекор кон нивната канонска организација, додека нивното доследно функционирање го гарантира почитувањето на еклисиолошките начела на соборноста.

## *II. Мисијата на Црквата во светот*

6. Апостолското делување и проповедањето на Евангелието, познато како мисионерство, спаѓаат во самото јадро на идентитетот на Црквата, како запазување и чување на заповедта Господова: „одете и научете ги сите народи“ (Мт. 28,19). Тоа е здивот на животот којшто Црквата го вдувува во човековото општество и со него го оцрковува светот основајќи секаде нови помесни цркви. Во оваа смисла православните верници се, и мора да бидат апостоли Христови во светот. Оваа мисија не треба да се исполнува наметливо, туку слободно, со љубов и со уважување на цивилизациско-културниот идентитет на поединците и на народите. Во овој обид должни се да учествуваат сите Православни Цркви, со потребното почитување на канонскиот поредок.

Учеството во божествената Евхаристија е извор на апостолската ревност за евангелизација на светот. Учествувајќи во божествената Евхаристија и молејќи се за вселената на свештеното собрание, повикани сме да ја продолжиме „Литургијата по Литургијата“ и да дадеме сведоштво за вистината на нашата вера пред лицето на Бога и на луѓето, делејќи ги даровите Божји со целото човештво, во послушност кон недвосмислената заповед Господова, дадена пред Вознесението Негово: „и ќе ми бидете сведоци во Ерусалим и по цела Јудеја и Самарија и сè до крајот на земјата“ (Дела Ап. 1,8). Зборовите пред светата причест: „се раздробува и се разделува Агнецот Божји, Кој се раздробува, но не се разделува, секогаш се јаде, но никогаш не се потрошува“, покажуваат дека Христос како „Јагне Божјо” (Јн. 1,29) и како „Леб на Животот” (Јн. 6,48) ни се нуди нам како вечна љубов, соединувајќи нè со Бога и меѓусебно. Така Тој нас нè учи да ги раздаваме даровите Божји и самите себе да се понудиме на сите на христолик начин.

Животот на христијаните е нелажно сведочење за обновувањето на сите и на сè во Христа: „... ако некој е во Христа, нова Твар е; старото помина; и сè ново постана“ (2Кор. 5,17). Тоа е воедно повик до сите луѓе на лично, во слобода остварувано, учество во вечниот живот, во благодатта на Господ наш Исус Христос и во љубовта на Бога и Отца, за да ја доживеат во Црквата заедницата на Светиот Дух. „Тајната на спасението е искуство на оние кои сакаат, а не на оние кои се робови на тиранијата“ (Максим Исповедник, Коментар на молитвата „Оче наш“, PG 90, 880). Повторната евангелизација на народот Божји во современите секуларизирани општества, како и евангелизацијата на оние кои сè уште не го запознале Христа, претставува непрекината обврска на Црквата.

## *III. Семејството – икона на љубовта Христова кон Црквата*

7. Нераскинливото единство меѓу мажот и

жената во заемна љубов, Православната Црква го смета за „Тајна голема“ којашто нè упатува на односот на Христа и Црквата (Еф. 5,32), а семејството, коешто произлегува од бракот и претставува единствена гаранција за раѓање и воспитување на деца, го смета за „мала Црква“ (св. Јован Златоуст, Коментар на Посланицата до Ефесјаните, 20, PG 62,143) и му овозможува соодветна пастирска поддршка.

Современата криза во бракот и семејството е последица на кризата на слободата разбрана како одговорност, нејзиното сведување на благосостојбено самоостварување и нејзиното поистоветување со индивидуалната самобендисаност, самодоволност и автономија, губењето на светотаинскиот карактер на соединувањето на мажот и жената и заборавањето на жртвениот етос на љубовта. Современото секуларизирано општество на бракот гледа како основа на чисто социолошки и прагматичен критериум и го смета за едноставен облик на однос меѓу сите други односи кои имаат еднакво право на институционална потврда.

Бракот е црковно насочена работилница на животот во љубовта, и ненадминлив дар на благодатта Божја. „Возвишената рака“ на Бога, „Соединителот“, „невидливо е присутна и ги спојува сопружниците“ со Христа и меѓусебно. Венците коишто се ставаат на главата на младоженецот и невестата при извршувањето на светата Тајна брак упатуваат на жртвената димензија и нивно потполно предавање на Бога и еден на друг. Тие венци се однесуваат и на животот во Царството Божјо откривајќи го есхатолошкото назначување на тајната на љубовта.

8. Светиот и Голем Собор со посебна љубов и грижа се обраќа кон децата и кон сите млади. Во големото шаренило на определувањата на идентитетот на детската возраст, нашата најсвета Црква им дава предност на зборовите Господови: „...Ако не се вратите и не станете како деца, нема да влезете во Царството Небесно“ (Мт. 18,3), а потоа: „...Кој не го прими Царството Божјо како дете, нема да влезе во Него“ (Лк. 18,17),како и на она што го соопштува Спасителот наш за оние коишто ги „спречуваат” (Лк. 18,16) децата да му се приближат и за оние коишто ги „соблазнуваат” (Мт. 18,6).

Црквава на младите не им нуди само „помош“ туку им ја нуди „вистината” на новиот, богочовечки живот во Христа. Младите православни христијани и христијанки должни се да бидат свесни за тоа дека се носители на долговековното и благословено Предание на Православната Црква, а истовремено и негови продолжувачи коишто смело ќе ги чуваат и на динамичен начин ќе ги негуваат вечните вредности на Православието, покажувајќи им на луѓето животодавно христијанско сведочење. Од нивната средина ќе никнат идните служители на Црквата Христова. Младите не се, значи, само „иднината“ на Црквата, туку се и делотворен израз на нејзиниот богољубив и човекољубив живот во сегашноста.

## *IV. Воспитување според Христа*

9. Во наше време, во полето на воспитувањето и образованието се забележуваат нови тенденции во однос на поставените содржини и цели, како по третирањето на детската возраст, улогата како на учителот и ученикот, така и на современото училиште. Доколку образованието се однесува, не само на она што е човекот, туку и на она што треба да биде, само по себе се подразбира дека нашата слика за човекот и за смислата на неговото постоење ќе го одреди и нашето гледиште за неговото образование. Секуларизираниот и индивидуоцентричниот образовен систем, денес доминантен, му создава големи тешкотии на младото поколение, а проблем е и за Православната Црква.

Во средиштето на пастирската грижа на Црквата се наоѓа образованието коешто не е насочено само на развивање на умот, туку и на градење и развивање на целиот човек како психосоматско и духовно битие, во согласност со троединото начало: Бог, човек, свет. Во својот катихетски говор, Православната Црква со љубов и грижа го повикува народот Божји, а посебно младите, свесно и активно да учествуваат во животот на Црквата и негува во нив „најдобар копнеж“ за живот во Христа. На тој начин христоименитата полнота во богочовечката заедница на Црквата наоѓа егзистенцијално упориште и во неа ја доживува воскресенската перспектива на обожувањето по благодат.

## *V. Црквата пред современите предизвици*

10. Црквата Христова денес е соочена со екстремни, па и провокативни изрази на идеологијата на секуларизмот, сместени во политички, културнии општествени правци на развојот.Основниот елемент на идеологијата на секуларизмот секогаш бил, и до денес е останат, целосно автономизирање на човекот во односот со Христа и на духовното влијание на Црквата, и тоа по пат на произволно поистоветување на Црквата со конзервативизмот, како и по пат на историски неоснованото посочување кон неа како на наводна пречка за секој напредок и развој. Во секуларизираните современи општества, човекот, отсечен од Бога, ја поистоветува својата слобода и смислата на својот живот со апсолутна самостојност и необврзаност од вечното негово назначение, што како резултат има низа погрешни сфаќања и намерни погрешни толкувања на христијанското предание. Така, давањето слобода во Христа „одозгора" и напредувањето „во мерката на растот на полнотата Христова" (Еф. 4.13), се смета дека се спротивставува со стремежот на човекот сам себе да се спасува. Саможртвената љубов се вреднува како неспоива со индивидуализмот, додека аскетскиот карактер на христијанскиот етос се оценува како неподнослив предизвик за задоволувањето на поединецот.

Поистоветувањето на Црквата со конзервативноста, неспоива со напредокот на културата, е произволно и злонамерно, бидејќи, свеста на идентитетот на христијанските народи носи неизбришлив печат во долготрајниот придонес на Црквата, не само во нивното културно наследство, туку и во здравиот развој на профаната цивилизација, воопшто, имајќи предвид дека Бог го постави човекот за управител на Божественото создание и Свој соработник во светот. За разлика од современата вера во „човекобогот", Православната Црква го промовира „Богочовекот", како конечно мерило на сè: „Ние не знаеме за обоготворен човек, туку за очовечениот Бог" (Св. Јован Дамаскин, Точно изложување на православната вера, 3,2, PG 94,988). Спасоносната вистина за Богочовекот и за Телото Негово - Црквата, Православието го доживува како вистина за местото и начинот на живот во слободата, како „вистинување во љубовта" (сп. Еф. 4,15), и учество, веќе тука на земјата, во животот на Воскреснатиот Христос. Богочовечкиот карактер на Црквата – кој „не е од овој свет" (Јн. 18,36), но го храни и насочува нејзиното присуство и сведочење „во светот" е неспоив со било кој облик на сообразување на Црквата со светот (сп. Рим. 12,2).

11.Како резултат на современиот развој на науката и технологијата, нашиот живот коренито се менува. Но, тоа што доведува до промена на човековиот начин на живот, бара расудување од негова страна, бидејќи, покрај битните добри страни, какви што се да речеме олеснетиот секојдневен живот, успешно соочување со сериозните болести, и истражувањето на вселената, се соочуваме и со негативни последици од научниот напредок. Имено, постои опасност од манипулирање со човечката слобода, од употреба на човекот како обично средство, од постепено губење на скапоцените преданија, од загана или дури уништување на природната околина.

Науката, по самата своја природа, не располага, за жал, со неопходни средства за заштита и лекување на многу од проблемите, кои ги предизвикува, непосредно или посредно. Научното знаење не ја активираморалната волја на човекот, кој, иако ги знае опасностите, продолжува да постапува како да не знае за нив. Одговор на човечките сериозни егзистенцијални и етички проблеми и на прашањето за вечната смисла на неговиот живот и животот на светот, не може да се даде без духовен пристап.

12.Во наше време широко е распространет восхитот за впечатливиотразвој во полето на биологијата, генетиката и неврофизиологијата на мозокот. Се работи за научни достигнувања, чија широка примена може да предизвика многу сериозни антрополошки и етички дилеми. Неконтролираната примена на биотехнологијата на почетокот, во текот и на крајот на животот, ја доведува во опасност неговата автентична полнота. Човекот, сè поинтензивно, на екстремен и опасен начин, експериментира со сопствената природа. Затоа е во опасност да се претвори во некаква биолошка машина, во безлична општествена единка или во механизам на контролирана мисла.

Православната Црква не може да остане на маргините на дискусијата за толку важни антрополошки, етички и егзистенцијални прашања. Таа се потпира на критериумите кои ги научила од Бога

за да ја покаже актуелноста на православната антропологија, наспроти современото превртување на вредностите. Нашата Црква може и должна е пред светот да ја изрази својата пророчка свест во Исуса Христа, Кој при вочовечувањето го зеде целиот човек и Кој е апсолутен пример на обнова на човечкиот род. Тој ја истакнува светоста на животот и карактерот на човекот како личност од самиот почеток на зачнувањето. Правото на раѓање е прво помеѓу човековите права. Црквата како богочовечка заедница во која секој човек има уникатно битие предодредено за лична заедница со Бога се противи на секој обид за сведување на човекот како објект и негово претворање во мерлива величина. Ниту едно научно достигнување не смее да го навредува достоинството на човекот и неговото божествено предодредување. Човекот не е определен само од неговите гени.

На оваа основа е втемелена биоетиката од православно гледиште. Во епохата во која сликите за човекот меѓусебно се судираат, православната биоетика, наспроти профаните автономистички и стеснети антрополошки гледишта, застапува став дека човекот е создаден според икона и подобие Божјо и дека има вечно назначение. Таа така, со помош на библиската антропологија и духовното искуство на Православието, ја збогатува философската и научната расправа на биоетички теми.

13. Во едно глобално општество, ориентирано кон поседување и индивидуоцентризам, Православната католичка Црква во прв план ја става вистината за животот во Христа и според Христа, живот кој се овоплотува во секојдневниот живот на секој човек преку неговите дела „до вечерта“ (Пс. 103,23). Преку нив тој станува соработник на вечниот Отец, „Ние сме Божји соработници“(1Кор. 3.9) и на Неговиот Син, „Отецот Мој до сега работи и јас работам“(Јн. 5,17). Благодатта Божја ги осветува прекуДухот Свет делата на рацете на човекот, кој соработува со Бога и ги покажува како афирмација на животот и човечкото заедништво. Во овие рамки треба да се смести и христијанското подвижништво, радикално различно од секаков дуалистички аскетизам, кој го отсекува човекот од животот и од другиот човек. Христијанската аскеза и воздржание го поврзуваат човекот со светотаинскиот живот на Црквата и не се однесуваат само на монашкиот начин на живот, туку се обележје на црковниот живот во сите негови појавни облици и претставуваат допирливо сведоштво за присуството на есхатолошкиот дух во благословениот живот на верникот.

14. Корените на еколошката криза имаат духовна и етичка природа, и се кријат во срцето на секој човек. Таа криза во последните векови е сѐ потешка, како последица на разните раздори, предизвикани од човечките страсти: какви што се алчноста, ненаситноста, себичноста, грабливото расположение, и нивните последици за планетата, како што е промената на климата - која веќе наголемо ја загрозува природната околина, нашиот заеднички „дом”. Прекинот на односите помеѓу човекот и творбатае извитоперување на автентичната употреба на созданието Божјо. Решавањето на еколошкиот проблем врз основа на начелата на христијанската традиција бара, не само покајание за гревот на бездушното искористување на природните ресурси на планетата, туку и коренита промена на начинот на мислење и однесување, и аскеза како лек за потрошувачкиот менталитет, за обоготворувањето на потребите и поседувачкиот став кон природните добра. Исто така претпоставува и наша најголема должност, на наредните генерации да им предадеме природна средина во која ќе може да се живее и нејзина употреба според Божјата волја и благослов. Во светите Тајни на Црквата,созданието се афирмира и човекот се закрепнува за да функционира како иконом, чувар и нејзин „свештеник”, кој доксологиски му ја принесува на Творецот – „Твое од Твоите Тебе принесувајќи Ти, за сите и за сѐ“ и така го негува евхаристискиот однос со тварта. Овој православен евангелски и светоотечки пристап, исто така, го свртува нашето внимание на општествените димензии и натрагичните последици од уништувањето на природнатаоколина.

## *VI. Црквата соочена со глобализацијата, појавата на екстремно насилство и миграциите*

15. Современата идеологија на глобализација, којашто без врева се наметнува и нагло се шири, веќе предизвикува силни удари врз економијата и врз општеството во светски размери. Нејзиното

наметнување создаде нови облици на систематска експлоатација и социјална неправда; таа го има испланирано постепеното неутрализирање на препреките од националните, верските, идеолошките и другите традиции кои ѝ се спротивставени, и под изговор на наводно неопходното приспособување на глобалната економија, веќе доведе до слабеење или целосно разградување на општествените придобивки, проширувајќи го јазот помеѓу богатите и сиромашните, минирајќи ја социјалната поврзаност на народите и потпалувајќи нови огнови на глобални тензии.

Спротивно на воедначувањето и неличносната стандардизација која ја промовира глобализацијата, а исто така и спротивно на екстремниот етнофилетизам,Православната Црква ја реферира заштитата на идентитетот на народите и зајакнување на локалниот идентитет. Како алтернативен модел за единството на човештвото, таа ја покажува членоповрзаната организација на Црквата врз основа на еднаквоста на помесните Цркви. Црквата се спротивставува на провокативната закана кон современиот човек и културните традиции на народите, којашто глобализацијата ја вклучува во себе, како и на принципот на „независноста на економијата“ или „економизмот“, односно на оделување на економијата од животните потреби на човекот и нејзина трансформација во цел сама за себе. Таапредлага одржлива економија основана на евангелските начела. Така, со компасот на зборовите Господови: „не само со леб ќе живее човекот“ (Лк. 4,4), Црквата не го поврзува напредокот на човештвото само со зголемувањето на животниот стандард или со економскиот развој, на товар на духовните вредности.

16. Црквата не се меша во политиката во тесната смисла на зборот. Меѓутоа, нејзиното сведоштво е суштински политичко, како грижа за човекот и за неговата духовна слобода. Гласот на Црквата отсекогаш бил препознатлив и секогаш ќе остане едно полезно посредништво на човештвото. Помесните Православни Цркви денес се повикуваат да изградат едно конструктивно сопостоење со секуларната држава и нејзиното владеење на правото во новите рамки на меѓународни односи, во согласност со библиското: „Подајте го царевото на царот, а Божјото на Бога“ (Мт. 22,21). Ова сопостоење треба да ги запази одделните идентитети на Црквата и на државата и да ја осигура нивната искрена соработка, со цел да се зачува уникатната човечка вредност и човековите права кои произлегуваат од неа, како и социјалната правда.

Човековите права се денес во средиштето на политиката, како одговор на современите општествени и политички кризи и потреси,  со цел да се заштити слободата на поединецот. Пристапот кон човековите права од страна на Православната Црква се сосредоточува на опасноста на деградирање на индивидуалното право во индивидуоцентризам и извртената праведност. Ваквото извитоперување е на штета на општествената содржина на слободата и води до произволно претворање на правата во себезадоволувачки побарувања, како и до подигање на опасното поистоветување на слободата со распуштеност на поединецот, до ниво на „универзална вредност“, што ги подрива основите на општествените вредности, на семејството, на религијата, на нацијата, и ги загрозува основните морални вредности.

Така, православното разбирање на човекот му се спротивставува и на надменото обоготворување на индивидуата и нејзините права, и на понижувачкото обезвреднување на човечката личност во современите гигантски структури на економија, општество, политика и комуникација. Православното предание е неисцрпен извор на животни вистини за човекот. Никој не покажал поголема почит и грижа за човекот одошто Богочовекот Христос и Неговата Црква. Основно човеково право е заштитата на начелото на верска слобода во сите негови аспекти – имено: слободата на совеста, верата и богослужбата, и сите поединечни и заеднички изразувања на религиозната слобода, вклучително и правото на секој верник да ги извршува своите верски обврски, непопречено од било која интервенција на власта, како и слободата на религиозните заедници да имаат јавна религиозна поука и предуслови за функционирање на религиозните заедници.

17. Денес сме сведоци на зголемено насилство во името на Бога. Експлозиите на фундаментализам во рамките на верските заедници се закануваат да одведат кон надмоќ на гледиштето дека фундаментализмот ѝ е својствен на самата суштина на феноменот на религијата. Меѓутоа, вистината е де-

ка фундаментализмот како „ревност не по разумот“ (Рим. 10,2) претставува израз на нездрава религиозност. Вистинскиот Христијанин, следејќи го примерот на распнатиот Господ, се жртвува себеси, а не ги жртвува другите, и заради тоа е најстрогиот критичар на фундаментализмот од било кој происход. Искрениот меѓурелигиозен дијалог придонесува да се развие заемна доверба во промоцијата на мирот и помирувањето. Црквата се стреми „вишниот мир“ да биде повеќе почувствуван на земјата. Вистинскиот мир не се постигнува со силата на оружјата, туку само преку љубовта „којашто не го бара своето“ (1Кор. 13,5). Елејот на верата треба да се ползува да ги ублажи и залекува старите рани, а не за да разгори нови огнови на омраза.

18. Православната Црква со болка и молитва ја бележи големата современа хуманитарна криза: распространувањето на насилството и вооружените конфликти; прогонот, егзодусот и убиствата на членовите на верските малцинства; насилното оддалечување на семејствата од нивните огништа; трагедијата на трговијата со луѓе; нарушувањето на основните права на поединците и народите, и присилата за менување на верата. Црквата безусловно ги осудува киднапирањата, мачењата и ужасните погубувања. Го осудува рушењето на храмовите, на верските симболи и на културните споменици.

Православната Црква особено е загрижена за состојбата на христијаните и другите прогонети етнички и религиозни малцинства на Средниот Исток. Особено им упатува апел на властите во тој регион да го заштитат христијанското население – Православните, Древноисточните и другите христијани – кои преживеале во лулката на христијанството. Локалното население – христијаните и другите – имаат неотуѓиво право да останат во своите земји како рамноправни граѓани.

Затоа ги повикуваме сите вклучени страни, без разлика на нивните религиозни убедувања, да работат на помирувањето и на почитувањето на човековите права, пред сè преку заштитата на божествениот дар на животот. Војната и крвопролевањата треба да запрат, да надвладее правдата за повторно да се воспостави мир и да им се овозможи на оние коишто биле протерани да се вратат во огништата на нивните предци. Се молиме за мир и правда во страдалните земји на Африка и во измачената Украина. Соборно го повторуваме и нагласуваме нашиот апел кон оние кои се одговорни: да ги ослободат двајцата епископи киднапирани во Сирија, Павел Yazigi и Јован İbrahim. Се молиме и за ослободување на сите луѓе кои биваат држени во заложништво или во ропство.

19. Современиот и постојано растечки бегалски и мигрантски проблем, поради политички, економски и климатолошки причини треба да биде во центарот на вниманието на целиот свет. Православната Црква отсекогаш се однесувала, и продолжува да се однесува, кон оние што се прогонети, во опасност или нужда, согласно на Господовите зборови: „Гладен бев и Ми дадовте да јадам, жеден бев и Ме напоивте, странец бев и Ме примивте, необлечен бев и Ме облековте; болен бев и Ме посетивте, во затвор бев и дојдовте при Мене“ (Мт. 25,35-36) и „Вистина ви велам: доколку сте го направиле тоа на овие Мои најмали браќа, Мене сте Ми го направиле“ (Мт. 25,40). Низ целото нејзино историско напредување, Црквата се наоѓала на страната на „изморените и обременетите“ (види Мт. 11,28). Никогаш филантропското дело на Црквата не било ограничено само на соодветните добри дела кон оние што имаат потреба и кои страдаат, туку настојувала да ги отстрани и причините коишто создаваат социјални проблеми. „Делото на служењето“ (Еф. 4,12) на Црквата се признава од сите.

Затоа, апелираме најпрво до оние кои имаат моќ да ги отстранат причините кои ја создадоа бегалската криза, да ги преземат сите неопходни позитивни одлуки. Ги повикуваме граѓанските власти, православните верници и другите граѓани на земјите во кои тие побарале и продолжуваат да бараат засолниште, да им ја дадат секоја можна помош, дури и од својот недостаток.

## *VII. Црквата: сведоштво преку дијалог*

20. Црквата покажува чувствителност кон оние коишто се оделиле себе си од заедницата и се грижи за оние коишто не го разбираат нејзиниот глас. Свесна дека претставува живо присуство на Христа во светот, Црквата го преведува божествениот Домострој во конкретни дејствија користејќи ги сите средства кои ѝ се на располагање, за да даде веро-

достојно сведоштво на вистината, во точноста на апостолската вера. Во овој дух на сфаќање на потребата за сведочење и принос, Православната Црква секогаш му давала големо значење на дијалогот, особено на оној со неправославните христијани. Преку тој дијалог, остатокот од христијанскиот свет веќе подобро го знае Православието и автентичноста на нејзиното предание. Исто така знае дека Православната Црква никогаш не прифатила теолошки минимализам, ниту пак дозволила нејзината догматска традиција или евангелски етос да бидат ставени под сомнеж. Меѓухристијанските дијалози му послужијана Православието како можност да ја покаже почитта кон учењето на отците и да даде достоверно сведоштво за автентичното предание на Едната, Света, Соборна и Апостолска Црква. Дијалозите коишто ги води Православната Црква никогаш не значеле, ниту пак сега значат, ниту пак некој пат ќе значат било каков компромис во прашањата на верата. Овие дијалози се сведоштво на Православието, засновано на евангелската порака: „Дојди и види“ (Јн. 1,46), дека „Бог е љубов“ (1Јн. 4,8).

* * *

Во овој дух, Православната Црква во целиот свет, бивајќи пројава на Царството Божјо во Христа, ја живее целата тајна на божјиот Домострој во својот светотаински живот, со Евхаристијата како центар, во којашто не ни нуди храна времена и расиплива, туку самото животворно Тело Владичино, „небесниот Леб“ кој е „лек на бесмртноста, противотров за да не се умре, туку да се живее воБога преку Исуса Христа, кој очиствува и штити од зло“ ( Игнатиј Антиохиски, Послание до Ефесјаните 20, PG 5,756). Божествената Евхаристија го образува највнатрешното јадро и на соборното функционирање на црковното тело, како и автентична потврда на православноста на верата на Црквата, како што објавува и светиот Иринеј Лионски: „Нашето учење е во согласност со Евхаристијата, и Евхаристијата го потврдува нашето учење (Против ересите, 4,18, PG 7,1028).

Така, благовестејќи во целиот свет, според Господовата заповед, и „проповедајќи во Негово име покајание и отпуштање на гревовите кај сите народи“ (Лк. 24,47), ние имаме обврска самите себе си и едни на другите и целиот наш живот, да му го предадеме на Христа нашиот Бог и да се љубиме едни со други, во едномислие исповедајќи го: „Отецот, Синот и Светиот Дух, Троица Едносуштна и неразделна“. Упатувајќи го ова како Собор, кон сите чеда на нашата најсвета Православна Црква во светот, како и кон целата екумена, следувајќи им на светите отци и на соборските установи за зачувување на верата што сме ја примиле од нашите отци и за „запазување на благочестивоста“ во нашиот секојдневен живот, со надеж за „општо воскресение“, го славословиме триипостасното Божество со божествени песни:

***„Отче Седржителу, и Слово, и Духу, во три ипостаси една природа. Натсуштен и надбожествен, во Тебе сме крстени и Тебе те благословуваме во сите векови.“***
*(Пасхален канон, 8. песна).*

† Вартоломеј Константинополски, Претседател
† Теодор Александриски
† Теофил Ерусалимски
† Иринеј Српски
† Даниил Романски
† Хризостом на Нова Јустинијана и на цел Кипар
† Јероним Атински и на цела Елада
† Сава Варшавски и на цела Полска
† Анастасиј Тирански и на цела Албанија
† Ратислав Прешовски, на Чешките земји и на Словачка

**Делегација на Вселенската Патријаршија**

† Леон на Карелија и цела Финска
† Стефан на Талин и цела Естонија
† Старец Митрополит Јован Пергамски
† Старец Архиепископ Димитриј Американски
† Августин на Германија
† Иринеј Критски
† Исаија Денверски
† Алексеј на Атланта
† Јаков на Принцевските Острови
† Јосиф Прикониски
† Мелитон Филаделфиски
† Емануел на Франција
† Никита Дарданелски
† Николај Детроитски

† Герасим на Сан Франциско
† Амфилохиј на Кисамос и Селинос
† Амвросиј Корејски
† Максим Силивриски
† Амфилохиј Адријанополски
† Калистос Диоклиски
† Антониј Јераполски, Поглавар на Православните Украинци во САД
† Јов Телмесоски
†Јован Хариуполски, Поглавар на Патријаршискиот Егзархат за православните парохии со Руска традиција во Западна Европа
† Григориј Ниски, Поглавар на Карпато-руските Православни во САД

**Делегација на Александриската Патријаршија**

† Старец Гаврил Леонтополски
† Макариј на Најроби
† Јона на Кампала
† Серафим на Зимбабве и Ангола
† Александар на Нигерија
† Теофилакт на Триполи
† Сергеј на 'Ртот на Добрата Надеж
† Атанасиј Корински
† Алексеј Картагенски
† Јероним на Муанца
† Георгиј Гвинејски
† Николај Хермополски
† Димитриј Иринополски
† Дамаскин на Јоханесбург и Преторија
† Наркис на Акра
† Емануил на Птолемаида
† Григориј Камерунски
† Никодим Мемфиски
† Мелетиј на Катанга
† Пантелејмон на Бразавил и Габон
† Инокентиј на Бурунди и Руанда
† Хризостом на Мозамбик
† Неофит на Ниери и Кенија

**Делегација на Ерусалимската Патријаршија**

† Бенедикт Филаделфиски
† Аристарх Константински
† Теофилакт Јордански
† Нектариј Антидонски
† Филумен на Пела

**Делегација на Црквата на Србија**

† Јован Охридски и Скопски
† Амфилохиј Црногорско-приморски
† Порфириј на Загребачко-љубљански
† Василиј Сремски
† Лукијан Будимски
† Лонгин Новограчанички
† Иринеј Бачки
† Хризостом Зворничко-тузлански
† Јустин Жички
† Пахомиј Врањски
† Јован Шумадиски
† Игнатиј Браничевски
† Фотиј Далматински
† Атанасиј Бихачко-петровачки
† Јоаникиј Будимљанско-никшички
† Григориј Захумско-херцеговски
† Милутин Ваљевски
† Максим во Западна Америка
† Иринеј во Австралија и Нов Зеланд
† Давид Крушевачки
† Јован Славонски
† Андреј во Австрија и Швајцарија
† Сергеј Франкфуртски и во Германија
† Иларион Тимочки

**Делегација на Црквата на Романија**

† Теофан на Јаши, Молдавија и Буковина
† Лаврентиј на Сибиу и Трансилванија
† Андреј на Вад, Фелач, Клуж, Алба, Крисана и Марамура
† Иринеј на Крајова и Олтенија
† Јован Темишварско-банатски
† Јосиф во Западна и Јужна Европа
† Серафим во Германија и Средна Европа
† Нифон на Тарговиште
† Иринеј на Алба Јулија
† Јоаким на Роман и Бакау
† Касијан Долнодунавски
† Тимотеј Арадски
† Николај во Америка
† Софрониј на Орадеа
† Никодим на Стрехаја и Северин
† Висарион на Тулсеа
† Петрониј на Салај
† Силуан во Унгарија
† Силуан во Италија

† Тимотеј во Шпанија и Португалија
† Макариј во Северна Европа
† Варлаам на Плоештиј, Помошен Епископ на Патријархот
† Емилијан на Ловиштиј, Помошен Епископ на Римничкиот Архиепископ
† Јован Касијан на Вичина, Помошен Епископ на Архиепископот во Америка

**Делегација на Црквата на Кипар**

† Георгиј Пафоски
† Хризостом Китијски
† Хризостом Кириниски
† Атанасиј на Лемесу
† Неофит на Морфу
† Василиј на Константија и Амохостос
† Никифор на Кикос и Тилирија
† Исаија на Тамасос и Орини
† Варнава Тримитунтски и на Лефкара
† Христофор Карпасиски
† Нектариј на Арсиноја
† Николај Аматиски
† Епифаниј на Лидра
† Леонтиј Хитронски
† Порфириј Неаполски
† Григориј Месаориски

**Делегација на Црквата на Грција**

† Прокопиј на Филипи, Неаполис и Тасос
† Хризосотом Перистериски
† Германос Илијски
† Александар на Мантинеа и Кинурија
† Игнатиј на Арта
† Дамаскин на Дидимотихос, Орестијада и Суфлиј
† Алексеј Никејски
† Јеротеј Навпактски и на Свети Власиј
† Евсевиј на Самос и Икарија
† Серафим Касторијски
† Игнатиј на Димитрија и Алмира
† Никодим Касандријски
† Ефрем на Идра, Спеца и Егина
† Теолог на Серес и Нигрита
† Макариј на Сидирокастро
† Антим Александруполски
† Варнава Неаполски и Ставрополски
† Хризостом Месинијски
† Атинагора на Илиа, Ахарна и Петруполи
† Јован на Лангада, Лита и Рентина
† Гаврил на Нова Јонија и Филаделфија
† Хризостом на Никополис и Превеза
† Теоклит на Јерисос, Света Гора и Ардамери

**Делегација на Црквата на Полска**

† Симон на Лодзин и Познан
† Авел на Лублин и Холм
† Јаков на Бјалисток и Гдањск
† Георгиј на Семјатиче
† Пајсиј на Горлице

**Делегација на Црквата на Албанија**

† Јован Корчански
† Димитриј на Аргирокастро
† Николај на Аполонија и Фиер
† Антониј Елбасански
† Натаниел Амантијски
† Астиј на Билис

**Делегација на Црквата на Чешките Земји и Словачка**

† Михаил на Прага
† Исаија на Сумпрек

† Јеремиј на Швајцарија, раководител на Сеправославниот Секретаријат на Светиот и Велик Собор



ПОРАКА

# ОД СВЕТИОТ И ВЕЛИК СОБОР

*кон Православниот род и кон секој човек со добра волја*

Го пееме и славиме Бога на „милосрдието и на секоја утеха" бидејќи нѐ удостои да се собереме во седмицата на Педесетницата (18 - 26 Јуни 2016 год.), на Крит, каде што Апостолот Павле и неговиот ученик Тит го проповедаа Евангелието во првите години од животот на Црквата. Му благодариме на Бога во Троица зашто благоволи да ги завршиме во еднодушност работите на Светиот и Велик Собор на Православието, кој го свика Вселенскиот Патријарх г.г. Вартоломеј со едногласно мислење на Претстоителите на помесните Автокефални Православни Цркви.

Верно следејќи го примерот на Апостолите и на богоносните Отци, повторно го проучивме Евангелието на слободата „со која Христос нѐ ослободи" (Гал. 5. 1). Темел на нашето теолошко истражување беше сигурноста дека Црквата не живее за самата себе. Го предава сведоштвото на Евангелието на благодатта и вистината, и ѝ ги нуди на целата вселена даровите Божји: љубовта, мирот, правдата, помирливоста, силата на Крстот и на Воскресението и очекувањето на вечноста.

**1)** Основно првенство на Светиот и Велик Собор беше покажувањето на единството на Православната Црква. Основано на божествената Евхаристија и Апостолското Преемство на Епископите, постоечкото единство потребно е да се засилува и да донесува нови плодови. Едната, Света, Соборна и Апостолска Црква е богочовечка заедница, предвкус и живот на Есхатонот во Божествената Евхаристија. Како една трајна Педесетница, таа е нестишлив пророчки глас, присуство на сведоштвото на Царството Божјо на љубовта. Верна на едногласното Апостолско Предание и мистичното искуство, Православната Црква е автентичен продолжеток на Едната, Света, Соборна и Апостолска Црква, како што се исповеда во Символот на Верата и се потврдува од учењето на Отците на Црквата. Нашата Црква ја живее тајната на божествената Икономија во нејзиниот таинствен живот со центар во божествената Евхаристија.

Православната Црква го изразува нејзиното единство и соборност преку Соборот. Соборноста ја вдахновува организацијата, начинот на кој се донесуваат одлуките и се определува нивниот ток. Автокефалните Православни Цркви не сочинуваат федерација на Цркви, туку Една, Света, Соборна и Апостолска Црква. Секоја помесна Црква која принесува божествена Евхаристија е помесно присуство и објава на Едната, Света, Соборна

и Апостолска Црква. Што се однесува до Православната Дијаспора во различни земји под сонцето, беше одлучено да продолжи функционирањето на Епископските Совети сѐ до спроведување на црковната акривија. Тие се составени од канонски Епископи кои се одредуваат од секоја Автокефална Црква и продолжуваат да ѝ припаѓаат на истата. Доследното функционирање на Епископските Совети го гарантира почитувањето на православното начело и соборноста.

Во работата на Светиот и Велик Собор беше нагласено значењето на Синаксисот на Претстоителите, кој веќе се има одржано, и се формулира предлогот Светиот и Велик Собор да се утврди како трајна Институција.

**2)** Учествувајќи во Божествената Евхаристија и молејќи се за целата икумена, должни сме да ја продолжиме литургијата и после Божествената Литургија и да дадеме сведоштво за верата кон оние кои се близу до нас и до оние кои се далеку, согласно со јасната заповед на Господа пред Неговото Вознесение: „ќе Ми бидете сведоци во Јерусалим и во цела Јудеја и Самарија, и дури до крајот на земјата“ (Д. Ап. 1. 8). Повторната евангелизација на народот Божји во современите секуларизирани општества и евангелизацијата на оние кои сѐ уште го немаат познаено Христа, претставуваат непрекината должност на Црквата.

**3)** Нашата Црква, одговарајќи на должноста да ја сведочи вистината и својата апостолска вера, му дава големо значење на дијалогот, главно со инославните Христијани. На тој начин и останатиот христијански свет ја запознава поточно автентичноста на Православното Предание, вредноста на светоотечкото учење, литургиското искуство и верата на Православните. Дијалозите коишто ги води Православната Црква никогаш не значат компромис по прашањата од верата.

**4)** Експлозиите на фундаментализам, коишто се воочуваат во различните религии, претставуваат израз на болна религиозност. Трезвениот меѓурелигиски дијалог значајно придонесува за развивањето на меѓусебна доверба, мир и помирување. Маслото на религискиот опит треба да се користи за лекување на раните, а не за распалување на огнот на воените судири. Православната Црква целосно ги осудува ширењето на воеНото насилство, прогоните, изгонувањата и убиствата на членови на верските заедници, принудното менување на верата, трговијата со бегалците, киднапирањата, измачувањата и ужасните погубувања. Го осудува рушењето на храмовите, на верските символи и културните споменици. Особено, ја изразува својата загриженост за состојбата со Христијаните и со сите прогонети малцинства на Блискиот Исток и на други места. Упатува повик кон меѓународната заедница за заштита на месните жители – Православни и други Христијани – како и на сите жители во регионот, кои имаат неотуѓиво право да останат во својата татковина како рамноправни граѓани. Нашиот Собор ги повикува сите кои се вмешани, без одложување да вложат значителни напори за прекинување на воените судири на Блискиот Исток и секаде каде што продолжуваат воените дејства, и враќање на прогонетите во своите домови.

Особено се обраќаме кон моќниците на земјата – да надвладеат мирот и правдата во земјите од каде што потекнуваат бегалците. Ги повикуваме политичките власти, граѓаните и Православните Христијани во земјите каде што унижените бегалци бараат засолниште, да продолжат да им помагаат од својот вишок, и од својот недостаток.

**5)** Современата секуларизација цели да го отуѓи човекот од Бога и од духовното влијание на Црквата, којаштo неоправдливо ја поистоветува со конзервативизмот. Но, западната цивилизација неизбришливо го носи печатот на вековниот придонес на Христијанството. Уште повеќе, Црквата го покажува спасоносното значење на Богочовекот и на Неговото Тело, како место и начин на живот во слобода.

**6)** Во современиот пристап кон бракот, Православната Црква ја смета за неуништлива љубовната врска помеѓу мажот и жената „…таинство големо на Христа и на Црквата“. Исто така, го нарекува „мала црква“ - семејството, коешто произлегува од бракот и претставува единствен гарант за воспитување на децата.

Црквата постојано ја нагласува вредноста на воздржанието. Христијанскиот подвиг коренито се разликува од било каков дуалистички аскетизам, којштo го отцепува човекот од животот и од ближниот. Напротив, го поврзува со мистичниот живот на Црквата. Воздржанието не се однесува само на монашкиот живот. Подвижничкиот етос е карактеристика на христијанскиот живот, во сите негови пројави.

* * *

Светиот и Велик Собор, освен конкретните теми за кои одлучи, накусо ги нагласува следниве онтолошки, клучни, современи прашања:

**7)** во однос на темата на врските меѓу христијанската вера и природните науки, Православната Црква избегнува старателство врз научните истражувања и не зазема позиција во однос на било кое научно прашање. Му благодари на Бога, Којшто на научниците им дарува да откриваат непознати аспекти на божјото Творение. Современиот развој на природните науки и на технологијата донесува коренити промени во нашиот живот. Принесува значајни добродетелства, какви што се олеснувањето на секојдневниот живот, третманот на сериозни болести, олеснување на комуникацијата помеѓу луѓето, истражувањето на вселената итн. Покрај сето ова, има и низа негативни последици, какви што се манипулацијата со слободата, постепена загуба на скапоцените традиции, уништување на природната средина, оспорување на моралните вредности. Научното знаење, колку и да се развива со голема брзина, не ја поттикнува волјата на човекот, ниту дава одговори на сериозни етички и егзистенцијални проблеми при потрагата за смислата на животот и на светот. Овие нешта изискуваат духовен пристап, којшто Православната Црква се обидува да го принесе со Биоетиката, којашто се темели на христијанската етика и на отечкото учење. Истовремено со почитта кон слободата на научните истражувања, Православната Црква укажува и на опасностите, коишто се кријат во извесни научни откритија и го нагласува достоинството на човекот и неговото божествено предназначение.

**8)** Јасно е дека денешната еколошка криза се должи на духовни и етички причини. Нејзините корени се поврзани со ненаситност, алчност и егоизам, коишто водат кон несловесна употреба на природните извори, оптоварување на атмосферата со штетни загадувачи и климатски промени. Христијанското соочување со проблемот изискува преумување за злоупотребите, воздржание и аскетски етос, коишто претставуваат противдејство на преголемата потрошувачка; истовремено, пак, кај човекот ја култивира свеста дека е „домостроител“, а не владетел на творението. Црквата не престанува да нагласува дека идните поколенија имаат право на природните богатства, коишто ни ги довери Творецот. Заради таа причина, Православната Црква активно учествува во различни меѓународни обиди од областа на екологијата. Го одреди и 1-ви Септември како ден за молитва за заштита на природното опкружување.

**9)** Наспроти обопштувачко и обезличувачко воедначување, коешто се промовира на најразлични начини, Православието ги проповеда почитта и самобитноста на луѓето и народите. Се спротивставува на одделувањето на економијата од основните потреби на човекот и нејзино претворање во цел сама по себе. Напредокот на човечкиот род не се поврзува само со зголемен животен стандард и економски развој, на штета на духовните вредности.

**10)** Православната Црква не се меша во политиката. Нејзиното слово останува расудувачко, но и пророчко, како должно вмешување за доброто на човекот. Човековите права, денес се наоѓаат во центарот на вниманието на политиката како одговор на современите социјални и политички кризи и потреси, ставајќи го граѓанинот во заштита од произволноста на властите. Нашата Црква, исто така, ги додава должностите и одговорностите на граѓаните, и потребата од постојана самокритика на политичарите и граѓаните за суштинско подобрување на општеството. И, главно, потцртува дека православниот идеал за човекот ги надминува рамките на востановените човечки права, и дека „над сè“ е љубовта, како што ја откри Христос и ја живееја сите кои верно Го следеа. Настојува уште дека основно право е и заштитата на верската слобода, т.е. на слободата на совеста, на верата, на богослужењето и на сите нејзини лични и општествени изрази, вклучително и правото на секој верник и секоја верска заедница да ги извршуваат своите верски потреби, слободни од секакво државно вмешателство, како и правото на јавно поучување на верата.

**11)** Православната Црква се обраќа кон младите, коишто бараат полнота на животот, исполнет со слобода, правда, творештво, но и љубов. Таа ги призива свесно да се соединат со Црквата на Оној, Којшто е Вистина и Живот. Да пристапат принесувајќи му ги на црковното тело својата жизненост, своите немири, проблематизирањата и своите очекувања. Младите не ја претставуваат само иднината на Црквата, но динамичната и творечка сегашност, на помесно и вселенско ниво.

**12)** Светиот и Велик Собор го отвори нашиот хоризонт кон современата многуобразна икумена.

Ја нагласи одговорноста во просторот и времето, секогаш со вечноста како перспектива. Православната Црква чувајќи го недопрен својот Таинствен и Сотириолошки карактер, чувствителна е на болката, на агониите и на криците за правда и мир кај народите. Таа го благовести „ден по ден спасението Негово. Ја објавува кај незнабошците славата Негова, кај сите народи чудесата Негови“ (Псалм 95).

Да се помолиме „Бог на секоја благодат, кој ве повика во својата вечна слава во Христа Исуса, откако малку ќе пострадате, Он и нека ве восоврши, утврди, укрепи, втемели; Нему слава и сила, во вековите на вековите. Амин.“ (1Петар 5. 10,11)

*Следуваат потписите на Претстоителите на помесните Православни Цркви и на Архиерејите учесници на Светиот и Велик Собор, меѓу кои и потписот на Неговото Блаженство Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован.*





АРХИЕПИСКОПОТ ОХРИДСКИ И МИТРОПОЛИТ СКОПСКИ ЈОВАН

# ЗА ВИСТИНСКАТА ЦРКОВНА АВТОНОМИЈА

*(одговор на текстот „Автономија како црковна аномалија”
од митрополитот Наум)*

Пред неколку денови (поточно на 20.03.2016 г.), на интернет страницата на Струмичката епархија на Македонската Православна Црква (МПЦ), која е во раскол со сите Православни Цркви во светот (http://www.mpc.org.mk/MPC/SE/vest.asp?id=6613), излезе текст со наслов: „Автономија како црковна аномалија”, потпишан од митрополитот струмички на расколничката МПЦ, г. Наум. Бидејќи текстот се допира до една од темите за Големиот Собор на Православната Црква што треба да се одржи од 16-27 Јуни 2016 г. на Крит, како православен Архиепископ на територијата на која се протега неговата епархија, не би сакале да ги премолчиме невистините, клеветите и многуте теолошки промашувања изнесени од гореспоменатиот митрополит. Од нашето влегување во единство со Православната Црква во Јуни 2002 г., па сѐ до денес, не сме пропуштиле да дадеме одговор на сите невистини и погрешни учења што се изнесени против нас и Црквата во нашата татковина, било од страна на претставници на расколничката МПЦ, било од владини претставници во Р. Македонија, било од поедини средства за информирање.

Тоа го правиме по пример на отците на Црквата Божја, кои смирено им одговарале на нивните неистомисленици, на расколниците, па дури и на еретиците. Не ги презирале тие своите противници и не се грозеле да ги коментираат нивните теолошки или канонски погрешки, та така, денес ги имаме зачувани делата на поедини еретици само затоа што тие биле во целост цитирани во делата на отците на Црквата.

Бидејќи лично учествувавме во работата на подготвителната комисија за Големиот Собор во делот за восогласување на конечниот текст по темата за црковна автономија, во периодот од 9-ти до 17-ти Декември 2009 г., во Шамбези – Швајцарија, а ова го нагласуваме само за да го доближиме фактот дека конечниот текст по спомената тема студиозно сме го проучувале, во редовите што следат ќе се обидеме да одговориме зошто написот од митрополитот Наум, што е предмет на оваа реакција, го сметаме за еклисиолошко промашување, можеби дури и тенденциозен, па дури и злонамерен.

Некоректно е да се критикува Црквата од позиција надвор од нејзиното тело. Тоа е непристојно дури и од аспект на граѓанска етика, а да не говориме дека е општо познато оти црковните канони не допуштаат да се разгледуваат тужби, поплаки и критики во Црквата, поднесени од луѓе

кои паднале во ерес или раскол. Само оваа причина би била доволна да не одговараме на текстот напишан од митрополитот Наум за кого е познато дека сè уште пребива во раскол. Сигурни сме дека никој во Православната Црква нема да се осврне на тезите изнесени во споменатиот текст, не затоа што тие во некои други прилики не можат да бидат предмет на дискусија, туку затоа што во моментот доаѓаат како грижа за Црквата од луѓе кои се надвор од Црквата. Пред извесно време, Митрополитот сисаниски и сиатиски г. Павле, вака одговори на писмото што архиепископот на МПЦ во раскол, г. Стефан, го упатил до него и речиси до сите Епископи во Православната Црква: „А кога Вас г-дине Стефане Ви испратив писмо, па брзате да ми одговорите? Зошто Вам би Ви испраќал писмо кога не го признавам Вашето црковно постоење, а лажната Црква што ја водите ја доживувам како црковно непостоечка. Кој Ви рекол дека Ве сметам за важна личност, па од Вас да побарам информации?" (http://www.poa-info.org/vesti/2014/08/20140822-srb.html) Овде секако немаме за цел го објавиме одговорот на Митрополитот сисаниски и сиатиски кој во суштина како да е одговор на Стефановото писмо од страна и на сите Епископи во икуменaта. Неговиот одговор впечатливо и сам по себе доволно говори како беше прифатено клеветничкото писмо испратено до многу архиереи во Православната Црква, а од страна на еден архиепископ во раскол.

Во прилика кога би сакале да бидеме коректни само пред канонското и црковно право, ова што до овде го напишавме како одговор на текстот на митрополитот Наум би било сосем доволно. Но, сметајќи дека овде напишаното ќе биде прочитано и од многумина кои веројатно би очекувале одговор на тезите поставени во текстот од митрополитот Наум, ќе се потрудиме систематично и во потполност да ги разобличиме неговите еклисиолошки погрешни тврдења.

Првата погрешка во текстот на митрополитот Наум е неговото тврдење дека „статусот на автономија на една Црква" всушност е „замислен" од претставниците на Меѓуправославната подготвителна комисија. Но, како учесник во таа Меѓуправославна подготвителна комисија, одговорно тврдам дека восогласувањето на конечниот текст околу прогласувањето на автономија одзеде најмалку време од работата на комисијата и помина речиси без забелешки. Тоа, веројатно од единствена причина, што тој текст за автономијата е најсогласен со долговековното предание на Црквата во споредба со сите други текстови што се усвоени од подготвителната комисија.

Во што е восогласеноста со вековното предание? Токму во тоа што текстот е само разработка на основната еклисиолошка појдовна точка која веќе два милениума функционира во Православната Црква, а тоа дека секоја Епископија до извесен степен е автономна Црква. Митрополитот Наум во еден дел од неговиот текст многу површно и за да постигне друга цел го спомнува ова, но тоа е само едниот постулат без кој не може да се гради православна еклисологија. Вториот, кој е рамнозначен, а едниот без другот се недоволни, е тој дека секоја Епископија (може да се нарече и помесна Црква), иако е по структура автономна, не може ниту да се нарече Црква, ако не е во литургиско општење со другите Цркви. Не знам дали од причина да оправда некои состојби на расколот во кој се наоѓа, митрополитот Наум не го споменува овој втор постулат. За да бидеме уште појасни ќе го приложиме следниов пример: Дали некоја епископија во подрачјето на МПЦ, би можела да се нарече Црква, ако нема никакво литургиско општење со ниту една друга епископија во тоа подрачје, или со некоја друга епископија надвор од тоа подрачје? Таа би останала да биде автономна епископија, но таквата од Црквата неприфатена автономија би ја оставила надвор од границите на истата. По аналогија, истиот пример би бил и со една помесна Црква, составена од повеќе Епископии, а притоа да не биде во општење со другите помесни Православни Цркви. Дали таа би можела да се нарече Црква, а притоа да не исполнува еден од двата рамнозначни принципи на православната еклисиологија?

Меѓусебното споменување на Епископите е старо колку што е стара и Црквата. Тоа е потврда дека некоја помесна Црква е прифатена во телото на Црквата и дека има правилно учење со восогласеното православно вероисповедание. Но, кога бројот на Епископите во вселената станал многу голем, и кога би било гломазно да се читаат многу епископски имиња во склопот на Литургијата, се востановила пракса од страна на Епископите на една територија, во почетокот наречена Митрополија да се споменуваат само претседателите на помесните синоди, а претседателите на помесните синоди да се споменуваат едни со други. И таа пракса не е од

вчера, или од 19-ти век, таа пракса е во најмала рака од 4-ти век. Познато е дека неспоменувањето на името на веќе рехабилитираниот за Константинопол, Св. Јован Златоуст, при читањето на диптихот од страна на Александрискиот Патријарх довело до многугодишно неопштење меѓу Константинополската и Александриската Патријаршија. Со еден збор, читањето на диптисите е конститутивен елемент на Литургијата на Црквата. Во дипитхот најпрво ја спомениваме Пресвета Богородица, потоа по ерархиски ред сите светители, а од живите најпрво се споменува претстоителот на помесната Црква на која припаѓаме. Свештенослужителите го споменуваат својот пастиреначалник, а Епископите во една помесна јурисдикција, првиот меѓу нив. Тие сите го споменуваат него (првиот), а тој не ги споменува сите Епископи поединечно, туку ги споменува претстоителите на канонските признати Православни Цркви, според диптихот, и секако го споменува: „секое епископство на православните". Во тоа „секое епископство на православните" се содржи и името на претстоителот на автономната Црква.

Но, споменувањето на имиња на Епископите на Литургијата од страна на претстоителите на помесните Цркви, во никаков случај не може ниту да има потчинување. Тоа што во една помесна Црква сите Епископи го споменуваат првиот меѓу нив поименично, а тој не ги споменува нив поименично, овен кога му сослужуваат, не го прави претстоителот надвластен, а другите Епископи потчинети. Во спротивно, кога тоа би било така би имале друга еклисиологија (римокатоличка), а како што е добро познато, Православната Црква по ниедна цена не би се одрекла од долговековната теолошка пракса на взаемна еднаквост по чест на Епископите. Така е колку што мене ми е познато и во МПЦ. Барем така беше додека јас бев таму, но не верувам дека во меѓувреме, последниве 14 години можело нешто да се промени. Сите епископи на МПЦ го споменуваат нивниот претстоител, а тој не споменува никого поединично, освен кога му сослужуваат. Прави ли со тоа тој еклисиолошка ерес? И дали со тоа што тој не ги споменува епископите на МПЦ поединечно ги потчинува епископите во неговиот синод? Додуша, Стефан од утре може и ја промени ова пракса која ја држи по угледот на другите претстоители на помесните Цркви, па да почне на секоја Литургија да ги споменува поединечно и сите од каталогот на неговиот епископат, но за тоа него му е потребно не повеќе од 5 секунди од литургиското време, согласно на бројот на членови на неговиот епископат. Прашање е колку време би му требало на руските Патријарх, ако тој почне да ги споменува на секоја Литургија сите Епископи од каталогот на Московската Патријаршија?

По однос на варењето на свето миро и примањето на свето миро мислам дека е апсолвирано да се полемизира, особено со еден епископ, па некa е дури и од раскол. Примањето на свето миро не е никакво потчинување, напротив, тоа е видлив знак на единството на Црквата во нејзините тајни. Земањето на свето миро од Константинополската Патријаршија од страна на некои автокефални Цркви сигурно не може да се нарече нивно потчинување. Грчката Православна Црква иако е автокефална Црква редовно зема свето миро од Константинополската Патријаршија, Бугарската Православна Црква редовно, при секое варење на свето миро во Константинополската Патријаршија по свој пратеник испраќа ружино масло, што е една од состојките за приготвување на мирото, но истовремено тоа е знак и на видливото учество на Бугарската Црква во варењето на мирото на Константинополската Патријаршија. Ниту Српската, ниту пак Романската Црква веднаш по прогласувањето на нивната автокефалија не започнале сами да варат миро, туку земале миро од Константинопол. Но, уште еднаш ќе подвлечеме дека во чинот на заедничкото подготвување и земањето на свето миро од една Црква, нема никакво потчинување, првенствено заради фактот што никој никогаш во Православната Црква не го негира, а тоа е дека секој канонски Епископ може со својот клир да подготвува свето миро за црковна употреба. Погрешно е само да се смета, како што тоа го прави митрополитот Наум, дека светото миро кое го подготвува Епископот не било за него, туку било инструмент за контрола на неговото свештенство. Како е можно, светото миро кое го употребува Епископот во чинот на миропомазание да не е за него? Без разлика, дали го зема светото миро од својот претстоител или сам го подготвува, Епископот, покрај тоа што им го разделува на клирот од својата Епископија, истото свето миро го употребува и во случаите кога самиот тој миропомазува. Старата пракса во првите векови, а неа ја задржале римокатолиците, била да миропомазува само Епископот. Но, да не даваме примери

од старо време, ниту да споредуваме како е тоа во другите Православни Цркви, туку да видиме како е во МПЦ. Колку што јас знам, барем така беше до 2002 г., а не верувам дека последниве години нешто се променило, епископите во МПЦ земаа миро од нивниот претстоител кој го подготвуваше мирото на неколку години, а во кој чин на подготвување никогаш не учествуваа баш сите епископи на МПЦ. Дали со тоа што тој им разделува миро на неговите епископи ги потчинува? Јас не знам каков би бил овде одговорот на митрополитот Наум, зашто тој во својот дилетантизам е непредвидлив, па затоа еве да го претпоставиме најконтроверзниот одговор што би можел да го даде, а тоа би бил дека нивниот претстоител навистина ги потчинува епископите од неговата јурисдикција. Единствено по аналогија на тој основ митрополитот Наум може да изведе заклучок дека и земањето на свето миро на автономната Црква од страна на автокефалната би било потчинување. Но, како што дури и на малку упатените во црковната еклисиологија им е познато дека меѓу ерарсите во Православната Црква потчинувањето нема еклисиолишка оправданост, така јасно им е и тоа дека токму по тоа прашање се состои една од суштинските разлики меѓу еклисиологиите на православната и римокатоличката Црква. Завршно кажано, земањето на свето миро од претстоителот на автокефалната Црква во никаков случај не може и не треба да се смета како потчинување и „контрола на автокефалната Црква на административно автономната", како што пишува во неговиот текст митрополитот Наум. Примањето на свето миро од претстоителот на автокефалната Црква, не може и не смее да се разбере никако поинаку отколку како символ на единство не само меѓу автокефалната и автономната Црква, туку како и символ на видливо единство во целата Црква Христова.

На крај, само уште неколку зборови за последната реченица во текстот на митрополитот Наум во која тој изричито констатира дека неправославните учења кои произлегуваат од текстот за прогласувањето на автономија што ќе биде предложен на усвојување на претстоечкиот Голем Собор на Црквата се неприфатливи за МПЦ, и дека епископите од МПЦ немало да потпишат никаков документ што би ги содржел таквите неправославни учења. Тоа дека во самиот текст за доделување на автономија на некоја Црква предвиден за усвојување на Големиот Собор нема никакви погрешни и неправославни учења веќе доволно објаснивме. Тоа дека тој текст ќе биде усвоен на претстоечкиот Голем Собор и тоа без никакви промени е речиси без ризик фактор. А тоа дали епископите на МПЦ ќе прифатат автономен статус според правилата кои се определуваат со тој текст, скромно мислам дека не зависи од нив. Зависи исклучиво од следниот претседател на владата кој треба да им дозволи да потпишат или не, а ако случајно го направат тоа без негова дозвола, ништо не е чудно повторно да бидат понизени да ги повлекуваат своите потписи, како тоа што го направија на Нишкиот договор. За среќа, после Големиот Собор нема да има ниту Нишки, ниту Кумановски договори, ќе има само еден општоважечки текст за прогласување на автономен статус, прифатен од сите Православни Цркви. Тогаш, никој веќе не ќе може да помисли дека Пеќката Патријаршија е единствена која се спротиставува на доделувањето на автокефален статус на МПЦ. За мене нешто друго е многу поболно и посрамно. Тоа, што митрополитот Наум и тие во синодот на МПЦ воопшто не го поставуваат прашањето за потчинетоста на нивниот синод на световните власти во нашата татковина, а поставуваат прашање само за теоретски можното потчинување на автономната Црква на автокефалната. Велам само теоретски, зашто како што погоре видовме, секој вид на теолошки и еклисиолошки поткрепено потчинување во Православната Црква е исклучено, а доколку се случи, тоа многу лесно може да биде преиспитано.

27/14 Март 2016
Недела на Св. Григориј Палама

ЕПИСКОП БРАНИЧЕВСКИ ИГНАТИЈ (МИДИЌ)

# ЗА СОБОРНОСТА НА ЦРКВАТА

*„Верувам во Една, Света, Соборна и Апостолска Црква“*

Исповедањето на верата покажува дека Црквата е СОБОРНА, покрај тоа што е Една, Света и Апостолска. Тоа со сигурност укажува дека Соборноста на Црквата е од суштинско значење за нејзиното постоење. Меѓутоа, што се подразбира под овој израз? Тоа е прашање на кое ќе се обидеме да одговориме во статијата која следи.

Пред да почнеме со одговорот, секако треба да се напомни фактот дека исповедањето на верата се однесува, пред сè, на идната реалност на Црквата. Бидејќи, верата во нешто, го изразува тоа што допрва претстои да се случи. Меѓутоа, некој ќе праша: ако сето она во што верува Црквата ја подразбира реалноста која ќе се случи на крајот, зошто тогаш е потребно за тоа да зборуваме? Зарем не е сеедно дали зборуваме или не за нешто што веруваме дека ќе се случи, ако тоа навистина се случи? За да одговориме на овие прашања, како и да покажеме колку е важно да се верува во сè што верува Црквата, а со самото тоа и во нејзината Соборност, потребно е најнапред да се одговори на прашањето: што подразбира Црквата кога вели „верувам“?

Проблемот кој е поврзан за сфаќањето на верата, денес присутен, е што верата често се поистоветува со логичното убедување на човекот дека нешто постои кога тоа може да се докаже преку сетилата. Таквото сфаќање на верата укажува дека она во што веруваме постои независно од нас и надвор од нас, само за себе, макар и тоа да не се гледа. Без оглед на тоа дали се однесува за работи или случувања кои се случиле во далечното минато или допрва треба да се случат. Меѓутоа, тоа не е црковно сфаќање на верата. Бидејќи, ако верата во СОБОРНОСТА на Црквата, како и сè друго во што верува Таа, е само рационално убедување на Црквата во нешто што е вистинито, но што не може поинаку да се види и да се провери, освен со умот, бидејќи не постои овде и во Неа, туку на некое друго место (да речеме на небото), тогаш верата на Црквата не би можела да биде причината на постоењето на она во што верува. Со други зборови, тоа во што верува Црквата не би било ниту во Неа, ниту пак Таа би била тоа што е, туку тоа би било надвор од неа и независно од неа. Да ја земеме за пример верата на Црквата во Бог. Ако Бог преку верата не е присутен во Црквата и ако Бог не е во икономијата на спасението на Црквата, тогаш Црквата не може да биде место на соединување на човекот и светот со Бога, односно спасението. Меѓутоа, тоа секако не е така. Верата не е мисла за она во што веруваме, во Бог да речеме, туку негова манифестација. Како?

Ако внимателно го анализираме она што го говори Господ Христос за верата: „верувајте и ќе ви биде“, и „кој поверува и се крсти (што значи кој ќе стане член на Црквата и ќе живее како што живее целата Црква) ќе биде спасен“, или апостол Павле: верата е подлога (ипостас) на сè во што веруваме“ (Ев. 11, 1), ќе видиме дека верата е подлога на постоењето на она во што веруваме. На ова укажува и изразот „ипостас“ во однос на верата, т.е. дека верата е ипостас. Бидејќи, зборот „ипостас“, кој кај нас е преведен како „подлога“ укажува на тоа дека верата прави нештото да биде, и така совршено се согласува со Христовите зборови и со зборовите на апостолот Павле за верата, дека таа е подлога, постоење на сè на што се надеваме, т.е. кон што тежнееме, во што веруваме.

Од друга страна, ипостасот е дефиниран во Црквата како начин на постоење, начин на живот на оној што постои. Ова за нас е од особена важност бидејќи во однос на сите други објаснувања за ипостас се укажува на тоа дека е конкретен начин на живот, подлога на постоењето на сè. Со други зборови, во зависност од тоа како живееме зависи

и нашето постоење. И светите Отци, на оваа иста подлога, говореа за „ипостасот“ т.е. дека тоа е начин на живот и дека ипостасот, односно начинот на живеење, претставува причина, основа на постоењето, како на несоздадената природа, така и на создадената и на сè што постои, во контекстот на објаснувањето на тајната на Света Троица. Затоа би било корисно да се потсетиме на тоа нивно толкување.

Ипостасот од Отецот, или подобро Отецот е начело на божеството и Тој го раѓа Синот и го исходи Светиот Дух. Меѓутоа, името Отец е ипостас, личност или подобро кажано начин на постоење на божествената природа, а тоа значи дека ако Бог е Отец, тогаш е Тој начело на божеството, и Бог е Света Троица. Всушност, Отецот е Отец затоа што го раѓа Синот и го исходи Светиот Дух. Со други зборови, за да постои Отецот, треба да постојат Синот и Светиот Дух.

Значи, врз основа на претходно кажаното, би можеле да заклучиме дека верата на Црквата е нејзиниот начин на живеење, и затоа, сè во што таа верува, тоа и постои, бидејќи Црквата го прави постоечко со својот начин на живот. На пример, верата на Црквата во заедништвото на нејзините членови со Бога се пројавува преку причеста.

Значи, ако верата на Црквата е нејзиниот начин на живот, а тој го втемелува постоењето на она во што се верува, тогаш верата престанува да биде пасивна појава на она во што Црквата верува, туку тоа што верува и што присуствува во Црквата - веќе постои преку верата. На пример верата на Црквата во Божјото Царство. Како заедница на Бога со сите нејзини членови откако Бог влезе во светот, а посебно со Неговото воплотување, Црквата од историјата на својата вера, т.е. со својот начин на живот, создава, основа (ипостазира) заедница на сите со Бог, а на тој начин и со Божјото Царство од идниот век. И затоа Црквата е сега и овде единство со Господ Христос, т.е. тоа Божјото Царство за кое таа верува дека ќе дојде.

Благодарејќи на ваквата вера на Црквата, сè во што Таа верува всушност тоа и постои сега и овде во историјата. Сепак, тоа постоење и присуство на она во што Црквата верува е во икона, а не во целосна реалност. (На пример причестувањето со телото и крвта Христови во Литургијата преку заедничарењето во едниот леб и едната чаша). Меѓутоа, иако тоа присуство сè уште не е потполно, тоа не е сосем лишено од реалноста и вистината. Бидејќи, на крајот, тоа е и суштината на верата во Црквата, дека тоа во што верува е вистински присутно сега и овде, иако уште не во потполност. Впрочем, според зборовите на апостолот Павле, сега одиме со вера, а не со гледање и гледаме како во огледало, а кога ќе дојде полнотата, тогаш ќе гледаме лице во лице. Верата, значи, не преставува само основа на која се гради Црквата, бидејќи е збор за верата која секогаш ја изразува идната реалност, она што допрва треба да се случи, туку и потврда на таа реалност на која се надева и во која верува со начинот на живот, сега и овде. Во контекст на Соборноста би можеле да кажеме дека ние веруваме во Соборноста на Црквата, а тоа се однесува на нејзината последна реалност, но во контекст на сегашниот живот Црквата е веќе Соборна. Тоа е всушност случајот и севкупниот живот на Црквата. Таа преку нејзиниот начин на живот сега и овде е тоа што ќе биде на крајот, но на крајот ќе стане тоа што е сега, но со извесна разлика. Во што е таа разлика помеѓу сегашната и идната состојба на Црквата, односно меѓу верата и реалноста?

Црквата во сегашноста се разликува од нејзиното совршенство во иднината единствено во однос на животот и смртта. Сега членовите на Црквата умираат, а тогаш ќе воскреснат и ќе живеат вечно. Но, бидејќи Црквата и сега е жива, и бидејќи проблемот е во тоа што во сегашната состојба на Црквата животот е помешан со смртта, т.е. сопостојат животот и смртта (затоа сегашниот живот во Светото Писмо се нарекува лажен живот), нејзината идна реалност останува иста во сè, освен што ќе исчезне смртта. Така значи, сегашната состојба на Црквата е исто така вистинита, како што ќе биде на крајот кога таа ќе достигне своја совршеност, со таа разлика што таа вистина сега е во смртта, во глинени и неугледни садови, како што вели св. апостол Павле, а тогаш ќе биде лишена од смртта. Тоа сепак, не значи дека некој може да учествува во животот и во вистината, ако не учествува во Црквата сега и овде. Бидејќи вистината и животот не постојат надвор од Црквата без разлика на тоа што тој живот сега е помешан со невистина, со смртта (да се сетиме на Спасителовата приказна за каколот на нивата, и на тоа дека каколот не може да се искорне сега, а заедно со него да не се искорне и пченицата). Тоа разликување на сегашната состојба на Црквата од идниот век ќе биде појасно ако малку поподробно

објасниме што подразбира Црквата под смрт.

Имено, според учењето на светите Отци, смртта и злото немаат свои суштини, во смисла да постојат сами по себе.. Смртта влегла во создадената природа како последица на погрешниот начин на живот на таа природа пројавена преку човекот, т.е. првиот човек Адам. Самата природа по себе, како оваа нашата, создадената, така и несоздадената, не може да постои. Основа на постоењето на природата е нејзиниот начин на живот, или ипостас на личноста. И од тоа на кој начин нештото живее, постои, зависи и дали живее или умира. Затоа смртта и злото не постојат по природа. Природата е иста и кај оној кој живее и кај оној кој умира. Се разликува само начинот на постоење на тие природи. А начинот на живот на еден човек, но не само на човекот, туку и на сѐ што постои, кој ја води природата во смрт, е нејзиното раздвојување од другите. Бидејќи, да се потсетиме, смртта не е ништо друго освен временско и просторно прекинување на заедницата на едно битие со останатите битија. (На оваа основа Црквата го протолкувала природниот грев на Адам и Ева, како одвојување од Бога, прекин на заедницата со Него, а тоа ја воведе смртта во светот).

Од друга страна, животот е исто така начин на постоење на природата. Затоа природата која живее, не само што извира од едно случување на заедништво, туку и живее додека е во временско-просторна заедница со другите битија. За тоа дека и животот и смртта на нашата природа навистина зависат од начинот на кој постоиме и живееме, најдобар показател е љубовта. Љубовта е секогаш заедница со другите битија. И кога некој го сакаме или тој нас нѐ сака, чувствуваме дека живееме и тогаш не мислиме на смртта. Но, кога со оној со кого се сакаме ја прекинеме заедницата, т.е. кога тој ќе нѐ напушти од било кои причини: физички, или пак волно, слободно, односно кога ќе престане да нѐ сака, тогаш веќе не ни се живее и реално сфаќаме што е тоа смрт. Значи, дали ќе живееме или ќе умреме зависи од нашиот начин на живот. Во сегашниот живот, природно ние се раѓаме и тоа наше постоење, постоењето на нашата природа, е плод на заедницата на нашите родители, начинот на животот на нивните природи кој бил живот во заедница. И тоа ни говори дека постоењето е таа заедница. Меѓутоа, оној момент кога ние ќе се родиме, тој акт настанува како продукт на разделувањето на нашата природа од родителската, што е сега причина за смртта (затоа човекот умира, т.е. почнува да умира, од моментот кога ќе се роди). И тоа случување на нашето раздвојување, раѓање, е проследено со делба на времето и просторот што исто така покажува дека смртта е последица на времето, на ниско просторно раздвојување. На тој начин смртта и животот се сопостоечки случувања на нашата природа, затоа што животот, постоењето (раѓањето) почнува со раздвојувањето на природата, т.е. со смртта. Во зависност од нашиот начин на постоење, на живеење, зависи и тоа дали умираме или живееме. А таа алтернатива на поинаквиот начин на постоење ни се дава во Црквата, и затоа црковниот начин на постоење води во живот, а надвор од тоа е смртта. На кој начин?

Животот во Црквата почнува со случувањето на заедницата и тоа преку Крштевањето кое води во заедница со Христос - Црквата. И додека природното раѓање претставува услов за некој да почне да го живее првото одвојување (од мајката во моментот на раѓањето), во Црквата, при Крштевањето за некој да почне да живее потребно е да се соедини со Христа, со заедницата (во Светата Причест без која никој не може да стане член на Црквата).

Меѓутоа, со оглед на тоа дека Црквата овде и сега е само икона на вечниот живот, во неа сѐ уште се присутни и смртта и животот. Смртта како последица на нашето природно раздвојување, раѓање, кое е предизвикано од прворoдниот грев, а животот како последица на соединување со Христос Господ кое во полнота ќе се реализира преку Второто Негово доаѓање.

А сега да се вратиме на проблемот на Соборноста на Црквата и да видиме на кој начин СОБОРНОСТА се живее, се пројавува во историјата, и зошто е потребно да се верува во Соборноста на Црквата, односно зошто е потребно Црквата да биде СОБОРНА.

**Во што е суштината на Соборноста на Црквата?**

Самиот израз собор, Соборна Црква повеќе од очигледно укажува дека ова значи дека Црквата е заедница, собрание на многу членови. Црквата не може да биде соборна ако ја сочинува само еден член. Поточно, тогаш и нема Црква, ако таа не е заедница и собор на многуте. Една стара латинска поговорка гласи: „еден Христијанин, како ниеден Христијанин“ јасно укажува на тоа дека христијанството е Црква, т.е. собор на многу луѓе.

На крајот, и самиот израз ЦРКВА укажува на заедница. Меѓутоа, зошто е потребно Црквата да биде собор на многумина за да може да биде Црква? На што се темели нејзината Соборност? Дали да се биде во Црквата, а тоа значи да се биде во заедница со Бог, барем за оние кои во Црквата го гледаат своето спасение, значи неизбежно да се биде во соборот, во заедница со сите? На овие и на слични прашања кои се однесуваат на Соборноста на Црквата, односно спасението, постоењето на луѓето и на сѐ што е создадено, денес не е воопшто лесно да се одговори. И тоа токму од причина што денес е вообичаен индивидуалниот начин на живот, па тешко е да се покаже дека заедницата е основа на постоење на сѐ што постои, а не индивидуалноста. Но, да почнеме со ред: на што се темели Соборноста на Црквата?

Според сведочењето на Стариот и Новиот Завет, а потоа и на светите Отци од пост-новозаветниот период, Црквата се јавува како икона на идниот век и последното случување кое го предодредил Бог, создавајќи го светот од ништо. А тој настан е собирање на сите луѓе кои тоа го сакаат и севкупната природа која Бог ја создал, преку тие луѓе околу Господ Христос. Но, само со волјата и сакањето на верата на луѓето. Во реализирањето на таа Божја желба првенствено се надевале и верувале Евреите кои преку случувањата од нивната историја и пророците кои Бог ги подигнувал меѓу нив, токму и биле откровението за тоа дека: Господ во последните денови ќе го испрати својот Месија кој ќе го собере целиот еврејски род и ќе го основа Царството на кое нема да му има крај, за тоа Евреите сведочеа со својот начин на живот. Постојаното присуство, но и исчекување, на ова собирање еврејскиот народ преку историјата го изразува во сите сегменти на нивниот општествен и семеен живот, но и во религиозниот, а највидливо преку собирањето во синагогите и Ерусалимскиот храм.

Во Новиот Завет, со појавата на Месијата, Господ Исус Христос, овој посакуван план од Бога за целта на светот, која е неговото потполно собирање околу Христа и во Христа, стана далеку појасен отколку што тоа беше случај во Стариот Завет. Сите приказни со кои Господ Христос сакаше да го опише случувањето на спасението на светот, укажувале токму на соборот на сите и се со Христа на едно место. И не само со приказни; Христос со својата последна молитва кон Отца сакаше токму сите да бидат едно во Него (в. Јован 17, 11), како и на последната вечера со своите ученици кога им го остави заветувањето на Своето идно Царство како собир на сите во Него. Тој им рече дека Отецот Нему му го наменил првенството во тоа Царство и им објасни на своите ученици дека кога и да се соберат на заедничка трпеза (света Литургија), на тој начин ќе го пројавуваат Царството Негово, додека не дојде Тој. Уште им рече дека Тој ќе биде секогаш првиот меѓу нив во лицето на оној кој им служи, бидејќи рече: „јас сум меѓу вас како служител“ (в. Лука 22 особено 26-27 стих). Значи, собирањето на сите е околу Едниот, Првиот и тоа кога служи, и со тоа се покажува дека собирањето околу Господ Христос кого Бог Отец го постави како Прв во тоа собрание на сите, е случување со кое се пројавува верата во идното Божјо Царство сега во светот, т.е. истото тоа Царство, додека тоа не се збидне во полнота. И кое е тоа случување со кое, тогаш како и денес, Црквата ја пројавувала таа своја вера во спасението, во тоа Божјо Царство? Тоа е Светата Литургија. Затоа не е ни чудо што сите приказни кои говорат за Божјото Царство имаат Литургиска форма и карактер во Светото Писмо на Новиот Завет. Да објасниме подетално како тоа Литургијата е собирање околу Господ, т.е. Божјото Царство.

Светата Литургија е соборна Црква

Кога зборуваме за Новиот Завет и постновозаветниот период, Литургијата била пред сѐ, случување во кое учествувале сите христијани од едно место (в. Дела 2, 44, 46; спореди го сведочењето на св.. Игнатиј за ова во посланието до Магнезијците). Литургијата не можела, како што ни денес не може, да се служи за еден човек, ниту да ја служи некој сам. Таа секогаш била собир на многуте околу еден епископ, односно служител кој бил прв помеѓу сите. Значи, сама по себе Литургијата била втемелена во соборноста. Соборот и Литургијата се еднозначни зборови за една и иста реалност (спореди го грчкиот израз за Литургија кој е „синаксис“, што значи собор, собирање). Во старото време кај сите православни народи, па и кај нас „собор“ или панаѓур бил секогаш врзан за Литургија, односно за слава на едно место која е одбележувана со Литургија, односно со собор. И токму поради Литургијата, која била собор, и Црквата е соборна. Бидејќи, Литургијата и Црквата се исто така синоними за една и иста реалност. Новиот Завет тоа јасно го сведочи кога го заменува изразот „собир на сите на едно место“, а кој означувал Литургиско собирање, со

изразот Црква, т.е. „кога ќе се соберете сите во Црквата“. (Нашиот народ и до денес кога оди на Литургија вели дека оди в Црква. Тоа го покажува токму она што рековме, дека Црква и Литургија се едно исто). Меѓутоа, на кој начин е присутен Господ Христос во тоа собирање, и зошто е потребно тоа собирање да биде околу Христа?

Наведувајќи ги Христовите зборови, дека Тој е секогаш присутен помеѓу своите ученици кога и да се сите собрани, констатиравме дека тоа бива за време на Литургијата, бидејќи само на Литургијата се собирале сите кои верувале во Христа, па Тој сходно на своето првенство во тоа собирање е присутен во лицето на служителот на Литургијата. Зашто, Тој како прв меѓу сите свои браќа беше служител на последната вечера. Бидејќи единствен служител на Литургијата, барем до 4 век кога се создале парохиите по денешен изглед во кои служат свештеници, бил епископот, а Христос во лицето на епископот е присутен во Литургијата, т.е. во Црквата. Меѓутоа, заради тоа што епископот никогаш не можел да служи сам Литургија без присуство на свештениците и народот, затоа тој е икона Христова, т.е. Христос е присутен во лицето на епископот на Литургиското собирање, т.е. во СОБОРНОТО случување на Црквата кое е Светата Литургија.

Меѓутоа, некој ќе праша: дали секое собирање е Литургија, а со самото тоа и дали Христос е присутен во секое собирање? Ако не е, тогаш кое собирање е литургиско?

За да може Светата Литургија да биде собрание, а со самото тоа и живо присуство на Вистинитиот Христос, потребно е епископот да го зазема првото место со тоа што ќе служи, а потоа и да го заобиколат оние кои ќе имаат ист однос со него каков што имаа Христовите апостоли и другите кон Христа, кои што Тој ги призна за свои ученици. Тој однос во Литургиското собрание се регулира и се стекнува со ракополагањето. Така, со ракополагањето за епископ некој стекнува првенство како икона Христова, а за презвитерите и ѓаконите апостолска служба, додека преку крштевањето и миропомазанието, лаичка. Меѓутоа, сите овие служби се добиваат и постојат преку, и во Литургиското собрание кое е почеток на сите, и повторно сите тие литургиски собирања се едно и исто собирање. На овој начин, во Литургијата, Црквата е СОБОРНА, а Соборноста е единственото постоење на Црквата.

Меѓутоа, Литургијата не е самата по себе собор, па заради тоа единствено и Црквата да биде соборна, туку таа, Литургијата го собирала и целиот останат црковен живот. Без оглед на тоа дали се работи за крштевање, миропомазание, или за било која друга црковна пракса, сè било поврзано со Литургијата и било вршено во Литургијата. Дури и осудата на некој во Црквата се изразувала на тој начин што тој бил одлачуван од Литургијата, што непосредно значело дека Црквата единствено тогаш е постоечка кога е СОБОРНА. Бидејќи, оној кој е одлачен од Црквата, од Литургијата, одлачен е и од СОБОРОТ, т.е. останувал сам, а тоа значи дека станувал непостоечки.

Со еден збор, сè е во Црквата преку Литургијата, односно целата Црква била соборна.

Второто прашање кое се наметнува од досегашното излагање, а чиј одговор би можел да го надополни објаснувањето за потребата на СОБОРНОСТА на Црквата која единствено се остварува во Литургијата, е зошто Литургијата е единственото место за спасение, т.е. вечниот живот?

Веќе порано нагласивме дека Господ Христос се појавува единствено во Литургиското собрание, или поточно единствено како Литургија. А бидејќи Господ Христос е единствениот спасител на светот, како што е покажано и со Неговото Воскресение од мртвите, значи со влегувањето во Литургијата и ние се соединуваме со Христа, односно стануваме Христос и така ја надминуваме смртта. Затоа Литургиското собрание е единствено место и начин на вечниот живот на севкупното создание.

Покрај ова, би можеле да поставиме уште едно прашање во врска со Соборноста на Црквата а тоа е: зошто спасението на светот се пројавува единствено преку Литургиското собрание, кое е Господ Христос? Зошто токму на овој начин? Дали може светот вечно да постои на друг начин, покрај Литургискиот собор? Зошто индивидуалноста како начин на постоење на човековата природа не може да биде основа на вечното постоење на човекот и природата?

Одговорот на овие прашања може да биде краток, ако не се сфати целата длабочина на проблематиката која тие ја кријат. Во една реченица, тој би гласел: Бог го создал светот од ништо и посака, штом светот сака да живее вечно - бидејќи животот му зависи единствено од Бог затоа што е создаден, да има заедница со Него на овој начин. Во Литургиската заедница тоа е Христос Синот Негов.

И навистина во суштина тоа е точно, и никој не би може тоа да го одрече. Бидејќи ако Бог го создаде светот по своја волја, тогаш тој свет во своето постоење апсолутно зависи од Божјата Волја. Меѓутоа, ако се задржиме на ваквиот одговор, тогаш би се појавил сомнеж дека постоењето на светот е можно и на друг начин, но ете Бог тоа не го дава, бидејќи едноставно не сака да ја менува својата волја. Таков одговор можеби би довел кон сомнеж во Божјата љубов кон нас, Неговата пожртвувана љубов која и така се покажала кон нас преку страдањето на Неговиот Син, нашиот Господ Исус Христос, и дека тука, не дај Боже, не се работи за никаква Негова љубов кон нас, туку се работи за упорно спроведување на Божјото самоволие во однос на нас. Тогаш би можело да се постави прашањето: дали Бог нам ни се откри во целост на овој начин или не? Ако е не, дали овој начин на спасение е навистина тоа што ние го сакаме, или постои уште нешто надвор од тоа? Но, толкувањето зошто Бог Го посакал токму овој модел на спасението на светот преку неговата Соборност, не само што е возможно, туку е и посакувано и тоа не само заради нашето спасение, туку и заради потврда дека Бог навистина нѐ љуби и дека ни се откри и ни се даде целиот. Бидејќи, како што ќе видиме, Тој токму преку Соборноста на Црквата тоа сакаше да го открие: дека Неговата љубов кон нас е искрена и совршена без никаков интерес, и дека во откровението преку Литургиското собрание кое е Христос, Синот Божји ни се откри во целост.

Во откровението на Христос Синот Божји во светот, како што сведочат светите Отци, почнувајќи од Библиските сведоштва, учествува целата Света Троица. И тоа: Бог Отецот со благоволение, Светиот Дух со содејство, сведочат дека Синот е тој кој се воплоти и стана човек. Значи, без разлика на тоа што Синот Божји со своето воплотување го соединува целиот создаден свет со себе, во тоа учествуваат и двете личности на Светата Троица и Христос во ниту еден момент не може да се одвои од Отецот и Духот. Секако тоа учество не е на ист начин кај сите Личности, меѓутоа тоа придонесува кон истата цел и се остварува во Христа. И таа појава на Светата Троица во светот се збиднува, се случува токму во Литургиското собрание. Бидејќи, ако Христос е единствено во Литургијата и како Литургија е присутен во светот, тогаш и сите три Божествени Личности се во неа. И тоа навистина се потврдува во Литургијата. Бог Отецот од кого потекнува секое благоволение, па и желбата да се спаси светот, присутен е на Литургијата така што на Литургиското собрание кон Него е свртен и Нему му се моли и од Него го добива својот идентитет. Затоа Црквата е Неговиот воплотен Син. (Сите Литургиски молитви се упатени кон Бога Отецот). Синот е присутен како човек и Тој ги возглавува (ипостазира) сите собрани во Црквата претстоејќи, т.е. служејќи на Литургијата. Светиот Дух пак, сите ги собира во Христа, правејќи од луѓето и светот тело Христово. Затоа сите дарови кои ги раздава Духот, ги раздава во Литургијата и за Литургијата, т.е. во Христос Синот Божји по волјата на Отецот. (Затоа Духот се нарекува Дух на заедницата). Значи, цела Света Троица е присутна во Литургијата и Светата Троица е таму каде што е Литургиското собрание.

Значи, темелот на кој Црквата се пројавува како СОБОРНА, собор на многуте, не е од историска природа, т.е. не извира од историјата и не е продукт на човековите сили и човековите идеи. Црквата нам ни се открива од страна на Бога и се пројавува како Соборна, или подобро речено Црквата е самата Света Троица во светот. Затоа нејзината соборна природа не може да се менува без претходно да се измени и самата вера во Бог и Света Троица. Бидејќи, како што веќе рековме, верата на Црквата е нејзиниот начин на живот, а тоа е Литургијата.

На крај треба да се истакне дека грчкиот израз „католикос, катхоликиеклисија" кој е преведен на нашиот јазик како Соборност, соборна Црква, не значи само дека Црквата е собор, собир на многу членови, туку и нејзина целост, целосност. Ова укажува на тоа дека Литургиското собрание под еден епископ не е само Соборност на Црквата, туку е и Нејзина целосност. Црквата цела без остаток се пројавува преку Литургијата, и Литургијата никогаш не е, и не може да биде дел од Црквата, како што, за жал денес многумина сметаат. Впрочем, на оваа Литургиска целосност на Црквата, основано е и уредувањето на Православната Црква: Нејзината поделеност на епископии и автокефални Цркви. Сите епископии и автокефални Цркви се полни Цркви, секоја е Една, Света, Соборна и Апостолска но истовремено се и во Литургиското собрание една Црква. Тоа значи дека Соборноста е целосност, полнота на Црквата и дека ако Црквата не е соборна не е вистинита Црква.

## Заклучок

Се надеваме дека оваа статија одговори на прашањето кое толку често се поставува пред секој човек, а тоа е: каква врска имаат догмите на Црквата со нашиот живот, и дали нашиот живот се менува ако веруваме или не веруваме во нив, или ако веруваме вака или онака во Бог? Ако верата во Црквата се сфати како живот, тогаш не само што живееме сега и овде онака како што веруваме, туку таа вера се однесува и на нашиот вечен живот или пак се однесува на смртта.

Значи, се обидовме да одговориме на основното човечко прашање: дали постои надеж да живееме вечно, укажувајќи на тоа дека таа навистина постои и тоа единствено на начин како што тој се пројавува во Православната Литургија која е Света Троица во светот како СОБОРНОСТ.

превод од српски јазик:
јеромонах Мојсеј (Тодоровски)
од: часопис Епархије браничевске - Саборност 1/I (1995) и:
http://casopis.sabornost.org/tekst?serija=1&id_sveska=1&id_tekst=5





## АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ И МИТРОПОЛИТ СКОПСКИ ЈОВАН:

# СЛОВО ЗА СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ[1]

Денес пред Вас имам пријатна, но многу тешка должност. Да словам за оној на кого му го должиме словото на мајчиниот ни јазик, за оној кој ни ги создал буквите, кој нè вовел во прекрасниот свет на знаењето и мудроста Божја, нè упатил во литургиската мистагогија, нè научил за силата на крстот и се потпишал во нашите срца со ракописот на надежта во Воскреснатиот. Тоа значи дека ќе словам за Свети Климент Охридскиот Чудотворец. Должноста навистина ми е пријатна, како негов наследник во епископската служба да го објавувам неговиот назаборав, да ја доближам до нашиот род кој живее во ова време неговата просветителска светлина, да го восфалам пред Вас и пред наредните генерации нашиот заеднички отец, учител и јерарх. Но, тоа што ми е тешко не произлегува од мојата безволност или отсуство на желба да му изразам достојна почит на оној кој нè научи за смислата на почитта, туку затоа што се плашам дека дека ќе се покажам немоќен да го пофалам онолку колку што Св. Климент заслужува. Ќе се покажам неумешен и дткав пред славата за која треба да говорам, неспособен до безгласност пред величината која сакам да Ви ја доближам.

Сепак неговата светителска љубов ме храбри да говорам како син за татко, да говорам за него како за најблизок роднина од родот во кој смртта Христова и неговото воскресение нè сроди во еден род и едно семејство. Затоа, „елате ваму чеда, чујте ме,"[2] „елате сите кои имате страв од Бога и ќе ви раскажам,"[3] како што еден друг мој претходник, светиот Теофилакт Охридски го започнува житието на Свети Климент, ползувајќи се со она што одамна го рекол псалмопевецот.

Ќе ви раскажам за она што е познато, но и за она што помалку е познато за светителот, за она што сте го чуле и читале, но и за она што можеби до сега не сте го чуле и прочитале. Ќе Ве потсетам на работи што Ви избледеле од сеќавањето заради долгото време не навраќање на нив.

Навистина не се познати многу биографски податоци за животот на Свети Климент. Не се знае со точност ниту кога, а ниту каде се родил. Ниту кој му бил татко, ниту со која песна го заспивала неговата мајка. Не го знае тоа ниту блажениот

*1 Словото е изговорено на прославата 1100 години од упокоението на светиот Климент Охридскиот Чудотворец, во Ставропигијалниот манастир „Свети Јован Златоуст", Нижеполе, Битола, 2 Октомври 2016 г.*

*2 Псалм 33,12.*

*3 Псалм 65,16.*

Теофилакт Охридски кој е неговиот прв познат животописец, иако некои претпоставуваат дека е можно да постоело и некое житие на светителот пред Теофилактовото, кое историјата не го забележала. Но, зарем тоа е важно ако со точност знаеме дека блажено преминал во вечноста во 916 година по Христа, и дека сега е меѓу оние од десната страна на Царот на Славата. Тоа што ја знаеме годината на неговото населување во Земјата на живите, нас, неговите чеда, ученици, последователи и почитувачи нѐ задолжува да се собереме, како што тоа го направивме, и со химни и песни, со слова, но и со свештен трепет и молчалива неизричивост да го прославиме јубилејот на 1100 години од неговото блажено преминување кај жителите на Царството Божјо.

Нова ѕвезда светна пред 1100 години во Царството на нашиот Отец небесен. Нова златоструна харфа од пред 1100 години пред престолог Божји заедно со ангелите пее: свети Боже, свети Крепки, свети Бесмертни, помилуј нѐ. Помилуј го родот кој го родив со мака и пот. Помилуј го родот кој по раѓањето го искапав и измив со најчисти солзи. Помилуј ги следбениците на оние кои толку ме измачија додека бев во тело, што побарав од царот Симеон да ме ослободи од јаремот на епископската грижа.

Кога умре за светот, а се роди во монашката схима го доби името Климент, по Светиот Климент I папа римски, чии свети мошти ги најдоа на Крим во нивната мисија меѓу Хазарите словенските просветители Методиј и Кирил. Во презвитерски чин беше хиротонисан од папата Адријан II, кога светите Методиј и Кирил дојдоа во Рим, заедно со нивните ученици меѓу кои беше и Свети Климент, за да ја одбранат својата мисија меѓу Словените во Панонија. По упокојувањето на Св. Методиј, неколку ученици на светите браќа, меѓу кои бил и Свети Климент, прогонети од Панонија дошле во Бугарија и нашле милост кај бугарскиот цар Борис. Многу добро прифатен од него, Свети Климент бил замолен да се прифати за просветителска служба во охридскиот крај. Климент дошол во овие краеви секако без да знае дека токму овде ќе постане светител и дека со својот светителски благослов ќе го осветува овој крај до судниот ден. Не е познато ниту кога, ниту каде, ниту од кого е ракоположен во епископски чин, но се знае дека кога дошол во охридскиот крај веќе носел епископска титула со име Велички. Каде точно да се лоцира Велика или по друго читање Белика има различни мислења. Во секој случај тешко би можело да се замисли дека тоа место било многу далеку од Охрид. Но, исто така не треба да се премолчи дека Климент за време на неговиот живот никогаш немал титула охридски. Охридски е наречен по неговото блажено упокојување и тоа најверојатно затоа што на пат кон Господа заминал токму од градот Охрид.

Како вели неговиот животописец Теофилакт Охридски, Климент околу себе собрал 3500 ученици кои ги поучувал не само да читаат и пишуваат, не само да калемат овошки и да го познаваат овоштарството и градинарството, туку и да го проучуваат Светото Писмо, да напредуваат во литургиското тајноводство и да се задлабочуваат во Божјата апофатика. Затоа неговата школа се нарекува универзитет, и тоа универзитет многу години пред да се појават на Запад првите универзитети.

Целиот живот и целото животно дело овој светител го остварил во време кога Црквата сѐ уште не била поделена. Општењето меѓу Истокот и Западот во таа неподелена Црква било многу живо, иако токму во тоа време се јавуваат првите спорења околу западните новотарии. Во животот поминувал многу искушенија, кратко време бил во затвор, а потоа сурово бил протеран од местото каде мисионарел со светите браќа Методиј и Кирил, но имал барем еден проблем помалку од оние што денес ги имаме ние. Тој никогаш за време на својот живот не почувствувал што е црковен раскол.

За жал, еден дел од родот негов, еден дел од оние чии претци токму Свети Климент ги родил во Духот Свети кога дошол како „втор Павле за другите Коринтјани – Словените“, како што вели Блажени Теофилакт, денес се во раскол со Соборната Православна Црква. Поголемиот дел од светите мошти на светителот се наоѓаат кај тие расколници, освен неговата чесна глава која се наоѓа во манастирот Св. Јован Претеча во Верија.

Но, каква почит кон личноста, кон делото, па и кон моштите на Свети Климент може да има некој кој упорно останува во раскол? Како може да се биде следбеник на човекот кој со секој свој збор, со секоја проповед, со секое свое дело и постапка го сведочел единството со Бога и со Црквата, а притоа да се нема единство со црковната полнота?

На овие прашања може да бара одговор

само оној кој созреал во духовноста, само оној кој пиел од чистиот извор на верата кој во овие краеви го ископа токму Свети Климент. Да мисли некој дека е епископ или свештеник само затоа што носи иста или слична облека како што носат православните јерарси или свештеници, само затоа што чита исти молитви од исти книги како што тоа го прават и правоверните навистина е необјасниво. Зашто не ја прави формата Црквата, туку од Црквата произлегува формата. Црковното единство ги раѓа догмите, каноните, типиците и поредокот, но истовремено сите тие се заради единството, во служба на единството и го одржуваат единството. Доколку се нема единство со полнотата на Црквата, од какво значење е чувањето на догматите, исполнувањето на правилата и канонените, запазувањето на типиците и поредокот? Сите тие постојат само заради единството.

Затоа, прашање кое треба да си го постави секој кој го почитува светителот: Дали тој (Свети Климент) би можел некогаш да направи црковен раскол, а ако веќе се затекнал во некаков раскол, дали не би направил сѐ, па дури ако е потребно и животот да го даде за да се надмине таквата нецрковна состојба? И уште едно: Дали воопшто некој би го почитувал како светител ако луѓето, оние 3500 ученици кои секако дека имале некакво единство со него, ги учел дека е доволно да имаат единство само со него, а нема потреба да имаат единство во Бога, единство меѓусебно и единство со целата Црква?

Важно е ова да го разбереме браќа, не само ние што сме собрани на ова торжество, туку да порачаме да го разберат и сфатат и оние чеда Климентови, и оние наши сонародници што сѐ уште пребиваат во раскол. Зашто нема повозвишен повик од оној Господовиот: „Сите да бидат едно, како што си ти Отче во мене и јас во тебе”[4]. Црква си само доколку си во единство со „едната, света, соборна и апостолска Црква”. А таа вредност нема цена. Господ рекол дека непријатели на човекот можат да му бидат неговите најблиски, оние од семејството, мајка, татко, син ќерка, доколку тие го оделуваат од Бога и единството со него. Тоа значи дека доколку го оделуваат од Црквата и единството со неа. Но, што ако од Бога и од Црквата те одделува етнофилетизмот?

За таков случај Господ ни рекол: „ако те соблазнува окото твое, извади го фрли го од себе, подобро ти е еднооќ во животот да влезеш, отколку да имаш две очи, а да те фрлат во пеколот на огнот”[5]. И што мислите? Би го извадил ли окото Свети Климент за да биде во единство со Црквата, и да влезе во животот вечен?

Јас денес на ова нема да ви одговорам, зашто сум убеден дека барем Вие што сте овде собрани тоа го знаете. Но, и на секој оној што го слушнал, прочитал или се поучил од словото и делото на Свети Климента одговорот му е познат. Оној пак, што знае како би постапил Свети Климент, ама заради одредени причини, па дури и колку тие нему да му изгледаат оправдани, не постапува така како што би постапил Свети Климент, ниту може да се нарече род светиклиментов, а уште помалку заедничар на Духот Свети.

Затоа браќа, денес кога прославуваме 1100 години спомен за него да не го заборавиме неговото слово кое според сѐ и пред сѐ е Богочовекоцентрично и Христоцентрично. Да се сеќаваме на неговото дело кое е просветителско, духовно, учителско, хуманитарно, но пред сѐ црковно, побожно и саможртвено. Да се сеќаваме дека тој е првиот Епископ Словен во овие наши краеви. А тоа значи постојано да го молиме тој да се моли за нас. Зашто ние за тоа имаме потреба.

Не само потреба за здравје, душевен мир, внатрешен спокој, туку имаме потреба за единство, единство со Бога, единство меѓусебно и единство со другите Цркви. Луѓето во Црквата се браќа зашто имаат еден Отец кој ги собира во Духот Негов Свет, но и затоа што почитуваат светители кои обединуваат и повикуваат кон единство.

Се надевам дека за таков светител ви говорев, а вие веќе сфативте дека не сум достоен ниту врвците од обувките да му ги одврзам. Тој е нашиот Свети Климент кого го молиме да не нѐ заборави нас, но, и сите идни генерации што ќе го слават споменот негов.

02. Октомври 2016 г.
На денот кога прославуваме 1100 години
од блаженото упокојување на Св. Климент

4 *Јн. 17,21.*

5 *Мт. 18,9.*

# СОБОРКО

(продолжение од претходниот број)

## КОЈ Е СВЕТИ НАУМ

И така веселата дружина се тркалаше кон манастирот. По патот кумата Славица ѝ беше многу интересна на Анастасија.

-Многу се радувам шо че можам да се поклонам на моштите на еден ваков велик светител. Ех колку сме срејчни шо едно такво светило свети во нашава земја. Ама незна лујџево. Појма нема шо значи то.

Додуша и нашата Анастасија појма немаше што сака да каже кумата Славица. Таа често не можеше да ги разбира возрасните што зборуваат, а во овој случај брзиот прилепски говор уште повеќе ја збунуваше. Сепак, таа имаше лек за тоа - секогаш ќе го погледнеше зачудено дедо Никола и тој веднаш почнуваше со објаснување. Дедо Никола знаеше сѐ. Дека тоа е така може да потврди и една многу интересна случка по која децата од класот на Анастасија, енциклопедијата ја нарекуваа дедониколопедија. Тоа беше еден ден кога Анастасија на училиште учеше за едни големи книги во кои има сѐ и сешто. Во тие книги по азбучен ред има објаснување за што и да ти падне на памет. И нивното име е енциклопедии. Па бидејќи учеа за нив, учителката постави прашање кое гласеше: „Како се вика книгата во која можеме да најдеме одговор за сѐ што нѐ интересира". - Тогаш нашата Анастасија се збуни, направи загрижен израз на лицето и дигна рака. Наставничката помисли дека таа го знае одговорот па ѝ дозволи да зборува. А тогаш Анастасија гордо застана и рече:

- Се извинувам наставничке, но тука не се работи за книга, туку за човек. Одговорите на сѐ што нѐ интересира можеме да ги најдеме ако го прашаме дедо ми Никола. – класот заедно со наставничката слатко се изнасмеа.

- Нашата кума зборуваше за свети Наум. – рече дедо Никола. - Тоа е еден голем светител, ученик на свети Кирил и Методиј. Со Свети Климент патувал во Рим, каде што се прославил со многу чуда и мудрост. Зборувал на многу јазици. Кога се вратиле од Рим, св. Наум и св. Климент се населиле околу Охридското Езеро. Биле од голема корист за луѓето што живееле на тие простори. Свети Клиѓмент станал епископ во Охрид, а свети Наум го изградил манастирот во кој ние сега одиме. Тогаш се викал „Свети Архангел и Михаил", но подоцна откако свети Наум се упокоил и го прогласиле за светител, манастирот се нарекол по него. За време на неговиот живот околу него се собрале многу монаси, од целиот Балкан. Бил прекрасен подвижник, мудар учител, чудотворен молитвеник и духовник. Превел многу богослужбени книги од грчки на словенски јазик. Правел многу чуда дури и за време на неговиот живот. Заедно со свети Климент ги подучувале луѓето во земјоделството. Тие не прекинувале со своите духовни, но и практични поуки. Еве ќе ви раскажам едно многу убаво чудо што се случило многу одамна: Еден ден свети Наум решил да прошета по нивите и да види како оди работата со орањето. Еден селанец одморајќи се во сенката, го оставил плугот и својот вол малку да здивнат од орањето. Во меѓувреме една гладна мечка се прикрадила и го изела волот од селанецот. Сето тоа оддалеку го видел свети Наум и многу се налутил на мечката. Веднаш ја стигнал и ја искарал. Таа се усрамила и за да ја надомести штетата, се впрегнала во колата на местото од волот и така селанецот си ја доорал нивата благодарејќи му на свети Наум.

- Леле дедо! – зачудено извика Анастасија. Колку интересна приказна.

- Да мила моја. Над неговите мошти денес пристапуваат многу болни луѓе. Неговото тело се наоѓа во манастирот каде што одиме.

# Средба

Кога дедо Никола заврши, тато Теодор ја паркира колата и зачудената дружина излезе. Сите се упатија кон манастирот и едвај чекаа да го видат местото каде што е положен светителот.

Таму ги чекаше отец Наум. Благата насмевка беше показател на неговата огромна смиреност, но силните искри во очите не можеа да ја скријат неговата огромна радост што по толку долго време ги виде своите блиски за кои деноноќно се молеше.

Мама Софија не знаеше како да се однесува. Таа безброј пати беше укорувана од тато Теодор да се однесува пристојно. Сепак љубовта кон својот брат ги надмина сите дотогашни препреки. Таа му пристапи, благо го погледна, исто како во детските денови кога требаше да го чува додека мајка ѝ имаше работа. Навидум таа средба делуваше доста официјална, како да се сретнале две непознати лица. Но внатрешно, во нивните срца гореше еден силен оган кој наместо да гасне, сè повеќе се расплamтуваше.

Откако поздравувањето заврши, отец Наум ги приведе сите кон црквата. Ги внесе во делот каде што беше положено телото од свети Наум. Се прекрсти и трипати клекна допирајќи го челото до земјата и потоа излезе. Анастасија пребледе. Се уплаши дека можеби вујче се налути на мама Софија и реши да си замине во друга црква. Веднаш се упати кон дедо Никола и му рече:

- Дедо зошто вујче онака клекнуваше и сега си замина од оваа црква и појде во друга, и се скри зад оној голем ѕид со икони?

Дедо Никола малку се замисли, ја погали по главата и ѝ рече:

- Ах мила моја, сега гледам колку многу сум грешел што ја слушав мајка ти и ретко те носев в црква. Но никогаш не е доцна, слушни ме што ќе ти кажам. Тоа клекнување што го правеше отецот се вика метанија. Така се поставува со мошти.

- Мошти дедо?

- Така се викаат деловите од телото што останале и не се распаднале. Ти знаеш дека откако ќе умреме нашите тела се закопуваат во земјата и со текот на времето тие се распаѓаат и остануваат само коските. Е мила моја нашите светители бидејќи биле многу добри луѓе, не ги лажеле своите другарчиња, ниту пак родителите. Ако направеле нешто лошо веднаш се поправале. И ги љубеле сите - што всушност е и најважно. Е па поради сите тие добрини што ги правеле, Бог не дозволил нивните тела да се распаднат. Освен тоа што ги сочувал нераспаднати, тој им подарил и прекрасен мирис кој се шири насекаде. Тие делови се викаат мошти мила моја рипке.

- Ааааа, сега те разбрав. Да бе дедо, кога бевме на екскурзија вујче ни извади едно такво ковчеже и рече да го бакнеме. И навистина мирисаше многу поубаво од парфемот на мама Софија. А дедо каде замина вујче?

- Тој замина во олтарот. Ете тоа е втората работа што треба да ја знаеш. Тоа не е ѕид со икони, туку олтар. Таа преграда е свето место. Зад неа има света трпеза. Тоа е една маса на која се приготвуваат Светите дарови. Тоа се Телото и Крвта Христови. Но за тоа ќе ти зборувам малку подоцна. Отецот сега ги облекува своите одежди. Тоа се алиштата со кои ќе ја служи крштевката. Тој ги облекува нив бидејќи ова е една голема свеченост. Како што ти се дотеруваш кога ти е роденден, или кога одите в град со мама Софија, така и отецот се дотерува за овој свечен чин.

Дедо Никола ја зеде за рака Анастасија и се упатија во централниот дел од црквата. Во средината имаше еден котел полн со вода до кој стоеше игуменот Наум, насмеано чекајќи ги да се приближат.

Крштевката беше многу забавна за нашата мала Анастасија. Таа се смееше бидејќи отец Наум целосно го потопуваше нејзиниот брат во водата. Но беше сигурна дека отецот нема да го удави расплаченото братче. Едноставно имаше доверба во вујко си. Потоа го мачкаа со некое масло по рачината, на главата на ушињата, на ножињата, насекаде. И тоа ѝ беше чудно на Анастасија, па веднаш го праша дедо си:

- Дедо што му прават сега на бато?

- Го миропомазуваат. Му ставаат крстни

знаци. Крвчиња мила моја. Со осветено масло.

- Масло? – се зачуди Анастасија. – Исто како она што го имаме дома. Со кое што мама ни прави ручек?

- Па може да се каже дека тоа било навистина такво масло. Но откако свештеникот над него прочитал молитви за елеоосветување, тоа повеќе не е масло за јадење мила моја, туку масло или елеј за помазување. Тоа свето масло е печат на крштевањето. Откако ќе се помази новокрштеникот, чинот на крштевање завршува.

- Значи со тоа масло нема да може да се готви дедо? – зачудено запраша Анастасија.

- Не мила моја. Тоа масло е свето и ќе се користи за помазување. На некои поголеми празници или ако некој е болен и му треба помош.

Убаво е такво масло да си има секој дома. Па штом почувствува некоја тешкотија, веднаш да се намачка.

- Е па дедо ќе му کречеме на вујче да ни даде.

- Ќе ни даде отецот. Навикни се да го викаш така. Тој навистина е твој вујко, но пред сè тој е игумен. Подобро е да го викаш отец Наум.

- Во ред дедо, не е тоа толку важно за мене. Јас можам да го викам како што ќе ми речете. Само нема да можам да издржам да не го гледам повремено, а за името, не е важно дедо. – весело се насмеа малата дедина рипка.



- Ова го благослови игуменот. – рече монахот што го следеа - Денес цел ден се спремавме за неговиот внук. Ова е подарок за него. За малиот Петар кој се крсти денес. Нека му е вечно името!

Сите поседнаа на клупите, пријатно изненадени, некоја убава тишина го имаше обземено целиот простор. Таа тишина во друга прилика ќе беше многу непријатна, но сега, како на сите да им беше убаво што молчат. Дури и кумата Славица не проззбори ни збор. Е тоа навистина беше многу чудно.

По некое време во трпезаријата влезе и игуменот. Тој седна на чело од големата маса, еден од монасите кажа молитва, игуменот благослови и сите седнаа да јадат.

Тоа беа прекрасни моменти, полни со благи насмевки, љубов и среќа. Сите се радуваа што се заедно. Дури и мама Софија не можеше да го задржи строгиот израз на лицето, тој колку и да се трудеше да остани, беше истиснат од благата насмевка која зрачеше и во очите светнати од среќа.

## ДРУЖБА

Откако заврши крштевката, целата тајфа се упати по еден монах. Тој ги воведе во трпезаријата во која имаше наместено прекрасна трпеза полна со јадења. Сите се изненадија, дури и мама Софија и тато Теодор. Тие уште од претходниот ден спремија по нешто за да почестат, но ни на крај памет не очекуваа дека нив ќе ги честат.

## ЛИТУРГИЈА

По трпезата семејството Серафимовски си замина дома. Во манастирот останаа дедо Никола и Анастасија. По нив за неколку дена ќе дојде тато Теодор. Следниот ден беше празник. Анастасија забележа како во црквата при крајот на службата сите одат кон о. Наум кој од една прекрасна златна чаша им даваше нешто да јадат со лажичка, исто како што и мама Софија го рани малиот Петар. Анастасија не почека да заврши службата, притрча кон о. Наум и го запраша за сѐ што ја интересираше. Отецот ѝ објасни дека прекрасната златна чаша се вика путир и во него се наоѓа Христос. Анастасија се израдува дека отецот зборуваше за Оној за кого ѝ раскажуваше дедо ѝ. Таа посака да се запознае со него. Отецот нежно ја погали по главата и ѝ рече дека штом сака може да пристапи. Таа радосно застана и ја отвори устата. Вкуси благ вкус, и слушна од певницата како се пее: „Јако благ ест Господ...“



## ЛАВИРИНТ



Подготви:
Јулијана Талеска



## АРХИМАНДРИТ ПОРФИРИЈ
## ИГУМЕН НА МАНАСТИРОТ „СВЕТИ ЈОВАН ПРЕТЕЧА“ ВО ВЕРИЈА:

# СВЕТИ КЛИМЕНТ   АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ ИМАТИЈСКИ ПРОСВЕТИТЕЛ НА БАЛКАНОТ[1]

Ваше Блаженство, свети Архиреји, мои браќа и сестри, учесници на собиров, колку е добро и колку е прекрасно, кога браќата живеат заедно (Псалм: 132. 1)! Додека го подготвував ова уводно излагање за денешниов собир, во мене се роди мисла дека, со поканата од Блаженешниот Архиепископ, го имаме големиот благослов денес да дојдеме кај нашите духовни роднини. И, не само заради тоа што големите рамноапостоли Методиј и Кирил ги доведоа во прегратката на нашата мајка, Светата Црква, новите жители на Балканот, нашите браќа Словени, туку и заради нешто позначајно. Имено, монахот на нашиот манастир, како што и самиот соопштува, рамноапостолот свети Климент, ја донесе светлината на богопознанието на охридските наши браќа.

Така, значи, имам духовно чувство, дека денес се наоѓаме во домот на христовите деца на Светиот Климент, дека денес дојдовме во домот на децата на нашиот манастир, чеда на Светот Претеча и Крстител Јован, на кого и е посветен нашиот манастир.

Следствено, чувствуваме голема благодарност кон Блаженејшиот Архиепископ г.г. Јован, но и кон Соборот на Светите Архиереи, и, кон нашите почитувани браќа и пријатели, за поканата да бидеме и ние, смирените жители на манастирот на Светиот Климент, присутни денес на ова духовно торжество.

Ние сме сигурни во тоа дека денес ликува Светиот Климент, и сите души на нашите православни браќа, за оваа средба на љубов и единство. Срдечно му благодариме и на нашиот Високопреосвештен Пастиреначалник г. Пантелејмон за благословот што ни го даде, денес да бидеме тука, заедно со вас.

Како што сите знаеме, во светиот манастир на Светиот Јован Претеча, на Пиеријските гори, во Светата Митрополија Веријска, се чува пречесната и благодатточива глава на светиот отец наш Климент, Архиепископ Охридски. Според историчарите, чесната глава се наоѓа во нашиот манастир, барем од XIII век. До истиот заклучок доаѓа и научникот, којшто ја проучува сребрено направената обвивка на главата, односно, дека кивотот на чесните мошти е творба од истиот период, т.е. XIII век. Надворешна обвивка на чесната глава, „кутијата“ на светителот, има свој натпис, којшто датира точно од 1818 година. Во светиот кодекс на нашиот манастир, во Каталогот на чесните мошти е наведено:

*1 предавање одржано во Ставропигијалниот манастир „Свети Јован Златоуст“, Нижеполе, Битола, на прославата 1100 години од упокоението на светиот Климент Охридски от Чудотворец, 2 Октомври 2016 г.*

„Во сребрената кутија се содржи сесветата глава на светиот Климент Архиепископ Охридски.“ Други познати пишани информации за чесните мошти немаме, барем до овој момент.

Имаме, сепак, нешто друго многу важно, единствено, би рекол. Во библиотеката на манастирот се чува литургијската брошура, всушност книга, која ја содржи службата на Светиот Климент. Оваа книга е објавена во Венеција во 1784 год., и, колку што можеме да знаеме, е нерегистрирана во соодветните Каталози. Всушност, за овогодинешново јубилејно празнување на Светиот Климент, ние ја препечативме споменатата книга. Така, значи, нашиот манастир претставува, од многу одамна, центар на чествување на Светиот Климент. И зошто е тоа така? Дали затоа што ние ги поседуваме светите мошти и книгата со неговата служба? Веројатно не, или подобро кажано, не само поради оваа причина.

Во 1993 год., организиравме еднодневен собир во манастирот, го евидентиравме и објавивме официјално, за првпат, преданието што го слушавме во нашето село, Полидендри Иматија, за нашиот светител. Не ви кријам, бидејќи кога бев мал не ми се допаѓаа игри, се криев каде што ќе најдев, па мајка ми, ми велеше: „Што седиш внатре како Климент?“ Згора на тоа, во селото Полидендри Иматија, во старата Кокова, постои и неистражена пештера, наречена: Пештерата на Климент. Дали тоа има некаква врска со нашиот светител? Се разбира, потребни се многу истражувања за да се потврди реченото, и сè уште се наоѓаме само на почетокот на запознавањето со светителот.

Значи, прво го објавивме местното предание во 1993 год., за еднодневниот собир во нашиот манастир, којшто тогаш го имавме организирано, а подоцна продолжи истражувањето и се објави цела книга за Светиот Климент.

Дозволете да го спомнеме набрзина соодветното местно предание:

Светиот Климент потекнува од иматијско семејство и неговиот татко бил значаен трговец. Со цел да се дружи со Словените, како што бива во овие случаи, татко му го познавал многу добро јазикот на овие нови жители на Балканскиот Полуостров. Така и синот го научи новиот јазик, и се вдахнови со големи амбиции. Стана ученик на браќата Михаил (со неговото подоцнежно име Методиј) и на Константин (со неговото подоцнежно име Кирил). Мудри мажи, кои беа избрани од страна на Патријархот Константинополски и најголемот меѓу философите, светиот Фотиј Велики, за остварување на боговдахновената мисла за христијанизација на Словените, и отфрлање на идолопоклонството во Елада.

Во таа група учествуваа двајцата еднородни браќа Методиј и Кирил, коишто ја распространија православната вера на Север до Бохемија т.е. денешна Чешка, а на Запад стасаа дури до Рим. Другите двајца еднородни браќа, Симеон и Теодор, се симнаа до Пелопонез, каде што го изградија манастирот Мега Спилео - Големата Пештера. Нашиот светител, прими монашки чин во манастирот на Светиот Јован Претеча, и следејќи го текот на неговите учители дејствуваше околу Охридското Езеро и стана Архиепископ на овој наш славен град. Светиот Наум е исто така солунјанин и дејствуваше на истото место со светиот Климент. Тројца други ученици на рамноапостолите Светите Методиј и Кирил, со имиња: Сава, Горазд и Ангеларий дејствувале при преостанатите словенски племиња. Во нашиот манастир, со благослов на нашиот ценет Пастироначалник, ние ја почитуваме оваа декада на просветители и на посебен проскинитар ја имаме нивната света икона.

Се наоѓаме во многу стари епохи, во IX век, околу 860.

Ова е местното предание за Светиот Климент, како што е запишано од страна на речиси деведесетгодишниот Јован Бацио, во 1993 година. Истиот тој ни раскажа и како стигнала светата глава во манастирот на Чесниот Претеча: во манастирот на светителот во Охрид, живеше еден монах со име Наум, кој имаше ѓаконски чин. На него, му се јавуваше Светиот Климент и му велеше дека сака да се врати во својот манастир, во манастирот кадешто се замонашил. Ова се случило неколку пати, но јероѓаконот имал тешкотија да ја спроведе волјата на нашиот светител. Сè додека една ноќ, повторно му се јавил светиот Климент, и заканувачки побарал од монахот Наум да ја предаде во тој час главата во манастирот кадешто се замонашил. - „Стани сега и земи ја мојата глава. Сакам да се вратам во мојот манастир.“ - „Ма, ноќ е, црквата и манастирот се заклучени“, одговори ѓаконот. - „Ќе ја најдеш црквата отворена. Врз светата трпеза, завиткана во бела шамија, ќе ја најдеш мојата глава. Надвор од манастирот те чека бел коњ. Земи ја главата, качи се на коњот и јас ќе те водам во мојот манастир“, одго-

ворил Светиот Климент. Така и направил Наум. Го јавнал коњот и брзајќи пристигнал точно пред ридот на манастирот, кој се вика Хујазма2. Истата ноќ, Светиот Климент му се јави и на игуменот на манастирот на Претечата: - „Излези со монасите да ме пречекаш. Јас сум Климент, вечерва се враќам во мојот манастир». Игуменот ги повика монасите и тие излегоа на местото Хујазма. И, иако коњот беше наспроти, каде што постои манастир на Светиот Димитриј на северниот брег на реката Алиакмон, одеднаш се најде другата страна на реката. Оттогаш, главата останува и се чува во манастирот на Светиот Јован Претеча.

Ова е местното предание за доаѓањето на чесната глава кај Чесниот Претеча. Приказната за нашиот Светител, идентично ја раскажуваат не само Јован Бациос, туку и другите селани, како Илија Плиака, и оние кои живеат денес и сè во поодмината возраст.

Автентичноста на преданијата нека ја проучуваат научниците. Божјиот народ, имено ние, живееме и се храниме со убавите и самобитните преданија на православниот род наш. Вистина е дека во познатите житија и текстови за Светиот Климент, постои една голема празнина. Светителот е прикажан на сцена од моментот кога тој се запознава со светите солунски еднородени браќа Методиј и Кирил, и има молк по неговата смрт, во врска со чесната негова глава и во врска со неговите останати чесни мошти. Значи, празнините пред оној голем историски момент, како и после преносот на моштите на светителот ги дополнува оваа наша иматијска, локална историја.

Но, ајде да додадеме неколку зборови и за светата глава. Оваа чесна наша отечка реликвија, се чествува во целата Пиерија, до Велвендо. Имаме докази за овие „патувања", како што се наведуваат, на светата глава. Веќе во 2005 год., го запишавме, во една брошура, убавиот обичај, според кој ја поканувaат чесната глава, потоа почитта што ѝ ја оддаваат и сè што е поврзано со тоа. Од Велвендо Кожани до Иматијска Бања, и од главната црква на Свети Никола во Кожани до црквите на Науса, ликот на Светиот Климент се запазува или на ѕидовите или на светите икони.

Селата, особено Пиеријските, ја примаат секоја година, за време на Божикните пости и потоа, света благоточивата глава со почести како за Владика. Во Сфикја светителот оди вечерта пред Божик, а во Полидендри вечерта пред Богојавление. Во сите села луѓето излегуваат на централните места за да ја пречекаат чесната глава на Светителот. Исцелувањата, кои ги прави светителот кај луѓето, и кај домашните животни, се посведочени од страна на местните жители. Куќите се осветуваат од денонокното гостопримство на светата глава. Во 1998 год., во соодветна книга, се запишаа и чудата, коишто се соопштени од страна на мештаните од селата кои се наоѓаат околу манастирот. Така локалното сеќавање за нашиот светител е веќе преточено во пишан збор.

Во 2011 год., со благослов на чесниот Пастироначалник наш, на Високопреосвештениот Митрополит Верисјки, на Науса и Кампанија, организиравме соодветно предавање за истакнување на личноста на свететителот. Веќе, малку по надвор од нашиот манастирски комплекс, го имаме истакнато и местото: Хујазма, каде што е пристигната, според преданието на Пиерија, чудотворната и сесвета глава на Светиот Климент. Исто така, со благослов на нашиот Епископ, ние го востановивме празникот на Десеточислените Просветители на Балканот, односно на Светиот Фотиј Велики, Патријархот Константинополски, и неговите ученици. Тие светители се: Симеон и Теодор, Кирил и Методиј, Климент и Наум, Сава, Горазд и Ангеларij. Светителите ги славиме во саботата или неделата, по споменот на Светиот Фотиј. Навистина, на овие светители посветивме и еден проскинитар со кандило и икона на која се поклонуваме во наосот на нашиот храм, за да ја покажеме нивната голема вредност, заради нивните борби, и заради честа, којашто им приличи.

Сечесната и благоточива глава на светителот, е извор на осветување и на многу чудеса, како за браќата на манастирот, така и за поклониците кои ја целиваат. Излева благодатно благоухание и не ретко излева миро, додека честопати има огромна тежина, така што речиси не може да се подигне.

Оваа година се навршуваат 1100 години од блаженото упокоение на светителот, на 27 јули 916, ден на споменот на Светиот Великомаченик Пантелејмон, во чест на кого светителот изгради манастирот, седиште на неговата Архиепископија, во Охрид. Така, годината 2016 е посветена во чест, сеќавање и истакнување на речиси непознатиот, голем наш локален жител на Иматија, нашиот

*2 веројатно овој збор е поврзан со крик, викање*

Светител. Во 2015 год., за првпат, празнувањето на Светителот го почнавме од местото кадешто чудотворно пристигна неговата чесна глава, околу XIII век, со јероѓаконот Наум, донесена на бел коњ, во местото наречено Хујазма.

Покрај Охрид, со ктиторскиот манастир на Светиот Пантелејмон на ридот Плаошник, каде што се чува малечок дел од чесните мошти на светителот, во неговиот гроб, областа Иматија е втора по чест за него. И, природно, манастирот на Светиот Јован Крстител бива возвеличен со чувањето на чесната глава на Светиот Климент Охридски.

Во нашиот манастир, освен иконите, кои значително се зголемија во иконостасот на храмот, на страната на Богородица, се наоѓа голема икона на нашиот светител заедно со Светиот Никола. Исто така постои и мала икона од иконостасот, која поради големите оштетувања, се чува во манастирската ризница. Во стариот храм на Преображението на Спасителот, на северниот прозорец од олтарот има стара фреска со ликот на Светителот. Икона на Светителот со големи димензии, заедно со нашиот ктитор Преподобниот Дионисиј, најдовме и во Румлакијската котлина. Во стариот храм на селото Лутрос, којшто сега е храм на гробиштата, на посебен проскинитар постојат и голема, и мала икона на Светителот. Благочестивиот парохијски свештеник, отец Јован, за да ги зачува, ги префрли двете икони во централната парохиска црква на селото. Во селото Ниси, со стариот манастир на Светите Чудотворци и Бесребреници Козма и Дамјан, се наоѓа сочувано уште едно значајно наследство, во врска со нашиот Светител. Постои стара брошура со службата на Светиот Климент. Брошурата е отпечатена во 1784 год., во Венеција. Во најголем дел, е иста како и изданието од 1748 год., издадена во Москополе во големата печатница Свети Наум.

Јеромонахот Арсениј Меликиотски, за литургијските потреби на Манастирот на Претечата, порача, од тогашниот славен учител и химнописец Атанасиј од Парос, да ја дополни старата служба, кадешто се спомнува и чествувањето на Светата Глава на Светителот. Во Науса нашиот Светител своето присуство го пројавува со големата поклонувачка икона на иконостасот, во црквата Свети Георгиј. Во соседно Кожани, каде што беше катедрата на монахот на нашиот манастир, Јерархот Теофил, ликот на Светиот Климент доминира на фреска, во убава Ариерејска одежда, на централно место, во митрополитскиот храм на Свети Никола. Но, исто така и во Велвендо, во соседната митрополија на Кожани, во храмот на Пресвета Богородица, на иконостасот постои голема икона на која се изобразени тројцата наши светители, Преподобните Дионисиј и Теофан, со Светиот Климент како Архиереј во средина. Таа икона е дар од јеромонахот Софрониј Продоромит.

Би сакал да завршам со едно сосема случајно наше откритие. Претставувајќи го нашиот Владика на празникот во Хариеса, пред една година, побаравме од тамошниот парохијски свештеник да нè одведе до чудотворната света вода на Пресвета Богородица, која се наоѓа во старото село. Отидовме, имено, таму и се поклонивме во старата црква, од XVII век. Со истражувачкото расположение кое нè карактеризира, откривме некои стари, заборавени, изедени од црви, икони во еден креденец. Нашата трогнатост беше огромна кога таму ја откривме иконата на Светиот Климент. Се прашувам, во колку други неофицијални збирки на икони, се наоѓаат, до сега непознати икони на нашиот Светител?

Со овие мисли, свети Архиереи, и љубени наши отци, затворајќи го ова скромно, наше обраќање, ќе ми дозволите да се заблагодарам на нашиот Пастироначалник, поради тоа што ни го довери ова излагање, но, главно, поради тоа што ни подари еден ден од дваесет-и-втората манифестација на Павлиа, оваа година, посветен на свети Климент, и за тоа што го истакнува и чествува, со геометриски прогрес, секоја година, нашиот Светител, Светиот Климент, светителот на Иматија, Просветителот на Балканот, нашиот Икуменски Свет Јерарх на Црквата Христова.

превод од грчки јазик: Оливера Димовска




## ЕПИСКОП СТОБИСКИ И МЕСТОБЉУСТИТЕЛ СТРУМИЧКИ ДАВИД

# КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ-СВЕТИТЕЛ НА ВСЕЛЕНАТА, НА РОМЕЈСТВОТО*

Високопреосвештен Митрополите на Верија, Науса и Кампанија г. Пантелејмон, чесни отци,

во редовите што следуваат, преку еден аргументиран и непристрасен пристап, ќе се осврнеме на контекстот во којшто, на сцената на историјата, се појавува една исклучително блескава личност, а таква личност бездруго е светиот Климент Охридски! Потоа, накратко, тогашните историски околности ќе ги споредиме со сегашноста, со единствена цел: од изложеното во ова обраќање, секој мислечки човек, без принуда, да има можност самиот да донесе заклучок, што светиот Климент е, а што не е, од она, коешто различните научни и помалку научни пристапи ни го претставуваат во однос на неговата личност и дејност.

Познато ви е дека во нашата татковина дејствува расколничката и, природно, за целиот православен свет, непостоечка т.н. „Македонска православна црква“, која во содејство на одредени политички структури, во образованието и, воопшто, во јавноста, оприсутнува едно извитоперено, не ретко и фалсификувано гледање на историјата, којашто продолжително ја прилагодува на својот калап, како начин да повлече некаков историски континуитет за своето постоење. Сосема друг проблем претставува тоа што мнозина, коишто се стекнале со таквите научно неиздржани податоци, кои ќе ги видиме во продолжение, се судираат со релевантните научни докази, секогаш кога ќе излезат надвор од својата земја, и ќе влезат во светот на науката, во кој политички прилагодената историја нема никакво значење и нема никаква врска со реалноста.

Ова обраќање во ниту еден случај нема за цел да ги навреди оние, коишто ја изопачуваат историјата, туку попрво да приложи научни докази, кои водат кон познание на вистината, која ослободува,[1] па, ако сакате, и кон конструктивна дебата, која нема да се темели на лаги и произволни податоци, туку на истакнати и важечки референци и докази.

Во оваа прилика ќе се осврнеме на две конкретни историски искривувања.

I. Првото искривување на историјата е дека расколничката и самонаречена „Македонска православна црква“ е всушност, какошто самите се

---

** омилија изговорена на 23 Јуни 2016 г., на свештеничкото собрание во „Павловиот Културен Центар“, во Верија, Р. Грција, по повод прославата на Веријската Митрополија на 1100 години од упокоението на свети Климент Охридски.*

*1 Јован 8. 32*

изразуваат: обновена светиклиментова Охридска Архиепископија, светиклиментова црква, црква на славниот свети Климент Архиепископот Охридски! На пр., еден расколнички историчар, пишува: „свети Климент станува првиот Епископ и основач на македонословенската црква со седиште во Охрид“.[2] Во учебникот од кој учат расколничките богослови, негов колега, исто така, пишува: „свети Климент е основоположник на денешната Македонска православна црква“.[3] Врз основа на овие ставови, во уставот на расколничката т.н. „Македонска православна црква“, стои запишано дека: „врз основа на тоа дека првите епископии се основани во македонските градови Солун, Бер и др., врз основа на дејноста на македонските апостоли Гај и Аристарх, врз основа на дејноста на свети Климент епископот на македонската величка епархија, кој на својот македонски народ му остави книги на старомакедонски јазик и т.н., и т.н., се донесува Уставот на Македонската православна црква“.[4]

Ги наведуваме овие референци, за црковната јавност да се запознае од поблиску со кризата на идентитетот на расколниците во нашата земја, коишто бараат да бидат примени во Соборноста на Црквата, без притоа дејствително да покажат преумување за очигледните и тенденциозни изопачувања на црковната историја!

Но, да видиме што велат историските факти?

Од Житието на светиот Климент, коешто го напишал блажениот Теофилакт Архиепископот Охридски, познато е дека светиот Климент ги придружувал Просветителите на Словените, светите Методиј и Кирил, во нивната мисија во Моравија. Бил прогонет од Моравија и дошол кај бугарскиот цар Борис Михаил, којшто го испрати за учител во Кутмичевица, дарувајќи му места за почивка во Охрид и Главеница.[5] Значи, тогаш кога царот Борис Михаил го испраќа светиот Климент во Кутмичевица, светиот Климент сè уште не бил ракоположен за Епископ. Научните истражувања покажуваат дека после барањето на царот Симеон, за поставување на Архиереј од словенско потекло, Вселенската Патријаршија формира нова Епископија со име Величка, и таму за прв Епископ го поставува светиот Климент, кој за време на својот живот ја имал титулата Епископ Велички.[6] За територијата што ја опфаќа оваа Епископија постојат многу и различни истражувања и ние, сега, нема да се задржуваме на таа тема. За оние, коишто се интересираат, ќе посочиме само дека битен извор, кој го третира тоа прашање, бездруго е книгата „Светиот Климент и прашањето за Епископијата Величка“, на Ангелики Деликари. Но, може да се заклучи дека скоро сите истражувачи се согласуваат дека границите на јурисдикцијата на светиот Климент, би можело да бидат локализирани во различни области, од северозападните Родопи, до албанското крајбрежје.[7]

Сите, пак, научни истражувања се сложуваат дека светиот Климент Епископот Велички се упокоил на 27 Јули 916 година. Од друга страна, исто така, непобитен научен факт е дека Охридската Архиепископија е основана во 1018 год., од византискиот автократор Василиј II Бугароубиец, со три царски хрисовули, и очигледно е дека оваа Архиепископија имала своја автономија во канонската јурисдикција на Вселенската Патријаршија.[8]

Следствено, светиот Климент Епископот Велички се упокојува цел еден век и две години пред основањето на Охридската Архиепископија. Тој бил Епископ на Вселенската Патријаршија и не може да се смета за основач на Охридската Архиепископија, а во ниту еден случај за основач на расколничката, самонаречена „Македонска православна црква“, од причините коишто погоре ги предочивме, како и од фактот дека светиот Климент никогаш не бил во раскол со Црквата, како што денес, во раскол се наоѓаат Епископите на државно формираната, т.н. „Македонска православна црква“! Очигледно, титулата Архиепископ Охридски, светиот Климент ја добил само почесно и тоа долго време после неговото упокоение.

2 *Славко Димевски, „Историја на Македонската православна црква“, стр. 5, Македонска книга, Скопје, 1989.*

3 *мр Јован Белчовски, „Историските основи за автокефалноста на Македонската православна црква“, стр. 12, Скопје, 1990.*

4 *Устав на Македонската православна црква, стр. 3 - 5, Скопје, 1995.*

5 *Жития на българските светии, Блажени Теофилакт Охридски: Житие на свети Климент, стр. 205 - 207, Света Гора Атон, Славянобългарски манастир „Св. Вмчк. Георги Зограф“, 2002.*

6 *Αγγελική Δεληκάρη, «Η Αρχιεπισκοπή Αχριδών κατά των μεσαίωνα», σελ. 82, University Studio Press, Θεσσαλονίκη 2014*

7 *Angeliki Delikari, Der Hl. Klemens und die frage des bistums von Velitza, стр. 63. SS Cyril and Methodius center for sultural studies, Thessaloniki, 1997.*

8 *Иван Снегаров, „История на Охридската Архиепископия“, Том 1, стр. 52 - 63, Академично издателство Проф. Марин Дринов, София, 1995.*

II. Второто искривување на историските факти, коешто од поново време е присутно во нашата татковина е дека светиот Климент ја создал кириличната азбука и ја нарекол така во чест на својот учител, светиот Кирил. Согласно на важечкиот образовен систем, веќе во трето одделение децата учат дека тоа е азбуката со којашто се служат и денес,[9] иако денешната азбука во нашата татковина во голема мера е изменета! На пр., во 1945 год., додадени се шест целосно нови букви, а отфрлени се многу букви од автентичната кирилица. Исто така, во учебникот за шесто одделение на децата им се повторува дека светиот Климент ја создал втората словенска азбука која ја нарекол кирилица и дека кирилицата е всушност македонската азбука.[10] Искривувањето на историјата оди до таму што јазикот на светиот Климент, одредени расколнички кругови, кога ги преведуваат неговите дела, наведуваат дека се преведени од „старомакедонски јазик“, на тој начин наметнувајќи му насилно на светиот Климент дека тој зборувал и пишувал на „старомакедонски јазик“.[11] Вакви примери постојат многу! Тука, досега, предочивме гледишта само на двајца истакнати истражувачи, но и на Теофилакт Охридски, за издржано да го илустрираме искривувањето на научните историски факти. Навистина е трагично кога човек стекнува политички обоено образование, кое не соодветствува на научната реалност и со кое, како што посочивме, не може да се служи надвор од границите на сопствената татковина.

Како одговор на спомнатото извитоперување на историската вистина, ќе истакнеме дека познатиот византолог Димитри Оболенски тврди дека светиот Климент ја употребувал глаголицата, и не само тоа, туку и дека заради Климентовата дејност, Охрид останал главен центар на глаголични скриптории на Балканот.[12] Глаголицата се користела во Охридската книжевна школа уште неколку векови после упокоението на светиот Климент. Оболенски пишува дека кирилицата била стандардна азбука за Преславската школа во источна Бугарија, дека не постои издржано предание, коешто го поврзува Климентовото име со кирилицата и дека научниците го одбиваат ставот дека светиот Климент ја создал кирилицата.[13] И познатиот научник и професор Антониос-Емилиос Тахиаос пишува дека создавањето на кирилицата му припаѓа на Константин Епископот Преславски, којшто и самиот бил ученик на свети Кирил, и дека токму таа азбука ќе биде символ за заветот, којшто Византија им го дала на Словените преку цела една култура, преку науките, коишто происходат од Византиското Царство. Следствено, византиското наследство, преку кирило-методиевското предание, вклучително и преку светиот Климент, им било предадено на Словените не како статична, но како една динамична компонента, која од Словените ќе направи народи со богати духовни и културни вредности, на коишто заветен чувар, бездруго, била Византија.[14]

Во однос на потеклото на светиот Климент постојат различни тези. На пр., професорот Тахиаос пишува дека светителот имал словенско потекло,[15] но факт, којшто особено го истакнуваат мнозина научници е дека светиот Климент уште од најмалата возраст подеднакво ги говорел и словенскиот и елинскиот јазик. Од вниманието не треба да ни избега дека за времето во коешто живеел светиот Климент навистина е тешко да се зборува за национална припадност во смисла во којашто националната припадност се подразбира денес, особено надвор од Црквата!

Делото на светиот Климент првенствено подразбира свештенопосланство, мисионерство, и, секако, станува збор за дело со чисто духовен карактер. Преведувачкото дело на светиот Климент од елински на словенски јазик се распростре и беше предадено буквално помеѓу сите Словени,[16]

---

*9 Весна Настоска, Љубица Севдинска, „Македонски јазик за трето одделение, за деветгодишно образование“, стр. 194, Просветно дело, Скопје, 2015.*

*10 Снежана Велкова, Соња Јовановска, „Македонски јазик за шесто одделение, за деветгодишно образование“, стр. 73, Просветно дело 2009.*

*11 Свети Климент Охридски, „Собрани дела: слова, поуки, житија“, превод од старомакедонски протопрезвитер др Јован Таковски, МПЦ, Скопје, 2012.*

*12 Димитри Оболенски, „Шест византиски портрети“, стр. 48, Макавеј, Скопје, 2011.*

*13 Исто*

*14 види: Антониос-Емилиос Н. Тахиаос, „Пораката на наследството на Светите Кирил и Методиј кон светот на Словените“, Соборност, бр. 16-18, 2006.*

*15 Антоније-Емил Н. Тахиаос, „Солун и свет Словена. Духовно и културно зрачење византијског града“, стр. 31, Међународни центар за православне студије, Универзитет у Нишу – Центар за византијско-словенске студије, Ниш, 2014.*

*16 Ιωάννης Χ. Ταρνανίδης, «Ιστορια της Βουλγαρικής Εκκλησίας», σελ. 38 - 40, Εκδοτικός Οίκος Αδελφών Κυριακίδη, Θεσσαλονίκη, 2005.*

та несериозно е едно такво дело да биде затворено во тесните граници на етнофилетизмот. За нашиот заеднички светител, полнозначно и карактеристично, Димитри Оболенски ќе напише дека: „светиот Климент, покрај своите учители Кирил и Методиј, претставува еден од главните архитекти на византиската културна заедница.“[17] Не само преведувачкото, но севкупното дело на светиот Климент, во кое спаѓаат неговите агиографски дела, потоа особено неговите проповеди, па ако сакате, како што вели Теофилакт: „светиот Климент од земјата на Елините донесе благородни дрвја со кои ги накалеми дивите дрвја на бугарската земја“[18]; значи, севкупното дело на светиот Климент Охридскиот Чудотворец има еден икуменски размер и во себе ја содржи сета широчина на Ромејството.

Ќе го завршам ова кратко излагање со следниов исказ: на дното од еден исушен бунар се наоѓала една жаба, којашто од дното гледала нагоре, кон небото. Одеднаш, горе на бунарот слетал галеб, кој ѝ рекол:

- колку е прекрасно небото, зарем не?!

Но, жабата недружељубиво и грубо му одговорила:

- каква дрскост, ти ли ќе ми зборуваш за небото, кога од овде кадешто сум и самата многу убаво го гледам!

Погледот на жабата кон небото од дното на бунарот е погледот на расколот, погледот на оние, коишто сакаат небото да го стават во нивниот ограничен калап, во нивните тесни, користољубиви граници.

Погледот на галебот кон небото е погледот на Православието, погледот на светиот Климент Охридскиот Чудотворец, погледот на скапоценото Ромејство, поглед на кој е повикан секој човек, кој сака да се ослободи од стегите на етнофилетизмот и трулежноста, и дејствително да го исполни призивот - да го обожи сопственото постоење во Единството на Црквата, како што тоа на дело го направи светиот Климент Охридски.

Ви благодарам на вниманието.

Превод од грчки јазик: Игуманија Кирана

*17 Димитри Оболенски, „Шест византиски портрети“, стр. 52, Макавеј, Скопје, 2011.*

*18 Жития на българските светии, Блажени Теофилакт Охридски: Житие на свети Климент, стр. 215, Света Гора Атон, Славянобългарски манастир „Св. Вмчк. Георги Зограф“, 2002.*



БОГОЉУБ ШИЈАКОВИЌ

# ХРИСТОС КАКО УЧИТЕЛ – ВЕРОНАУКАТА КАКО ПРАВО

Вероучителот е пред задачата учениците вистински да ги заинтересира за спасението. Но не само во некоја апстрактна теолошка (догматска, сотиролошка) смисла, туку кај ученикот да ја поттикне слободата и храброста за верата, радоста за животот, љубовта за другиот. Тоа е возможно, ако ни е Христос Учител и пример, макар што тоа е тешко кога денешниот контекст на знаење и школување не е наклонет натаму, напротив, тој се спротивставува на реалноста и животот. Веронауката пак, како училишен предмет (и освен тоа, како дел од општата образованост и култура) произлегува од општото право на слободата на вероисповед и од комплексното право на родителите и децата да бидат воспитувани во духот на својата вера, којашто е суштински елемент на идентитетот на личноста.

## I

Духовната ситуација на нашето време ја одликува непостоење на солидна и стабилна вистина, доминација на вистината во фрагменти и на моменти. Тоа што ни се наметнува како вистина и смисла на животот е предмет на масовното индустриско производство. Медиумското производство и понуда на брутално насилство и банални изопачености, ја обликува публиката да биде патолошки рамнодушна на злото и кај неа развива морална индиферентност. Абнормалноста се наметнува да биде прифатена како нормалност. Живееме во време кога гревот и вината исчезнуваат, во време кога се симулира покајание и простување. Светот во кој што живееме го губи трансцендентниот извор на вредности и станува лишен од смислата. Тоа се некои карактеристики на денешниот контекст на реалноста и животот.

Науката се бори да го задржи запоседнатиот монопол, да ја објаснува стварноста. Рационалноста себе си се прогласи за инстанца која го легитимира целокупното знаење за реалноста и чувството на живот, а истовремено одбива да го докаже својот легитимитет. Педагогијата се отуѓила од филозофијата и со тоа го изгубила својот фундамент, а идејата на образованието ја раскинала врската со божественото, и ја изгубила од вид човечноста. Училиштето не ја развива способноста за критично мислење, туку станува простор за стручна доктрина и индоктринација, па веќе не се поставува

прашањето за односот на науката кон вистината. Образованието денес не ги рефлектира и не ги емитува вредностите како ориентација во водењето на добриот живот. Воспитанието нема за цел да развива слобода и одговорност (како одговорност за другиот, така и одговорност за природата и човековата околина), морал и обичајност и воопшто врска на личноста со вредностите. Самосвојноста на личноста е непожелна, карактерот претставува пречка, а солидарноста е товар и се смета како отежнителна социјална околност. Тоа се некои карактеристики на денешниот контекст на знаењето и образованието. Но, зарем смислата на знаењето и образованието не е во обликувањето на душите, во растењето на личноста, во будењето на совеста?

Ако веронауката како школски предмет се наоѓа во ваков контекст, тогаш вероучителот во наставната пракса мора да се соочи со комплексните општествени прашања, драматичните егзистенцијални проблеми и деликатните ситуации на морални одлуки. Тогаш содржината на веронауката треба да биде проблемски ориентирана, нејзината форма на излагање дијалошка, а нејзината цел терапевтска. Врз основа на досега реченото, веднаш да го формулирам методичкото начело на корелативната интерпретација: во верската настава треба да е застапена корелативната интерпретација на верското предание и современото искуство од животот; имено содржината на традицијата (Свето Писмо, Свети Отци) и проблемскиот аспект на теологијата (догматиката, литургиката) треба да се разбере и да се толкува со помош на денешното искуство на реалноста, а животната реалност треба да се толкува од духот на преданието, така што оттаму да можеме да добиеме ориентири за обликување на животните идеали и за личното одлучување, како и способност за совладување на животните ситуации.

Денешните ученици на кои што им се обраќа вероучителот не се (веќе) сите верници, па дури ни во смисла на традиционалното припаѓање на еден културолошки идентитет. Многумина доаѓаат од семејства дистанцирани од Црквата и се под влијание на религиски индиферентен и агностички (па дури и атеистички и антитеистички), општествен контекст со којшто се карактеризира најразличниот светонадзорен плурализам. Веронауката, како сознајно-доживувачка и разбирлива средба со верата, треба да ги постави сите егзистенцијални прашања на младите, за да им помогне да стекнат отвореност за длабинската димензија на реалноста и религиозното искуство на трансценденцијата, за да ги поттикне на одговорност во социјалната комуникација и во животните одлуки. Вероучителот треба да покаже сензибилност и флексибилност во поглед на релативните актуелни верски прашања и случувања, и тоа во дијалог со владејачкиот идеолошки, политички, културен и научен дискурс. Така, веронауката не би била само некаков морализатор, туку би бил начин на саморазбирање и обликување на животот од духот на верата, живот во којшто содржините на верското предание одново можат да добијат своја благородна смисла. Веронауката треба да ги облагороди младите, за тие да го облагородат светот.

## II

Причината за веронауката како училишен предмет е специфична бидејќи произлегува од општото право за слобода на вероисповедта и комплексното право на родителите и децата да се воспитуваат во духот на својата вера, којашто е суштински елемент на идентитетот на личноста. Веронауката како образовен премет има содржини кои се дел од општото образование и културата, и тоа во една посебна смисла: не само што нема култура без култ т.е. религија, туку нема ни култ без жртва; а во средиштето на христијанската вера, веронаука и култура, е Жртвата т.е. Христос. Евхаристискиот спомен (ανάμνησις) на оваа Жртва, христијанската култура ја одредува како култура на паметењето. Денес т.н.„културно-забавен живот“ всушност е индустрија на заборавот, којашто во основа е една (псевдо) култура на заборавот. Слично на другарите на Одисеј кои се хранеле со лотос, (λωτοφάγος), па заборавиле на враќањето во татковината, имено ги заборавиле своите татковци, браќа, жени, деца (си го заборавиле идентитетот: кои се и од каде се; Одисеја IX 82-104), и многумина денес забораваат што е и од каде е европската култура.

Историјата на европската култура има свој втемелен почеток во античкиот елинистички идеал на образование – paideia (παιδεία: културен идеал, највисоки вредности и норми, човеково обликување во човек). За Сократ paideia претставува сеопфатно образование или култура, додека за Платон вистинската paideia е философија. Во плодната средба со

елинистичкиот идеал на културата, раното христијанство ја изградило својата меродавна образовна и воспитна парадигма: вистинската paideia е Христовото учење, Христос е педагог на човештвото, а Христијанството paideia Господова (παιδεία του Κιρίου); Христос е пример (παράδειγμα) според Кој се обликуваме (μόρφωσις). Григориј Богослов (Беседа 11) смета дека општата paideia во којашто се здружени класичната и христијанската образованост е непроценлив бисер. Христијанската paideia како сообразување со Ликот Христов, во смисла на боголикост (κατ᾽ εικόνα Θεου) и богоподобност (κατ᾽ ομοίωσιν Θεου), се остварува како соработка (συνέργεια) на човекот и Бога. Бидејќи Бог е заинтересиран за човекот. И Прометеј е заинтересиран за човекот: им подарува на луѓето оган (животно важна моќ, и заради ова добро дело, страда казнет од боговите. И Сократ е заинтересиран за човекот: ги наговара луѓето на вистина (повеќе грижете се за вистината, отколку за Сократ - вели тој во Платоновиот Федон; 91 c) и заради таа добрина, страда казнет од луѓето. Христовото страдање, пак, има поинаква смисла: Христовото примање на човековата природа и прифаќањето на смртта, под полното самоодрекување од љубов кон другиот, е единствена жртва која може да ја обнови заедницата помеѓу Бога и човекот, и да ја победи смртта. Ако прометејскиот дух (којшто го симболизира научно-технолошкиот прогрес) ни овозможува полесно да живееме и да опстанеме, а сократовскиот (којшто го симболизира морално-философскиот прогрес) да истраеме во вистината – не е ли тоа повеќе од доволно? Ако учениците ги научиме на слободна употреба на умот и техничките вештини – зарем им е потребно уште нешто? Меѓутоа: изгледа дека не постои изум којшто не би можел да биде свртен против човекот (токму заради „напредокот“ на знаењето, човекот стана загрозен вид) и дека нема таква вистина која не би можела да биде употребена за измама (и покрај достоинството на вистината заради коешто вистината ни е подрага од Платон: amicus Platon, sed magis amica veritas!). Митологизираната рационалност се докажува на широките воени полиња во дваесеттиот век, а медиумите денес имаат моќ вистината и правдата секојдневно да ја утврдуваат според односот на силите. Прометеј и Сократ, коишто нѐ следат во издигнувањата и падовите на човештвото, сепак за нас Христијаните се недоволни примери. Покрај сите знаења и умеења, насушно ни се потребни верата, надежта и љубовта. „Јас сум Патот, Вистината и Животот“ (Јн.14,6) – рече Оној Којшто преку жртвената љубов ни даде опитен доказ за своето учење. Во средиштето на тоа учење е неприкосновеното достоинство на личноста. Вистината и правдата се исклучително важни, но поважни се љубовта и милоста. Достоинството на вистината е исклучително важно, но поважно е достоинството на личноста. Токму од хоризонтот на верата се појавува оваа животно важна вистина за којашто вероучителот, како ученик Христов, треба да ги заинтересира учениците.

## III

Христовите ученици во Новиот Завет се прикажани така што нивните лични особини се потиснати во корист на нивниот однос кон Христа. Од тој динамичен и прогресивен однос тие добиваат реален идентитет. И нашиот идентитет е релационен: го градиме како личности во однос со другите личности. Вероучителот треба да ги воведе учениците во таа релациона ситуација, а тие потоа да поставуваат прашања (и тоа свои прашања), како што учениците Христови Му поставуваа прашања надвор од очите на јавноста - во доверба. Исто така кога Христос опоменува, често тоа го прави преку прашања: со тоа поттикнува на размислување, преиспитување и самоиспитување. Вистинските прашања произлегуваат од внатрешната потреба, се поставуваат во атмосфера на доверба и градат однос со оној од кого се очекува одговор.

Покрај надареноста од Бога, учениците Христови имаат и човечки слабости, па дури и да одбијат дар. И вероучителот се соочува со одбивање на дарот на Христовата наука. (Колку пати се повторило она „кај своите дојде, и своите не го примија“? – Јн.1,11). Лек за тоа е довербата, а довербата ја храни верата, а верата развива спремност на следбеништво. Да се последува Христос, да се оди по патот на Оној којшто е пат, секако дека не е лесно и тоа не е скриено: „кој сака да врви по Мене, нека се одрече од себе и нека го земе крстот свој, и нека ме следи“ (Мк. 8, 34). Тој пат оди преку крстот до Воскресението, а „Воскресение нема без смрт“ (Његош, „Горски венец“ 2351). Патот е еден процес на сообразување со Христовиот лик, а патоводителот Христос, сите кои го следат, ги води кон Отца, бидејќи: „никој не доаѓа до Отца освен

преку Мене“ (Јн. 14,6). Значи соединувајќи нѐ во заедница со себе, Христос нѐ воведува во задница со Неговиот Отец, Кој така станува и наш Отец. Така ни се отвора перспективата на небесното родителство, кое пак, повратно го втемелува достоинството на земското родителство. Потврдувајќи ги двете родителства, вероучител за пример е оној кого учениците го следат заради Оној кој Тој го следи, бидејќи сведочи дека и тој самиот е ученик на учителот Христос.

Отворајќи ги срцата на учениците за Христовата поука и Божјата волја, вероучителот им помага на учениците да го препознаат единствениот вистински Учител и Педагог Христос, бидејќи Неговата наука е од Бога (Јн. 7,16-18): „мојата наука не е моја, туку на Оној којшто ме пратил. Кој сака да ја твори Неговата волја, ќе препознае дали е ова наука од Бога, или јас сам од себе зборувам. Кој зборува сам од себе, својата слава ја бара; а кој ја бара славата на Оној којшто го пратил, тој е вистински и во него нема неправда.“ Примерен вероучител се одрекува од својата слава, па и од тоа тој да биде пример, бидејќи сведочи дека единствен оригинален пример е Христос. Повикот за нас, Христијаните, не е да станеме учители, туку другите да ги направиме ученици Божји, бидејќи тоа секој од нас настојува да биде; затоа во Делата Апостолски (6.1; 9.10, 19, 25, 26) друго име за Христијанинот е ученик (μαθητής).

Вероучителот треба да им помогне на учениците во барањето и наоѓањето на одговорот на едно општо и лично прашање: како да се спасиме во овој свет? Во светот во кој има можност за самоуништување, коешто Бог настојува да го преобрази во спасение. Одговорот го даде Христос говорејќи им на оние коишто ги исцели: „верата твоја те спаси“ – η πίστις σου σέσωκέν σε (Мк.5. 34; 10. 520). Глаголот sozein (σώζειν=спасува, избавува, да сочува во живот) е од придавката sos (σως=здрав, цел, жив, спасен), тоа би значело: верата твоја те исцели, те оздрави. Затоа што донесува спасение (σωτηρία), исцелување, оздравување (од смртта!) – Христос е Спасител (Σωτήρ). За да се заинтересира ученикот (μαθητής=Христијанин) за спасението, не се доволни знаењето и умешноста, туку неопходни се верата, надежта и љубовта; Љубовта е посилна од знаењето, бидејќи љубовта не владее, туку ослободува. Ако вероучителот ги научил учениците на слобода и храброст за верата, радост за животот, љубовта за другиот – тогаш ќе им го открие значењето на зборовите „верата твоја те спаси!“ Тогаш учениците заедно со (веро)учителот стануваат ученици Христови. Поважно знаење нема.

## IV

Ние сме ја наследиле онаа традиција и оној идеал на образование коишто се потпираат, како и сѐ друго што припаѓа на европскиот дух, на два потпорни столба: елинизмот и христијанството. На таа традиција ѝ го должиме уверувањето дека доблеста и знаењето се нераскинливо поврзани и дека образованието, всушност, е обликување – задобивање и негување на Божјиот лик во нас. Терминот „личност“ не е само јазично во врска со ова. Она што го подразбираме под поимот личност е мисловното постигнување на кападокиските отци на христијанската Црква на Исток во IV век; ни грчката, ни римската антика не знае за поимот на личноста: личност (πρόσωπον, persona) таму всушност е маска. Со христијанскиот поим за личност на сцена стапуваат и нови идеи за слободата и одговорноста, достоинството и природното право.

Воспитанието и образованието секако се однесуваат на личноста. Не само заради некој долг кон споменатото религиско происходење, туку и суштински личноста тешко може да оформи без вера, во широка смисла на зборот. Дали тогаш и идеалот на образованието може да се замисли без вера? Или поточно: што значи верата за идеалот на животот во заедницата? Образованието треба да е посветено на целосната личност, значи на интегритетот на личноста со самото тоа што образованието ја пренесува и развива културата (таа суштински подразбира религија), која од една страна го опфаќа личниот идентитет, а од друга страна ја интегрира личноста во заедницата. Ова можеби не е прилика да се расправа за вакви прашања, коишто обично се доживуваат со вкусот на метафизиката и на кои одговараме зависно од нашите уверувања. За да го засилам со аргументи своето залагање за соодветниот статус на веронауката во училиштата, јас од полето на уверување ќе преминам на теренот на човековите права, со коишто верското образување е многукратно поврзано. Во тој контекст спротивставувањето на веронауката, всушност е неспремност да се почитуваат човековите права. Освен што е духовна, историска и културно - образовна потреба,

веронауката е право, и тоа комплексно право.

Право на образување подразбира и стекнување на знаење за верата и религијата. Без познавање на верата и религијата неразбирливи ни се многу проблеми од разни научни дисциплини и училишни предмети: философијата, психологијата, историјата, книжевноста, ликовната и музичката уметност, социологијата, правото... тоа е толку очигледно што не е потребно да се наведуваат примери. Овде станува збор за верата и религијата како предмет на знаење, наука, теорија, што од една страна значи дека фактите од тоа знаење мора да бидат присутни во програмите на сите наставни предмети каде што им е местото, и тоа никако не може и не треба да биде замена за веронауката. Од друга страна знаењето за верата не треба да се гледа само функционалистички, па да се задоволиме со ревидирање на школската програма. Верското образование има вредност само по себе, тоа ни помага да се разбереме себеси и другите, како и целината на нашиот животен свет.

Правото слободно да се избере погледот на светот исто така говори во прилог на верското образование. Во нашите училишта таквото право донекаде е ограничено: од именувањето на училиштата, преку училишниот ентериер, до учебниците – сето тоа е сè уште од стариот и новиот печат на идеологизацијата и идололатријата. Сето тоа не е наклонето кон слободата на избор на погледот на светот. Сето тоа ја смалува можноста слободно и самостојно да ја оформиме својата личност. За нас кои што стоиме во христијанската православна традиција, верата е лично (личносно) искуство со живиот Бог, таа е најинтимниот дел на душевниот живот и проникнува во духовната целокупност на личноста; верата има важно учество во формирањето на совеста (моралната свест), во будењето на духовната самостојност и освојување на слободата за самостојно одлучување. Веронауката не само што му служи на тоа, туку таа токму извира од таквата традиција, и не може да биде предмет на неутрално информирање, посед на лексиконското знаење. Таа, значи, не може да биде надоместена со историја на религиите, не само заради тоа што ние не треба подеднакво и на ист начин да учиме за ламаизмот или тотемизмот како и за Христијанството, туку и заради еден основен проблем кога е во прашање историското и компаративното изучување на религиите: за да ги запознаеме религиите мораме да имаме некаков „поим" за религиите; бидејќи не постои некој општ поим за религии, а уште помалку некоја општа религија – ние можеме да имаме искуство во религијата единствено во некоја вера и конкретна вероисповед, единствено од сопствената вера можеме да ги согледаме другите вери, а не од некоја наводно неутрална позиција надвор од сите религии.

Правото на вероисповедание мора да биде фактичко, а не декларативно право. Верата не е само културно - историски факт и наследено добро, туку таа е и лична потреба и право, коишто државата мора да ги гарантира. Гаранцијата на правото на вероисповед, пред сè, претпоставува отворена можност да се биде верник. (Секако и можност да се биде неверник. Токму Христијанството инсистира на слободната волја). Оваа можност да се биде верник училиштето не смее да ја редуцира или гуши, туку мора да ја штити. Напротив, социјалниот контекст предолго бил таков што содржел отворена принуда да се биде атеист, ако не и антитеист. На секој мора да му биде загарантирано правото на личен пат до Бога. Природно е тој пат да води преку храмот, во кој човечкото битие треба да зачекори како дете. Во нашата а(нти)теистичка држава почесто се случувало човекот прво да дојде до Бога, па дури потоа да отиде во храмот. Веронауката во училиштата е државно загарантирано право на вероисповед. За тоа говори членот 18 од Универзалната декларација за правата на човекот (1948), член 18, став 1 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (1966), параграф 32.3 од завршниот документ од состанокот на Конференцијата за човекови димензии КЕБС во Копенхаген (1990).

Природното право на родителите да го воспитуваат своите деца не смее да биде суспендирано со никаков школски систем. Од тоа право произлегува должноста и одговорноста на родителите своите деца слободно да ги воспитуваат во духот на својата вероисповед, за која што се цврсто уверени дека е вистинска и дека носи спасение. Со кое право детето верник може да се изведе на соочување со училишната средина свртена против неговата семејна средина? И што се случува тогаш во душата на детето верник? (Инженери на човековите души – покажете се!) Воведувањето на веронауката во училиштата треба да го штити ова право на родителите коешто во членот 18 став 4 го пропишува и Меѓународниот пакт за граѓански политички права (1966).

## V

Каков модел на веронаука? Во основните и средните училишта веронауката треба да биде и посебен предмет со обврзувачки статус и образовна содржина на другите предмети (философија, психологија, социологија, книжевност, општа историја, историја на уметноста, музиката); природата на веронауката како предмет треба да биде и воспитна (верска и морална поука, првенствено во основните училишта) и образовна (сознавања за религијата, особено во средните училишта); веронауката треба да ја предава вероучител – стручно лице коешто на предлог на Црквата и верската заедница го поставува Министерството за просвета, според прецизно утврдени услови; се подразбира дека веронауката, особено во основните училишта како верско-морална поука, треба да биде конфесионална (без вера нема вистинско познавање на религијата), значи секоја конфесија (православна, римокатоличка, протестантска, еврејска и исламска) да има своја веронаука (која вклучува и знаење за другите религии, па и за псевдо религиите), а родителите да одлучуваат која веронаука детето ќе ја посетува; во стручната педагошка и методичка смисла, веронауката треба да биде современа, што помеѓу останатото значи да се потпира на херменевтичка педагогија, комуникациската дидактика и дијалошки метод.

Знаеме дека образованието има социјална функција. Еден аспект на таа функција денес е многу важен, а тоа е интегрирање на заедницата. Еден дел од образовниот систем е начин за саморазбирање и самоидентификување на една заедница.

Веронауката залагајќи се за универзални вредности и идеали, и за специфични национални вредности, може да учествува во интеграцијата како природно својство на секоја заедница. Особено кај нас каде што, наспроти хомогеноста на малцинските групи, често и религиски заснована, стои неразбирливата нехомогеност на мнозинството.

Адекватното верско образование и воопшто порастот на верската култура, влијае во ублажувањето на можниот верски фанатизам и на зголемување на демократската култура и толеранција. Толеранцијата е трпеливост и внимание кон религиските, политичките и воопшто светските уверувања на другите и поинаквите луѓе. Ако не порано, тогаш во училиштата мораме да седиме едни крај други и да се учиме на толерантна и дијалошка комуникација. Проблемот на дијалогот, па и меѓурелигискиот, не е во тоа дека ние треба да се откажеме од своите уверувања и вредности, за кои наивно претпоставуваме дека - наводно - се пречка за дијалог; напротив: своите уверувања и вредности треба да ги вклучиме во дијалогот, за тој да не биде механичка средба на ставови и бесплодна размена на информации. Не е можно да се откажеме од сопствените вредности и уверувања, за да ги почитуваме туѓите вредности и уверувања. Компромисот не е одрекување од себе, туку во признавањето дека и другите имаат право. Тоа го знаеме најдобро кога се држиме до своите права. Едно од нив е и правото на веронаука.

Превод од српски јазик: епископ брегалнички и Местобљуститeл битолски Марко

Од:
Проф. др Богољуб Шијаковић
Христос као Учитељ, веронаука као право
Православље, бр. 1179





ХРИСОСТОМОС СТАМУЛИС

# СВЕТИТЕЛИТЕ И ПОЕТИТЕ, ВЕРОЈАТНО...

Постои еден заборавен збор. Изненадување. Збор, којшто во еден број случаи се поврзува со роденденски забави, во друг, пак, со големиот и нов континент, како што ни го оприсутнуваат сега, и, со години, малите и големите екрани. Така, неговото значење се поистоветува со јубилејното и вонредното, фолклорното, наше или не, сеедно; та, од таму и се бори да го исцрпи своето значење. Но, што е битно? Значи, што човекот смета дека денес е битно? Што ќе речете на тоа да помислиме на некои малечки нешта, секојдневни, некои од оние, коишто ги нарекуваме вообичаени. Можеби некаде ќе нѐ одведат.

Ајде да појдеме од Крстот, мислам на знакот на Крстот, кој на себе го изобразуваат луѓето, коишто поминуваат покрај храмовите, онака како што му е познато, сега и низ вековите, на христијанскиот свет, Православниот. Да отидеме понатаму, на палењето кандило во домот, во навечерието на празникот на светителот, како што тоа го опишуваат Пападијамантис и Мораитидис, и многу други мисти, тајници на непосредноста. Да продолжиме понатаму, во борбата на детето да го види малото гравче, замотано во памук и натопено со малку вода, како што го советувала учителката, за да пушти корени и да се развие. Не постои сомнеж дека, за мнозина, овие нешта, оваа реалност на еден едноставен живот, но сигурно не симплифициран, немаат никакво значење. Нивна цел се големите и важни нешта, оние, коишто се потпираат на убеденост и сигурност, распределени во системи, кои ја игнорираат личноста, го дозволуваат нејзиното опредметување и раѓаат самодоволност, којашто го достигнува својот врв во теснотијата, во здодевноста на идеологијата. Чист пример за тоа се било кои еклисиологии, било кои христологии и сотирологии, коишто ги заборааат Црквата, Христа и спасението, коешто троичниот Бог го принесува, како што знае и како што сака.

Ќе рече некој: до тука во ред! Но, што станува со темата на изненадувањето, на која предупредивме. Како се поврзува со вистината на нештата, како се поврзува со животот? Одговорот доаѓа од далеку, не дека секогаш треба да бива така, туку затоа што животот не се ограничува од лажните дилеми, стари и нови, преданија и обнови. Доаѓа, значи, од перото на александрискиот светител Кирил, којшто објаснувајќи го настанот на падот на првосоздадените и причините, коишто водеа во падот, му ја принесува на

православното самосвестие теологијата на тајната на изненадувањето. Во основа станува збор за свето изненадување, коешто како начин на постоење го дозволува реалниот живот, а кое од вљубеникот на „војвотката“ Богородица се определува како „блаженство, благосостојба“ (ευδαιμονία). Човекот, значи, - вели светиот Кирил, на начин едноставен и разбирлив (и така доаѓа во директен судир со теориите на мизеријата, кои ги раѓаат идеологиите на бегството од нештата), - живеејќи според природа, така како што Бог го создаде, живее блажен живот, живот свет. Се разбира, едно такво блаженство не се наоѓа никаде на друго место, освен со „созерцание на божествените нешта“. Врската којашто го претпоставува дејствувањето на изненадувањето, и следствено, единствената можност за едно такво созерцание, отците го нарекуваат богозрение, богосозерцание (θεοπτία). Кирил, прекрасно, толкувајќи го библискиот текст на Исходот, којшто е симболички, ги поврзува богозрението и изненадувањето со дрвото на животот. Значи, ни помалку, ни повеќе, вели дека падот на првосоздадените не беше резултат на некој прекршок на етичките правила, уште повеќе не беше резултат на предизвикување на Божјата правда, но беше последица на загубата на изненадувањето наспроти Создателот Бог, на таа света литургија, која претставува предуслов, но и резултат на вистинското постоење на човекот. Навистина, дополнува александриецот, Бог, за да му помогне на човекот, не само што просто му го даде дрвото на животот, но го постави и на такво место, во центарот на рајот, а не на маргините, за така да е видливо од секаде, и да дејствува за обожуваштите како продолжително потсетување, како заедничарење и крај на вподобувањето со „особено убавиот“, со дародателот Бог.[1]

Должен сум да исповедам дека едно такво разбирање на многузборуваниот пад на првосоздадените го допира повеќе егзистенционалниот центар на човекот, и паралелно, на подобар начин го толкува и неговото движење во просторот и времето.

Без да сакам да ја насочам патологијата на современото Православие кон корени далечни, во кои неодговорниот човек во продолжение ја бара причината за секој негов неуспех во сегашноста, должен сум да исповедам дека и денес проблемот се поврзува со отсуството на изненадување. Изгледа дека човекот на Православието е загрозен од истата опасност. Навистина, понекогаш, е немоќен да си ја освести големината на проблемот до тој степен, што остава впечаток дека живее вон просторот и вон времето. Немоќен е, значи, да ја почувствува својата голотија, бивајќи нарцисоиден во облиците, кои самиот си ги создал, и се чувствува исполнет и оправдан наспроти сите, коишто според неговата „благочестива“ совест, претставуваат опасност за неговото идеолошко создание, та патува по патот полн со „спасителна“ апатија и заборав. Така, Бог, човекот и светот, за него претставуваат даденост, за која чувствува дека има право на посед. И, има право. Ниту мисла за радоста која „го поседува решението за секоја енигма“, и која се заснова токму на можноста преку изветвеното, свесно да го предвидуваш бескрајот“.[2]

Наспроти еден таков „бесчувствителен“ живот, наспроти едно такво „бесчувствие“, телесно и духовно, коешто од светиот Јован Лествичник се определува како „умртвено чувство после долготрајна болест и бездејствие, кое доведува до целосна затапеност“,[3] значи, наспроти тоа, стои животот на светителите, пријателите Божји, кој ги изгонува сенките на песимизмот што му натежнуваат на црковното тело, та покажува дека присуството на „бесчувствителниот“ човек во границите на Православието, што честопати претставува депресивно правило, ќе може да се види како едно испитание, една прилика, која според Зои Карели, всушност претставува уште една добра прилика, којашто Бог им ја дава на луѓето, со цел „да ја појмат духовната одговорност, скриената грешка, да здобијат совест пред самите себе“.[4]

Јасно е дека една таква совест го изискува целиот човек, човекот со извежбани сетила, кој е во потрага по чудото не на пазарите на искористувањето, не во пределите на „религиозниот туризам“, но во секојдневното служење на тајната на божествената Евхаристија, којашто Православните ја совршуваат низ сите краишта на светот. Во оваа насока, во континуитет се покажуваат светители

*1 види: Κυρίλλου Αλεξανδρείας, Υπέρ της των Χριστιανών ευαγούς θρησκείας προς τα του εν αθέοις Ιουλιανού 3, PG 76, 629B.*

*2 Ν. Γ. Πεντζίκης, Το μυθιστόρημα της κυρίας Έρσης, σ. 152.*

*3 Ιωάννου του Σιναΐτου, Λόγος δέκατος έβδομος, Περί αναισθησίας, Κλίμαξ, εκδ. Ι. Μ. Παρακλήτου 1978, σ. 223.*

*4 Ζ. Καρέλλη, Το «Κοκταίηλ Πάρτυ» του Τ. Σ. Έλιοτ, Παρατηρήσεις Β΄, εκδ. Αστρολάβος/Ευθύνη, Αθήνα 1974, σ. 161.*

со поетска душа и поети со знаци на светост. Луѓе, значи, како светиот Симеон Нов Богослов, како Роман Мелод, но и од поново време, како старец Порфириј и старец Софрониј, кои ја оставија душата своја да постане играчка на ветрот со цел да ја види славата на вистинитото, луѓе кои не се уплашија да ја напуштат нивната сигурност и соголени да се натпреваруваат со времето.

„И, како што вели Марија Нефели“, забележува Хаџидакис, „како таа, така и поетот живее спротивно на морализмот. Сè е етос“. Кој ли може навистина да го почувствува етосот, кога секој од нас сака да ги именува навиките како етика? Како да се одрече некој од неговото достоинство, кое со толкава радост му го дарува „удобната етика“? Но, рековме: поетот е слободен. Поседува поетски етос и ја презира општествената етика. На тоа нè учат сите големи поети пред да нè научат на Поезија“.[5]

Бездруго, само преку едно такво чувство, еден таков допир со вистината на нештата, ќе може некој да го разбере кнезот Мишкин, тој епилептичен и следствено чувствителен херој на Достоевски, којшто поддржуваше дека за некој да стане сликар, не е доволно да знае да слика, туку потребно е да знае и да гледа. Сликарството, значи, како и секој облик на творештво, не е едноставно само техника, туку претходи согледувањето и следува техниката, за да ѝ се даде тело и крв на таа согледба. Се разбира, согледувањето не е резултат на некаков биолошки интегритет на човекот, кој секако е потребен, но се поврзува со подвигот, со вежбање на даровите Божји, со цел човекот да научи да гледа. Значи, не се доволни чувствата, зашто тој што има очи не значи дека гледа, - „штом имаш очи, зошто не гледаш?“ – госпоѓата го прашува кнезот. Тајната на согледувањето токму и во тоа се состои, во надминување на сигурноста и на убеденоста, кои ги раѓа биолошкиот интегритет и во влезот во трагичноста на неубеденоста. Конечно, тоа е и единствениот пат согласно на православната самосвест на светоста, за да може некој да го наслика животот. Прв стадиум од ова патување за кнезот Мишкин беше победата над апатијата, кршењето на објективната вистина и отворањето за изненадување, коешто е едно продолжително чекорење по жица, еден продолжителен подвиг, со сè што тој подразбира.[6] И, за да се отстранат веднаш веројатните недоразбирања, бележам дека прифаќањето на недостатокот на биолошките сетила на човекот не значи нивно надминување, нивно напуштање, туку се збива токму спротивното. Двигот, патувањето се состои и се изразува само со еден збор – преобразување. Оттука, како што пишува и Такис Варвициотис: „Поетот, именувајќи ги нештата / ги спасува од смртта“.[7]

Во 1938 год., Торнтон Вајлдер го промовираше „Нашиот мал град“,[8] значи во една епоха во која, според Марио Плорити „скоро сите модернизими и сите револуционерни школи на европскиот театар веќе беа созреани. И симболизмот, и експресионизмот, и сурреализмот го имаа направено влезот на сцената, имаа разбранувано, се имаа испитано, и се имаа повлечено изморени во мирување“.[9] Во една таква сцена Вајлдер ја поставува неговата историја. Во центарот на еден мал, едноставен и безначаен град на Нова Англија, во Гроверс Корнерс. Неговите жители се едноставни, привлечни, речиси универзални, „го претставуваат подобро од секој друг, човековиот род на земјата и ја вотеловуваат вечната драма на животот во сите негови фази“.[10]

**Чин Трети.**

## *Разговор на мртвите. Време: Лето, 1913 година. Место: Гробиштата на ридот.*

Младата Емили Веб се упокои за време на раѓањето на второто дете. И бебето не преживеа. Има една идеа. Бара да се врати назад и повторно да ги живее сите денови на нејзиниот живот. Останатите упокоени ја спречуваат. Настојува, бара макар еден ден. Ќе одбере некој среќен ден. Гласовите, коишто зборуваат дека тоа не е разумно, продолжуваат нагласено. Ја предупредуваат дека не ќе биде така како што очекува. Како крајно решение ѝ нудат да избере еден безначаен ден,

5 *Χατζιδάκης, Για τον Οδυσσέα Ελύτη, Ο καθρέφτης και το μαχαίρι, σ. 168.*

6 *Φ. Ντοστογιέφσκυ, ο Ηλίθιος, σ. 52-53.*

7 *Τ. Βαρβιτσιώτης, Νήματα της Παρθένου, εκδ. Κέδρος, Αθήνα, 1997, σ. 32.*

8 *делото за првпат беше одиграно во театарот „Хенри Милер“ во Њу Јорк, во Февруари, 1938 год.*

9 *Μ. Πλωρίτης, Πρόλογος στο T. Wilder, Η μικρή μας πόλη, μτφρ. Μ. Βολανάκη, Θέατρο 62 (1962), σ. 102.*

10 *Μ. Πλωρίτης, Πρόλογος στο T. Wilder, Η μικρή μας πόλη, μτφρ. Μ. Βολανάκη, Θέατρο 62 (1962), σ. 104.*

најбезначајниот во нејзиниот живот. Одбива. Го избира нејзиниот роденден, денот кога наполни дванаесет години. 11 Февруари 1899 година. Вторник. Цел ден.

Одговорниот за сцената: Ќе почнеме од утрото. Како што се сеќаваш, врнеше снег со денови. Но, претходната ноќ престана да врне снег и започнаа да ги отвараат патиштата. Изгрева сонцето.

**Емили** *(со крик)***:** Гледај, улицата, нашата главна улица!... Ма, ова е продавницата на г-дин Морган, пред да ја смени!... И, јавните коњушници.

**Одговорниот за сцената:** Се разбира, се наоѓаме во 1899 година. Пред четиринаесет години.

**Емили:** О, ова е нашиот град како што го знаев кога бев девојче. И… гледај. Еве ја старата бела ограда, којашто некогаш ја имавме околу градината. О, ова го имав заборавено. Ги сакам толку многу! Внатре се… тие?

**Одговорниот за сцената:** Да, мајка ти ќе се симне за да го подготви појадокот.

**Емили** *(нежно)***:** Ќе дојде?

**Одговорниот за сцената:** И, се сеќаваш? Татко ти беше отсутен со денови. И се врати тоа утро со првиот воз.

**Емили:** Зар!

**Одговорниот за сцената:** Имаше отидено во стариот колеџ да каже некое слово, во Клинтон, Њу Јорк.

**Емили:** Гледај! Еве го Хауи Њусам. Еве го и нашиот градски чувар. Ма, тој се има упокоено, умрен е…

(Г-ѓата Веб има дојдено во кујната, но Емили не ја гледа до моментот кога ја слуша да вика).

**Г-ѓата Веб:** Де-цаа! Џули! Емили! Време е да станете.

**Емили:** Мамо, тука сум! О! Колку е млада мама! Не знаев дека мама некогаш изгледала толку млада… О!

**Г-ѓата Веб:** Ако сакате, потрудете се да се облечете тука до огнот кадешто е топло, но побрзо.

(Г-динот Веб го тресе снегот од чевлите и влегува во домот).

**Веб:** Добар ден, мамо.

**Г-ѓата Веб:** Како помина Чарлс?

**Веб:** Е, многу добро, храбро. Им кажав неколку зборови таму…

**Г-ѓата Веб:** Чарлс, не заборавај дека денес ѝ е роденден на Емили. Се сети да ѝ донесеш нешто?

**Веб** *(ставајќи ја раката во џебот)*: Да, го имам тука.

**Г-ѓата Веб:** Боже мој. Се надевам дека тоа што ѝ го имам купено ќе ѝ се допадне. Кај ли не отидов за да го најдам. Де-цаа! Побрзајте!

**Емили** *(нежно, повеќе безизлезно, отколку со тага)*: Не можам да поднесам повеќе. Толку се млади, и толку се прекрасни. Заради која причина, мој Боже, да остарат? Мамо, тука сум. Имам пораснато. Ве љубам сите… и сè… Не можам да се наситам гледајќи сè. Ова тука се нашите лешници! *(Се врти малку и кон главната улица).* Еве ја и продавницата на г-дин Морган! И таму е гимназијата, секогаш, и секогаш, и засекогаш! И онде црквата кадешто се венчав! О Боже мој, Боже мој. О Боже мој. О! Боже мој!

*(Одговорниот за сцената ја упатува. Ѝ ја покажува куќата. Емили вели „да“, без да излезе глас од устата нејзина и влегува во куќата).*

**Емили:** Добар ден, мамо.

**Г-ѓата Веб** *(кај главните скали ја бакнува некако механички)*: Значи, злато мое, да живее многу години моето девојче, и му посакувам сто години. На масата во кујната има и подарок за тебе.

**Емили:** О, мамо, не беше неопходно… *(*Фрла еден очаен поглед кон Одговорниот за сцената*)*. Не можам, не можам повеќе!

**Г-ѓата Веб:** *(од делот на кујната со лицето кон публиката)*: Слушај роденден-нероденден, треба да седнеш и да го изедеш појадокот полека-полека и во мир. Сакам да пораснеш и да станеш една здрава девојка. *(Се врти со грбот кон Емили. Емили ги отвора нејзините подароци).* Сланината да ја изџвакаш добро. Тоа ќе те стопли на денешниов студ.

**Емили** *(почнува тивко, но брзо)*: О, мамо, погледни ме за миг, така како да ме гледаш вистински. Мамо, имаат поминато четиринаесет години. Имам умрено. Сега си баба, мамичке моја. Се омажив со Џорџ, мамо. И Џули се има упокоено. И пукна слепото црево кога отиде на една екскурзија во Норт Конгвеј. Поминавме мрачни денови, мамо, не се сеќаваш? Сепак, сега, за еден миг сме повторно сите заедно. Мамо, за еден миг сме сите среќни. Сврти се за да се гледаме една со друга.

**Г-ѓата Веб:** Тоа во жолтата хартија е нешто што го најдов на таванот помеѓу работите на баба ти. Сега си доволно голема за да го носиш, се надевам ќе ти се допадне.

**Веб** *(од внатре)*: Каде е моето девојче? Каде е девојченцето мое кое денес слави роденден?

**Емили** *(гласно кон Одговорниот за сцената)*: Не можам повеќе. Не можам да продолжам. О, ох! Сѐ минува толку брзо. Немаме време да се видиме вистински еден со друг. *(Одговорниот за сцената дава знак. Г-ѓата Веб исчезнува).* Немав сфатено. Сето ова ние го живеевме и не внимававме на овие нешта. Земете ме, земете ме горе на ридот, во гробот мој. Но, претходно, само еден миг! Само уште еден поглед. Биди поздравен, биди поздравен свету. Биди поздравено село мое… Мамо, тато! Часовници кои ги отчукувате часовите! И цвеќињата на мама! И храната, и кафињата! И штотуку испегланите алишта и топлите бањи!... И сонот! И будењето секое утро! О земјо, толку си чудесна, што никој не може да те разбере. *(Го гледа Одговорниот за сцената и одненадеж го прашува низ солзи).* Поимаат луѓето некогаш, го чувствуваат луѓето во ширина животот што го живеат? Секој детал, секој миг?

**Одговорниот за сцената:** Не! *(Пауза).* Светителите и поетите, веројатно го чувствуваат некако.

**Емили:** Подготвена сум. Сега сакам да се успокојам малку… Значи тоа се живите. Луѓе слепи.

**Г-ѓа Гибс:** Гледај, небото се отвора. Излегуваат ѕвездите.

**Г-дин Стимсон:** Сега научи. Сега знаеш! Така е кога си жив. Да скиташ во еден облак од агонија. Да одиш горе-долу газејќи ги чувствата на оние, на оние, коишто се наоѓаат околу тебе. Да го губиш и да го трошиш своето време како да имаш пред себе илјада години. Да бидеш секогаш плен на своите страсти и на својот егоизам. Сега знаеш – тоа е среќата, којашто сакаше да ја видиш. Им викаше? Извика гласно за да те слушнат?

**Емили:** Викав, да.

**Г-дин Стимсон:** Сега ги познаваш какви што се во нивната агонија и мрак.

**Г-ѓа Гибс** *(импулсивно)*: Симон Стимсон, многу добро знаеш дека тоа не е целата вистина.

(Одговорниот за сцената се појавува на десната страна држејќи го крајот од една мрачна завеса која полека-полека ја затвора сцената. Од далеку се слуша еден часовник, кој полека ги отчукува часовите).

**Одговорниот за сцената:** Повеќето се имаат упокоено во Гровер Корнерс. Уште малку светла се запалени, овде-онде. Шорти Хокинс, долу на железничката станица го гледа возот за Олбани, којшто помина без да застане. И во јавната коњушница некој е заседнат и разговара. Еве, времето се отвора. Излегуваат ѕвездите; ги продолжуваат нивните стари, предвечно нацртани патувања на небото. Мудрите уште немаат одлучено, но се гледа дека горе не постојат живи. Има само една топка од глина… или од оган. Само оваа ѕвезда тука се бори, секој час се труди да се случи нешто. Напорот е толку голем што на секои шеснаесет часа сиот свет се испружува и се одмара малку. *(Си го навива часовникот).* Хм… Единаесет часот е во Гровер Корнерс. Одете и вие да се одморите. Добра ноќ.[11]

превод од грчки јазик: Епископ стобиски и Местобљуститeл струмички Давид

од:
Χρυσόστομος Α. Σταμούλης
ΚΑΛΛΟΣ ΤΟ ΑΓΙΟΝ
Προλεγόμενα στη φιλόκαλη αισθητική της Ορθοδοξίας
Εκδόσεις ΑΚΡΙΤΑΣ, Νέα Σμύρνη, 2008.

*11 T. Wilder, Η μικρή μας πόλη, μτφρ. Η. Βολανάκη, εκδ. Ίκαρος, Αθήνα, 1957, σ. 76 – 84. (заб. прев: сосема кратки делови од дијалогот не се застапени во овој превод).*

# ДИМИТРИЈ ОБОЛЕНСКИ

# ВИЗАНТИСКОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ИСТОЧНА ЕВРОПА, ПРВ ДЕЛ: КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ

Сигурен сум дека нема да очекувате да имам сеопфатен пристап кон една толку опширна тема. Пред да Ви кажам на кој начин намерувам да ја стеснам, ќе Ве замолам за момент да размислите за рамката во којашто би требала да се смести расправата за оваа тема. Навистина, тоа е широка рамка. Ја вклучува долгата и разнолика историја на политичките, дипломатските и црковните односи на Византиската Империја со народите од Источна Европа. Овие односи потекнуваат од два конвергентни пориви: од потребите, обично одбранбени, на надворешната политика на Империјата, и од желбата на источноевропските народи (коишто биле вовлечени во орбитата на Византија) да посегнат по плодовите од нејзината цивилизација, како и да црпат од изворот на нејзиниот технолошки напредок.

Значи, за да се зборува за византиското влијание врз Источна Европа, треба да се земат предвид две појави: проширувањето на византиската цивилизација северно од границите на Империјата и реакцијата на овој христијански и императорски предизвик од страна на негркофоните источноевропски народи – првенствено Словените и Романците. Во оваа дијалектичка смисла, зборот „влијание“ го има горе-долу значењето „акултурација“ – што е контроверзен термин земен од речникот на антрополозите, на кого некои историчари сè уште гледаат со одвратност. Но, тој може сега да ни послужи, особено ако се потсетиме на дефиницијата на францускиот историчар Алфонс Дупронт: „L'acculturation sera le mouvement d'un individu, d'un groupe, d'une société, même d'une culture vers une autre culture, done un dialogue, un enseignement, une confrontation, un mélange, et le plus souvent une épreuve de force“.[1]

За стеснувањето на мојата тема: од долгата историја на византиското соочување со народите од Источна Европа, предлагам да се одберат три моменти; секој од нив опфаќа еден животен век, а секој од тие животни векови се однесува на некој човек кој имал активна улога во ова соочување. Сите тројца припаѓале, до извесна мера, на две култури: грчката и словенската и сите претставувале мост меѓу двете. Ќе Ве повикам преку нивните напори, неуспеси и постигнувања да го мерите влијанието на Византија врз народите на Источна Европа.[2]

Првиот од нив живеел кон крајот на деветтиот век, време кога Империјата, откако кратко време пред тоа излегла од иконоборската криза, влегла во период на силен раст и кога нејзината цивилизација, навлегувајќи длабоко во срцата на Источна Европа, почнала да ја стекнува верноста на словенскиот свет. Тукушто било откриено моќното средство за здобивање на таа верност: старословенскиот јазик, развиен и рафиниран од страна на византиските мисионери Кирил и Методиј, кој иако бил образуван според грчкиот јазик, сепак во раниот среден век бил доста близок до родниот јазик на Словените. Нашиот прв протагонист се наоѓа во самата зора на оваа култура: Словен по раѓање, од првата генерација на ученици на Кирил и Методиј. Неговото име е Климент Охридски.

Климент Охридски е роден веројатно околу 840 година. Бил бугарски Словен. Нашето познавање на неговиот живот е извлечено од два грчки

1 *„Акултурацијата е движење на поединец, група, општество или една култура, кон една друга култура, кое дава дијалог, надоградба, конфронтација, мешање, и најчесто мерење на силите“ (заб. прев.) «De I'Acculturatiori», XIIe Congrès International des Sciences Historiques, Rapports, I: Grands Thèmes (Vienna, 1971), стр. 8.*

2 *Овој текст е извадок кој не ги опфаќа сите три спомнати личности, туку само првиот дел кој се однесува на првата од овие три личности (заб. прев.)*

средновековни документи: таканареченото „Долго житие“ на Климент, кое е анонимно, а му се припишува – заради причини кои за мене се убедливи – на Теофилакт, охридскиот архиепископ; и второто „Кратко житие“, исто така анонимно, а му се припишува – со подеднакво цврсти аргументи – на Димитриј Хоматијан, архиепископ охридски во првата половина на тринаесеттиот век.[3]

Централниот податок од Климентовиот живот е неговата присна врска со делото на Кирил и Методиј. Тоа е потврдено од Теофилакт, кој ни кажува дека Климент сакал својот живот да го устрои по углед на животот на Методиј „чијшто живот го знаеше како никој друг, бидејќи од неговата младост го следеше и со своите очи ги виде сите нешта што ги направи неговиот учител“.[4] Прашање е колку буквално би можеле да го сфатиме овој прилично неодреден израз. Некои историчари изведуваат заклучок дека Климент во младоста живеел со Методиј во еден од манастирите на планината Олимп во Витинија, а потоа, во зимата 860-861 година, ги придружувал Методиј и неговиот брат Константин – Кирил во нивната мисија кај Хазарите, на Кавкаските планини. Ова е возможно, но воопшто не е сигурно.

Помалку проблематична е улогата што Климент морал да ја има во изготвувањето на словенската азбука. Оваа азбука, за која повеќето научници сметаат дека била глаголицата, е приспособена за словенскиот дијалект во јужна Македонија и оформена врз основа на стариот црковнословенски јазик, за чијашто клучна улога како канал за пренесување на византиската литература до Словените укажав во моите воведни забелешки. Неколку современи извори тврдат дека Константин, изумителот на словенската азбука, имал повеќе соработници.[5] Не е тешко да се верува дека Климент бил еден од нив.

Во документите кои се однесуваат на кирило-методиевската мисија во Моравија, којашто траела од 863 до 866 година, не можеме да најдеме посебно спомнување на Климент, освен општиот податок на Теофилакт, дека тогаш бил еден од главните ученици на Константин и Методиј. Сепак, би морале да претпоставиме дека бил во Моравија и им помагал на своите учители да ги преведат Литургијата и Светото Писмо од грчки на словенски јазик и да создадат, во срцето на Централна Европа, родна словенска Црква, под заедничкото покровителство на Византија и Рим; борејќи се на нивна страна против Франките – непријателите на кирило-методиевската мисија.

Во Јануари 868 година Кирил и Методиј пристигнале во Рим, каде што нивното дело за Словените добило одобрување од папата Адријан Втори. Тука го добиваме првиот позначаен податок за Климент: современиот биограф на Методиј ни кажува дека три ученици на Кирил и Методиј биле, по наредба на папата, ракоположени за свештеници во Рим. Според подоцнежен, веродостоен, средновековен извор[6], еден од нив бил Климент.

Во следните седумнаесет години, не слушаме многу за него. Константин-Кирил умира во Рим во Февруари 869 година, а Методиј, кој е назначен за Панонски архиепископ и папски пратеник помеѓу словенските народи, го посветува остатокот на својот живот на задачата да се изгради словенска Црква во Централна Европа. Претпоставуваме дека Климент, сега свештеник, го придружувал својот учител и работел заедно со него. По смртта на Методиј во 885 година, Климент станува учител и водач. Во жолчните расправи со профранкската фракција, кои се разгореле во Моравија по смртта на Методиј, Климент се јавува како еден од главните претставници на групата словенски ученици. Не по долго време, тие биваат погодени од една неповолност којашто се заканувала да ја уништи нивната целокупна дваесетгодишна работа. Литургијата на словенски била забранета во Моравија, профранкската фракција ја презела власта, а највидните Методиеви ученици, помеѓу кои и Климент, биле уапсени и протерани од земјата.

Тројца од нив, предводени од Климент, се упатиле кон Дунав. Зад таа река се наоѓала Бугарија. Теофилакт, нашиот главен извор за овие настани, ни кажува дека тие копнееле да стигнат до таа земја,

3 *За изданијата на „Долгото житие“ види А. Милев: „Гръцките жития на Климент Охридски“ (Софиа, 1996) стр.76-146; N. L.Tunickij, Monumenta ad SS Cyrilli et Methodii successorum vitas resque gestas pertinentia (London: Variorum Reprints, 1972), стр. 1-140. „Краткото житие“ е објавено од И. Иванов „Български старини из Македония“ (Софиа, 1970: реиздание) стр. 314 - 321, и А. Милев, op. cit., стр. 174-182.*

4 *Милев, стр. 130; Tunickij, стр.124.*

5 *Vita Constantini, xiv, 13, Vita Methodii, v. 10: F. Grivec and F. Tomsic, Constantinus et Methodius Thessalonicenses. Fontes (Zagreb, 1960), стр. 129, 155.*

6 *И. Иванов, op. cit., стр. 312.*

надевајќи се да најдат утеха таму.[7] Изборот на Бугарија, ако воопшто бил избор, се покажал оштроумен. Бугарскиот владетел Борис бил Христијанин одвај дваесет години, но се чини дека бил доста свесен за предностите – и световни и духовни – кои произлегле од прифаќањето на грчкото Христијанство и од учеството во византискиот цивилизациски комонвелт. Но, постоела една работа што ја расипувала добрата слика: клириците коишто дејствувале во Бугарија, биле, барем нивните високи ешалони, византиски мисионери, од кои малкумина воопшто имале некакво знаење на словенскиот јазик. Црковните служби се одвивале на грчки јазик, којшто бил во голема мера непознат за локалното свештенство. Заради тоа, Борис имал причина да стрепи дека грчкиот клир, којшто ја контролирал Црквата, можел да се покаже орудие за византиската доминација; само преку здобивање на локално свештенство и словенофона Црква Бугарите можеле безбедно да продолжат да ја примаат византиската цивилизација, без ризик дека ќе ја загубат својата културна автономија. Борис тешко можел да не биде информиран за постигнувањата на кирило-методиевската мисија во Моравија. Од своја страна, прогонетите Методиеви ученици – особено Климент којшто бил родум Бугарин – морале да бидат свесни дека нивното искуство во градењето на словенофоно Христијанство може да биде корисно за Борис, во дилемата во којашто се нашол. И, навистина, Теофилакт ни вели дека Борис „жеднеел за такви луѓе“.[8]

Климент и неговите двајца придружници го преминале Дунав на импровизиран сплав и стигнале во Белград, којшто во тоа време бил погранечен град во Бугарија. Неговиот воен управител, којшто се чини дека бил свесен за стравовите и надежите на Бориса, бргу ги упатил до неговиот господар. Од тој миг – веројатно е тоа 886 година – започнува последниот и најпродуктивниот период во Климентовиот живот. Бил испратен од Борис во Македонија каде што ќе работи триесет години, проповедајќи го Евангелието на словенски јазик, служејќи Литургија на словенски јазик, а според византиски обред, преведувајќи ги грчките верски писанија и обучувајќи го локалното свештенство. Во 893 година бил назначен за епископ. Точното место на неговото седиште, Дремвица, или како што денес би требало да го читаме: Драгвишта,[9] сè уште е предмет на научни спорови. Но, вистинскиот центар на Климентовите мисионерски активности и неговото омилено прибежиште, бил градот Охрид, покрај прекрасното истоимено планинско езеро. Во текот на седум години, според Теофилакт, тој обучил 3500 ученици[10] – восхитувачко, но можеби не и невозможно постигнување. Неговата дејност не била ограничена на духовната и културната сфера. Неговиот биограф ни кажува дека со цел да го подобри локалното земјоделство, тој донел во својата Македонска епархија секаков вид овошни дрва „од земјата на Грците“.[11] Благодарение на свети Климент, Охрид како негов




7 *Милев, стр. 116; Tunickij, стр. 110*

8 *Милев, стр. 120; Tunickij, стр. 114.*

9 *P. Gautier, “Clément d’Ohrid, évêque de Dragvista», Revue des Etudes Byzantines, xxii (1964), стр. 199 - 214.*

10 *Милев, стр. 126; Tunickij, стр. 120. Cf. R. Browning, Byzantium and Bulgaria (London, 1975), стр. 155.*

11 *Милев. стр. 134; Tunickij, стр. 128.*

историски центар на северниот и централниот дел од Македонија, станал водечки центар на словено-византиската култура во раната средновековна Европа. Истовремено, на другиот, североисточен крај на земјата, во Бугарската престолнина Преслав, се развивала друга школа на словенската литература, под покровителство на Симеон, Борисовиот син и наследник. Веројатно токму таму, во последните години на деветтиот век, глаголското писмо измислено од Константин-Кирил било заменето со поедноставната кирилична азбука, која во голема мера е адаптација на грчката алфабета. Големата сличност на кирилицата со грчкото писмо ѝ дале престиж и долгосежност. До денешен ден, како што знаете, азбуките на Бугарите, Србите и Русите се базирани на кирилицата.

Кога Климент умрел во 916 година, делото на Кирил и Методиј, прогонето од неговото изворно подрачје на мисионерење во Централна Европа, донело плод во Бугарија, во местото каде што било прифатено. Токму поради прогонот на светиот Климент и неговите придружници, делото на полагањето на темелите на сложената култура – словенска во форма, а византиска во содржина, била запазена за Европа и за Словените. Климент го проширил делото на неговите учители, Кирил и Методиј.[12] Тие биле Грци, тој бил Словен. Но, сите тројца се простирале во двата света, работејќи за денот кога оваа грчко-словенска култура ќе стане заедничко наследство за народите на Источна Европа.

Илјада години по смртта на свети Климент ова е, во голема мера, постигнато. Ширењето на север на византиското Христијанство и успешниот развој на кирило-методиевската традиција, до 1000 година ги имаше доведено словенските народи на Источна Европа – Србите, Русите и Бугарите – во византиската културна заедница.

Меѓутоа не значи дека со тоа беше осигурен опстанокот на оваа заедница, со нејзината двојазична грчко-словенска култура. Нејзината словенска компонента, послабиот дел, требаше да биде прифатен, поддржан и потпомогнат од оние културно понапредни членови на византискиот комонвелт, чијшто мајчин јазик беше грчкиот.

Во оваа прилика не би можел да го отворам комплексното прашање за тоа колку словенската Литургија ја уживала поддршката на византиските власти. Ќе кажам само дека, според моето сфаќање, византискиот однос кон кирило-методиевската традиција бил амбивалентен, дека оваа традиција во Византија имала свои критичари, но и подражавачи, и дека во оние предели со словенско население, кои биле дел од империјата, или близу до неа, често била практикувана јазична и културна хеленизација.[13]

Превод од англиски јазик: Архимандрит Иринеј (Стефановски)
Извадок од: Dimitri Obolensky: The Byzantine Impact on Eastern Europe, The Byzantine Inheritance of Eastern Europe. Variorum Reprints, London 1982.

*12 За свети Климент види: И. Снегаров: „Свети Климент Охридски“ (Софиа, 1927), Б. Ст. Ангелов и други, Климент Охридски 916-1966 (Софиа, 1966).*

*13 За односот на Византија кон кирило-методиевската традиција види Д. Оболенски: „Византискиот Комонвелт“ (Лондон, 1971), стр. 150-153.*

Епископ Будимски Данило (Крстиќ)

# Без причеста не можете ништо!

*(извадоци од различни аудио записи на обраќања на Епископот Данило)*

## *Различни аспекти на современата цивилизација*

Мојот професор, руски емигрант во Америка, често велеше: „Историјата е мистерија!", бидејќи човекот е роден во атмосфера на слободата. Планетава има две обвивки, првата е кислород, којшто го вдишуваме заедно со животните, а другата е слободата, која ја мирисаме со ангелите. А природонаучниците, тие знаат дека постојат и други електромагнетни атмосфери. Значи, секое поколение доаѓа да полага ист испит во слободата.

Триаголникот на слободата е: Бог на небесата - надвор од космосот, сатаната на облаците и јас на земјата. Секој може да ја одбере несебичната троична љубов. Кога ќе ги собереме трите прсти, доколку палецот е Отецот, показалецот е Синот, а големиот прст е Духот Свети, со тоа покажуваме дека секој од Тројцата ги љуби другите Двајца, а не се сака самиот себе[1]. Затоа постојат два вида луѓе: Божјите луѓе - кои ги љубат и другите луѓе околу себе си, и сатанските луѓе - кои си се сакаат само себе си. Достоевски, како што ви е познато, во „Браќа Карамазови" пронашол и трет тип на луѓе - слободни луѓе: Иван е сатанист, Алексеј е Христољубец, а Димитриј е неопределен. Младиот човек може да живее до 30 години со некое хоби: клавир или хемија, како да не постојат ниту Бог, ниту сатаната, а кога некој од блиските роднини ќе му умре, тогаш тој се прашува: „А, дали постои тоа за што зборуваат поповите, воскресението? Јас толку многу би сакал тоа да е вистински, та да можам повторно мојот роднина да го видам жив". И дури тогаш некои се разбудуваат, околу триесеттата година од својот живот, за онаа најдлабока состојба, и затоа слободата е вртоглав дар, та Бог, заради тоа што секој го сака, се покажува ранлив[2]. Зошто? Заради тоа што љубовта не се изнудува...

## *Благородството обврзува*

Секако дека може помеѓу царевите да биде и некој отпадник како што беше и Иван Грозни во Русија. Него го критикуваше тогашниот московски патријарх Филип. Му рече: „Ти треба да бидеш благ, христијанин, а не да бидеш тиранин", а Иван Грозни заради овие зборови нареди да биде убиен патријархот Филип. Но, Филип за нас стана маченик, а Иван Грозни го очекува Страшниот Суд. Затоа најлошо е кога највозвишениот идеал ќе се профанизира, а тоа се случува кога тиранинот ќе стане цар. Или да го спомнеме разгалениот Саша Обреновиќ, кој рече: „Како може секој селанец да се ожени со онаа селанка со која што сака да се ожени, а мене ми бранат да си ја одберам онаа Машин за жена?" Тој требаше да знае дека благородството обврзува, и заради тоа, оној кој е кандидат за поп или за цар, се жени само со дева, а не може со разведена жена или со вдовица. И од таа страна себе си се има доведено до една тешка ситуација, та поради тоа и една офицерска група го уби; оти царот има задача да даде еден тон, морален тон, како треба нацијата да живее. Царот и патријархот мора да дадат жив пример, оти царот е првото семејство во една

1 *Отецот ги сака Синот и Светиот Дух, а не се сака самиот себе. Синот ги сака Отецот и Светиот Дух, а не се сака самиот себе. Светиот Дух ги сака Отецот и Синот, а не се сака самиот себе (прим. на пр.).*

2 *Бог го сака човекот и му дава слобода на избор. Кога човекот не возвраќа на Божјата љубов со љубов, тогаш Бог се покажува како немоќен, зашто не сака да му ја наруши слободната волја на човекот (прим. на пр.).*

нација. Тој е само прв помеѓу благородните, а сите останати се благородници, оти благородништвото духовно го добиваме со крштевање и со миропомазание. Крштевањето е миење од гревот наследен од Адам, а миропомазанието е печат на дарот од Духот Свети. Печатот стави си го на умот за да можеш да мислиш како Бога, на очите за да гледаш како Бога, на устата за да можеш да зборуваш Божји работи, на рацете да можеш да правиш Божји работи, на нозете за да можеш да одиш по Божјите зборови. Ние, објективно, сите сме станале свети, а подвигот сега се состои во тоа да станеме и субјективно, тоа да продре во нас, да не биде тоа само надворешно одело. Така, тоа за нас е обврска, оти благородството обврзува. Значи, да се однесуваш како светител, да бидеш жива икона на Христос, тоа нам ни е цел и тоа е можно. Тој не би заповедал нешто невозможно, Тој вели: „Не можете ништо да правите без мене“! Тоа значи ништо без Причеста!

Така е тоа љубени мои, кажано е дека секој татко сака синот да му биде посовршен. Но, нашиот Божји Брат, Еден од Троица, Кој стана човек, Исус Христос, Тој кажа, нареди, наизглед нешто невозможно и неостварливо: „Бидете свети како Вашиот Небесен Отец“, а Отец, Бог Отецот е бескрајно совршен. Тоа е еден проект за бесконечно восовршување, кое може да се започне на земјата. Тој вели: „Не можете ништо да правите без мене“. Ништо без Причеста! Бог е еден, како што е едно сонцето, нашата дневна логика. Евреите, Христијаните, монотеистите, ние сме синовите на денот; а ноќната логика е логиката на многубошците, на старите Елини, Словените и денешните Хиндуси. Тие зборуваат: „Колку ѕвезди, толку и богови“, а ние велиме: „Ние сме синови на денот, а не на ноќната митологија“.

превод од српски јазик: презвитер Марко Манојловиќ

# НАСТАНИ

## *28.01.2016*

### Започна судскиот процес против Архиепископот Јован и останатите Епископи, свештеници, монаси и верници на Православната Охридска Архиепископија

После седуммесечно одлагање на закажуваните почетоци на судењето, денес, на 28-ми Јануари 2016 год., во Основниот суд Скопје I, Скопје, започна политички монтираниот судски процес против Неговото Блаженство Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован, двајца Епископи, свештеници, монаштво и верници на Православната Охридска Архиепископија.

Во најголемиот број на меѓународни извештаи, пословичното домашно судство останува една од причините за падот на Р. Македонија, кога е во прашање нормалното функционирање на граѓанското општество. Состојбите со судството особено се нотирани и во извештајот на Прибе, како сегмент, во кој се потребни многу серизони реформи, коишто треба да одведат кон демократизација на нашето општество.

## *05.02.2016*

### Архиепископот Јован учествува на конференцијата „Теологијата во јавната сфера“, во Требиње

На покана од Неговото Преосвештенство Епископот захумско-херцеговачки г. Григориј, Неговото Блаженство Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован зеде учество во Третата годишна конференција, организирана од Епископијата захумско-херцеговачка, со наслов: „Теологијата во јавната сфера“, која се одржува од 4-ти до 6-ти Февруари во Требиње, Босна и Херцеговина.

Неговото Блаженство Архиепископот Јован, на 5-ти Февруари беше еден од говорниците во третата панел-дискусија на тема: „Теологијата и општеството“, со поднаслов: „Учеството на Црквата во работата со затворените лица – можност или обврска“.

## *28.02.2016*

### Архиепископот Јован наполни 50 години од животот

Во неделата на Блудниот син, на 28 Февруари, Неговото Блаженство, Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован наполни педесет години од животот. Тој отслужи Литургија и проповедаше во Ставропигијалниот манастир Св. Јован Златоуст во Битола во сослужение на Неговото Преосвештенство, Епископот брегалнички и Местобљуститeл битолски г. Марко. Покрај многубројниот народ, во Литургијата учествуваа две монахињи од Воскресенскиот манастир Санкт Петербург каде Архиепископот Јован по излегувањето од затвор, во 2015 година, помина три месеци на опоравување. Во манастирската трпезарија тие ја прочитаа честитката од игуменијата на Воскресенскиот манастир во Санкт Петербург упатена до Неговото Блаженство. Верниот народ му го честита јубиларниот роденден на Архиепископот.

## *15.05.2016*

### Соборна Архијерејска Литургија во Призрен

Неговата Светост Патријархот српски г.г. Иринеј началствуваше на светата архијерејска Литургија којашто денеска беше отслужена во соборниот храм „Св. Георгиј“, во Призрен. Нему му сослужуваше Неговото Блаженство Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован, како и повеќе архијереи од Српската Православна Црква, коишто се собрани за почеток на редовното заседание на Светиот Архиерејски Собор.

## 21.05.2016

### Четири години од полицискаta бруталност и почетокот на новиот судски прогон против Архиепископот Јован и Православната Охридска Архиепископија

На денешен ден, пред четири години, полицијата упадна во повеќе манастири на Православната Охридска Архиепископија како и во домови на повеќе нејзини припадници, и по наредба на власта покажа невидена бруталност. При овој државен прогон врз верска основа, Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован, иако веќе се наоѓаше во затвор, што значи дека немаше можност да не се јавува пред судот, сепак беше префрлен во многу посуровите услови на притвор.

## 22.05.2016

### Архиепископот охридски Јован богослужеше во Соборниот храм во Белград

Неговото Блаженство Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован, во Неделата на Раслабениот, богослужеше во Соборниот храм „Свети Архангели“, во Белград, во сослужение на повеќемина свештенослужители.

После прочитаното евангелско чтение, пред собраниот народ, Архиепископот охридски г.г. Јован изговори вдахновена беседа.

## 16.06.2016

### Архиепископот Јован пристигна на Крит

Неговото Блаженство Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован како претстоител на канонската Црква во Р. Македонија, Православната Охридска Архиепископија, пристигна на Крит, на Светиот и Велик Собор на Православната Црква, којшто се одржува од 17 до 26 Јуни. Архиепископот Јован се наоѓа во состав на делегацијата на Пеќката Патријаршија.

## 24.06.2016



### Вселенскиот Патријарх Вартоломеј кон Архиепископот охридски Јован: Ви благодариме што останавте верен на Православието!

Учеството на Неговото Блаженство Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован на Светиот и Велик Собор, којшто се одржува на Крит, Р. Грција, предизвика голем медиумски интерес.

Повеќе црковни и световни средства за информирање, со особено внимание го проследија учеството на Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован на гореспоменатиот историски настан на Крит.

Медиумите посебно ги истакнуваат зборовите на Неговата Сесветост Патријархот константинополски и вселенски г.г. Вартоломеј, коишто тој, од името на сите Претстоители што учествуваат на Светиот и Велик Собор, ги упати кон Блаженејшиот Архиепископ охридски и Митрополит скопски г.г. Јован, велејќи: „Ве ставија во затвор и истрајавте! Ви благодариме што останавте верен на Православието! Ви благодариме што останавте верен на канонскиот поредок“!

Архиепископот охридски Јован, како што пренесуваат истите медиуми, имаше свое забележливо учество во работната сесија, која ја третираше темата - автономијата во Православната Црква. Објаснувајќи ја положбата на канонската Православна Црква во Р. Македонија, Православната Охридска Архиепископија, и проблемот со расколот на МПЦ, Архиепископот охридски Јован го поддржа текстот за автономијата и побара во него да не се прават никакви измени, затоа што тој текст

целосно точно ги третира сите прашања поврзани со автономијата на една Црква.

## *26.06.2016*

### Со света Архиерејска Литургија заврши Светиот и Велик Собор на Крит

Со црковно благолепие, во неделата на Сите Светители, во храмот на светите Апостоли Петар и Павел, во Хања, беше отслужена света Архиерејска Литургија на којашто началствуваше Неговата Сесветост константинополскиот и вселенски Патријарх Вартоломеј, во сослужение на Претстојателите на помесните православни автокефални Цркви, коишто учествуваа на Светиот и Велик Собор.На Литургијата молитвено присуствуваше и Претстојателот на канонската црква од Р. Македонија, Православната Охридска Архиепископија, Неговото Блаженство Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован. Со денешната Литургија и официјално заврши Светиот и Велик Собор на Крит, којшто траеше од 17 до 26 Јуни, оваа година.

## *15.09.2016*

### Архиепископот Јован на научен симпозиум во Бар

Во Бар, Црна Гора, се одржува научен симпозиум на тема „Светиот Јован Владимир низ вековите". На овој научен собир учествуваат околу 50 научници од девет држави, а соборот свечено беше отворен денес од страна на Архиепископот цетињски и Митрополит црногорско-приморски г. Амфилохиј.

Неговото Блаженство Архиепископот охридски и Митополит скопски г.г. Јован е претседател на научниот одбор, но и еден од учесниците во научната конференција. Неговото излагање беше во првата сесија од првиот ден на конференцијата, а на тема: „Кој бил архиепископ охридски во времето на погубувањето на Јован Владимир?"

## *20.09.2016*

### Архиепископот Јован избран за почесен доктор на Народниот и Каподистриски универзитет во Атина

Неговото Блаженство, Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован избран е за почесен доктор на Народниот и Каподистриски универзитет во Атина, а на предлог на Теолошкиот факултет во Атина, за богатото академско дело, но и за неговата жртва за единството на Црквата.

Пред Генералното собрание на Теолошкиот факултет, реферат за делото на Архиепископот охридски Јован поднеле професорите: Митрополитот Авиду г. К. Катерелу, професорот г. Е. Карагеоргуди и претседателот на одделот Сотириос Деспотис.

Промоцијата на почесниот докторат ќе се изврши свечената сала на Народниот и Каподистриски универзитет во Атина во Мај, 2017 година. На таа свеченост Архиепископот Јован ќе одржи омилија.

## *25.09.2016*



### Осветување на храмот посветен на светиот Јован Владимир, Бар, Црна Гора

Неговото Блаженство Патријархот јерусалимски и на цела Палестина г.г. Теофил III, во сослужение на Неговата Светост Патријархот српски г.г. Иринеј, Неговото Блаженство Архиепископот на Тирана и цела Албанија г.г. Анастасиј, Неговото Блаженство Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован и претставници од сите помесни православни Цркви, на 25 Септември 2016 год., го освети соборниот храм посветен на светиот Јован Владимир, во Бар, Црна Гора, и во него отслужи света Архијерејска Литургија.

## 02.10.2016

### Православната Охридска Архиепископија ги прославува 1100 години од упокоението на светиот Климент Охридски

Оваа 2016 година се навршуваат 1100 години од блаженото упокоение на светиот Климент, Охридскиот Чудотворец, којшто се упокоил на 27 Јули 916 година. Овој значаен јубилеј Православната Охридска Архиепископија го одбележува на повеќе и различни начини. Централната прослава на 1100 годишнината од упокоението на светиот Климент Охридски, со црковно благолепие, се одржа на 1. и 2. Октомври во Ставропигијалниот манастир „Св. Јован Златоуст“, Нижеполе, Битола.

На 2. Октомври беше отслужена света Архиерејска Литургија на којашто началствуваше Неговото Блаженство Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован, во сослужување на Архијереите: Епископот врањски г. Пахомиј, Митрополитот на Китрус и Катерини г. Георгиј, Епископот тимочки г. Иларион, Епископот полошко-кумановски и Местобљустител дебарско-кичевски г. Јоаким, Епископот брегалнички и Местобљустител битолски г. Марко и Епископот стобиски и Местобљустител струмички г. Давид, и бројно свештенство од различни епархии на повеќе помесни Цркви, како и монаси, претставници на светогорскиот манастир Хиландар.

## 14.10.2016

### Архиепископот г.г. Јован за празникот Покров на Пресвета Богородица богослужеше во Куманово

Празникот Покров на Пресвета Богородица е слава на параклисот на полошко-кумановската Епископија, во градот Куманово. На покана од Преосвештениот Епископ полошко-кумановски и Местобљустител дебарско-кичевски г. Јоаким, денешниот празник беше прославен торжествено, со света Архиерејска Литрургија на којашто началствуваше Неговото Блаженство Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован. Нему му сослужуваа Нивните Преосвештенства, Епископот врањски г. Пахомиј од Пеќската Патријаршија, и Архиерејите од Охридската Архиепископија, Епископот брегалнички и Местобљустител битолски г. Марко, Епископот стобиски и Местобљустител струмички г. Давид, домаќинот Епископ полошко-кумановски и Местобљустител дебарско-кичевски г. Јоаким, како и свештеници од различни Епископии, додека на певницата пееа монахињи од врањската Епископија.

## 30.10.2016



### Епископот Марко во посета на Епархијата франкфуртска и на цела Германија

Неговото Преосвештенство Епископот брегалнички и Местобљустител битолски г. Марко, по покана на Неговото Преосвештенство Епископот на Франкфурт и на цела Германија г. Сергиј, беше во четиридневна посета на споменатата Епархија.

## 20.11.2016



### 1100 години од упокоението на свети Климент во Веријската Митрополија

1100 годишнината од упокоението на светиот Климент Охридски, беше прославена со торжествено сеправославно Архиерејско сослужување, со црковно благолепие и пригодни свечености во Веријската Митрополија, кадешто се чува чесната и

мироточива глава на светиот Климент Охридскиот Чудотворец. На 20 Ноември, во митрополитскиот храм, посветен на светите Апостоли Петар и Павле, беше отслужена свечена Архиерејска Литургија. На Литургијата началствуваше Неговото Високопреосвештенство Митрополит севастијски г. Димитриј од Константинополската Патријаршија. Од канонската Црква во нашата татковина, Православната Охридска Архиепископија, на Литургијата сослужуваше Неговото Преосвештенство Епископот стобиски и Местобљуститељ струмички г. Давид. На Литургијата сослужуваа и Архиереји од повеќе Патријаршии и Архиепископии.

## *26.11.2016*

### Прослава на именденот на Архиепископот Јован

Со црковно велелепие беше прославен празникот на светиот Јован Златоуст, именденот на Неговото Блаженство Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован, што е воедно и слава на Ставропигијалниот манастир „Св. Јован Златоуст", во Битола.

Радоста на празникот беше зголемена со посетата на извесниот православен теолог, Неговото Високопреосвештенство Митрополитот на Месогеја и Лавреотики од Црквата на Грција, г. Николај, кој пристигна за прославата на празникот, на поканата на Архиепископот Јован. Митрополитот Николај началствуваше на вечерната и утрената служба од бдението, а Неговото Блаженство Архиепископот Јован, началствуваше на Архиерејската Литургија која следуваше во продолжение, во сослужение со Митрополитот Николај и Преосвештените Епископи на Православната Охридска Архиепископија брегалничкиот и Местобљуститељ битолски г. Марко и стобискиот и Местобљуститељ струмички г. Давид и свештенослужители од повеќе епархии на Православната Охридска Архиепископија, како и од Митрополијата на Месогеја и Лавреотики, близу Атина. За благолепието на службата се погрижија псалтите од хорот „Пријателите на Кареја", кои негуваат светогорско пеење, под раководство на протопсалтот Владимир Симиќ, од Белград.

## *30.11.2016*



### Молитвено испраќање на Епископот јегарски Јероним

Светоархангелскиот манастир во Ковиљ, на 29-ти Ноември, оваа година, беше место кадешто се собраа Епископи, свештеници, монаси, не само од Српската Православна Црква, туку и од другите помесни Православни Цркви, како и роднини, пријатели, личности коишто го почитуваа Епископот јегарски Јероним, многуброен верен народ од сите краишта на Бачка, кои дојдоа на закопот на новопретставениот Епископ јегарски Јероним. На Светата заупокоена Литургија началствуваше Неговото Блаженство Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован во сослужување на Архиереји од повеќе црковни јурисдикции.

## *04.12.2016*

### На празникот Воведение на Пресвета Богородица во храмот, Архиепископот Јован служеше во манастирот Успение на Пресвета Богородица во Лагово – Прилеп

На празникот Воведение на Пресвета Богородица во храмот, Неговото Блаженство, Архиепископот охридски и Митрополит скопски г.г. Јован служеше и проповедаше во манастирот Успение на Пресвета Богородица во с. Лагово – Прилеп.

На големиот вход на Литургијата, Архиепископот го одликува настојателот на манастирот, јеромонахот Мојсеј (Тодоровски) со надграден крст, со право на носење, во и надвор од манастирот.





*Од прославата и повеќеархиерејското сослужување по повод 1100 години од упокоението на светиот Климент Охридскиот Чудотворец, во Ставропигијалниот манастир „Свети Јоан Златоуст“, Нижеполе, Битола, 2 Октомври 2016 година*

poa-info.org